Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 310, 15 ноември 2022 година

ноември 2022 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**С О Д Р Ж И Н А**

РЕФЕРАТ за избор на наставник за наставно-научната област електротехника и неконвенционални извори на енергија и технологии на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 5

РЕФЕРАТ за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област фискална економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип........ 14

РЕЦЕНЗИЈА на докторска дисертација со наслов „Теоретска и експериментална студија за примена на електрохемиски регенеративни електродни механизми во аналитиката на лекови во услови на циклична скалеста волтаметрија“, пријавена на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

РЕЦЕНЗИЈА на докторската дисертација „Гастрономијата како фактор за развој на угостителството и туризмот во република северна македонија” од м-р Горан Антониевски, пријавена на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 34

РЕЦЕНЗИЈА за оцена на докторската дисертација „Современи трендови и перспектива за развој на кетеринг услугите“ од кандидатот м-р Зоран Николовски ........ 39

РЕЦЕНЗИЈА на монографија „Шпедицијата во современите услови на промет на стоки” од проф. д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 47

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Ургентна медицина” од доц. д-р Билјана Ефтимова, доц. д-р Татјана Тројиќ и доц. д-р Маја Мојсова-Мијовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот за скрипта „Практикум по физиологија 1“ од доц. д-р Зоран Ханџиски, доц. д-р Ели Ханџиска, асис. д-р Ана Марија Тасева и д-р Стефан Коцев, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 56

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Средновековна книжевност“ – рецензирана скрипта од насл. доц. д-р Милена Ристова-Михајловска, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот со наслов „Механичка текстилна технологија 1”од проф. д-р Соња Јордева и доц. д-р Силвана Жежова, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 63

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Деловна етика и комуникација“ (учебник) од проф. д-р Александра Жежова, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 65

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Синтакса на англискиот јазик 1 –рецензиран практикум” од доц. д-р Сашка Јовановска, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 69

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Практикум по фонетика и фонологија на англискиот јазик” од доц. д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 72

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Синтакса на англискиот јазик 1 –рецензирана скрипта” од доц. д-р Сашка Јовановска, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 74

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Фонетика и фонологија на англискиот јазик” од доц. д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 76

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Нации и национализам“ од проф. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 78

ПРЕГЛЕД на прифатени теми за изработка на докторски трудови од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 ........ 81

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 82

ИСПРАВКА на техничка грешка ........ 83

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И НЕКОНВЕНЦИОНАЛНИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА И ТЕХНОЛОГИИ НА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1802 - 84/4 од 29.9.2022 година донесена на 184. седница на Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет, одржана на 29.9.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник за областите електротехника и неконвенционални извори на енергија и технологии на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Слободен печат” на 15.9.2022 година и во предвидениот рок се пријави д-р Драган Миновски, вонреден професор од наставно-научната област електротехника и неконвенционални извори на енергија и технологии.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Драган Миновски е роден на 4.2.1980 год. во Скопје, каде што ги завршува основното и средното образование. Во 2004 година дипломира на Електротехнички факултет во Скопје на насоката Електроенергетика. Постдипломските студии ги завршува на Технички универзитет во Братислава, Словачка, на Факултетот за електротехника и информатика, со успешна одбрана на докторска дисертација на 25.8.2009 год., од областа на електротехника и електроенергетика, со наслов „Влијанието на обновливите извори на електрична енергија врз системските услуги во електроенергетскиот систем и функционален модел за пазар на системски услуги и регулациона енергија во Република Македонија“, со што се стекнува со академски степен доктор на технички науки.

**Општи услови за избор**

***Д-р Миновски ги исполнува законските и подзаконските услови за избор во звање редовен професор и тоа:***

- Д-р Миновски има научен степен доктор на технички науки;
- Со Одлука бр. 1802-70/4 од 18.4.2017 г. д-р Миновски е избран за вонреден професор од областите електротехника и неконвенционални извори на енергија и технологии од Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“.
- Има објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавување на огласот за избор од соодветната област во меѓународни списанија или меѓународни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание |
|---|---|---|---|
| **1.** | Vasilija Sarac, **Dragan Minovski**, Peter Janiga | *„Parametric Analysis for Performance Optimization of Line-Start Synchronous Motor with Interior Asymmetric Permanent Magnet Array Rotor Topology”* | Computational Intelligence Application in Electrical Engineering, MDPI St. Alban-Anlage 66 4052 Basel, Switzerland, ISBN 978-3-0365-4696-4, 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** | Vasilija Sarac, Goce Stefanov, **Dragan Minovski** | *„Comparative analysis of synchronous motors”,* | *15 INTERNATIONAL CONFERENCE ON APPLIED ELECTROMAGNETICS, , August 30 - September 01, 2021, Niš, Serbia, University of Niš, Faculty of Electronic Engineering* |
| **3.** | Vasilija J. Sarac, **Dragan I. Minovski**, Goce G. Stefanov, | *„Virtual Laboratories - an Innovative Concept in Teaching of Electrical Engineering“* | 24th International Conference on Information Technology (IT) Zabljak, 18 – 22 February 2020 |
| **4.** | Vasilija Sarac, Goce Stefanov , **Dragan Minovski** | *„Comparative analysis of synchronous motors”* | *JET Volume 14 (2021) p.p. 35-45 Issue 3, November 2021* |
| **5.** | **Миновски Драган** | *„Предизвици на македонската енергетика за време на енергетската транзиција“* | Предизвици број 5 март 2020, стр. 56-64. ISSN 2671-3209 |
| **6.** | **Миновски Драган**, Василија Шарац, Ангела Најдоска, Тина Манолева | „Модел на енергетски задруги во Република С. Македонија“ | Зборник на трудови ЕНЕРГЕТИКА 2020, Струга 2020 |
| **7.** | **Миновски Драган**, Василија Шарац, Ангела Најдоска | *Анализа на можностите за инсталирање на фотоволтаични електрани на домовите во Кичевскиот регион“* | *Зборник на трудови ЕНЕРГЕТИКА 2020, Струга 2020* |
| **8.** | Sara Aneva, **Dragan Minovski**, Vasilija Sarac | *„Power-To-X Technologies”* | *First International Conference ETIMA, CONFERENCE PROCEEDINGS, 19-21 October 2021* |
| **9** | Marija Sterjova, **Dragan Minovski**, Vasilija Sarac | *„Battery energy storage systems and technologies”,* | *First International Conference ETIMA, CONFERENCE PROCEEDINGS, 19-21 October 2021* |
| **10** | Vasilija Sarac, Goce Stefanov, **Dragan Minovski** | *Speed regulation of induction motor with PWM Invertor* | *First International Conference ETIMA, CONFERENCE PROCEEDINGS, 19-21 October 2021* |

– Има објавено рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира и тоа:
Универзитетски учебник
**Миновски Драган** „Пазари на електрична енергија“, Универзитет „Гоце Делчев“, 2022, ISBN: 978-608-244-914-2, http://e-lib.ugd.edu.mk/1077.

**Посебни услови:**

- Д-р Миновски има сертификат за владеење на англиски јазик;
- Под негово менторство се изработени дипломски трудови;
- Учествувал во научноистражувачки проекти (наведени подолу во извештајот);
- Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници
- (учествува во изработка и одбрана на дипломски трудови);
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето (наведени во табела составен дел од овој извештај).

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот д-р Миновски во периодот 2011-2015 година како насловен доцент на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип изведува настава на прв циклус студии и тоа по предметите: Системи за квалитет и стандарди во електротехника, Релејна заштита, Фотоволтаична конверзија на сончева енергија, Енергија од биомаса, Основи на автоматско управување, Системи за далечинско и дистрибуирано управување и Мехатроника. Д-р Миновски е автор и на рецензирана скрипта по предметот Системи за квалитет и стандарди во електротехника. На втор циклус студии д-р Миновски на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во истиот период, беше ангажиран по предметот SCADA системи. Во периодот 2011 - 2015 година д-р Миновски е рецензент во Рецензентска комисија за избор на наставници и соработници при Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Во период 2015-2022 година д-р Миновски како вонреден професор изведува настава на прв циклус по предметите: Електротехника 2, Производни и разводни постројки, Геотермална енергија и енергија од биомаса, Соларни енергетски системи, Релејна заштита, Пазари на електрична енергија и Преносни и дистрибутивни системи. Во истиот период е ангажирана на втор циклус како предметен професор по предметите: Складирање на енергија и „power to x” технологии.

Во период 2017-2019 година д-р Миновски беше избран за претседател на Управниот одбор на АД ЕЛЕМ, каде што ја извршуваше и функцијата генерален директор.

Во период 2015-2022 година д-р Миновски е ментор на повеќе дипломски работи. Во споменатиот период д-р Миновски е активно вклучен во реакредитација на студиските програми на прв и втор циклус како член на Комисијата за реакредитација на студиските програми на Електротехничкиот факултет при УГД.

Д-р Миновски учествува и во изработката на Елаборатот за акредитација на трет циклус на студии при Електротехничкиот факултет.

Д-р Миновски е автор на поголем број трудови во периодот од 2004 до мај 2011 година на меѓународни конференции и симпозиуми и учесник во научноистражувачки проекти. Активности и објавените трудови до период мај 2011 година се евалуирани и објавени во Универзитетски билтен бр. 60 на Универзитет „Гоце Делчев“. Д-р Миновски е автор на поголем број трудови во периодот од 2011 до декември 2015 година на меѓународни конференции и симпозиуми, во меѓународни списанија и учесник во научноистражувачки проект. Активностите и објавените трудови во периодот од 2011 до декември 2015 година се евалуирани и објавени во Универзитетски билтен бр. 164 на Универзитет „Гоце Делчев“.

Во период од 2015 до 2022 година д-р Миновски објавува поголем број научни трудови во научни списанија и зборници од научни собири и тоа:

Научен труд објавен во списание со импакт фактор базата Web of Science na Thomson Routers(Science Citation Index Expanded):

1. Vasilija Sarac, **Dragan Minovski** and Peter Janiga, (2022) “Parametric Analysis for Performance Optimization of Line-Start Synchronous Motor with Interior Asymmetric Permanent Magnet Array Rotor Topology”, Computational Intelligence Application in Electrical Engineering, MDPI St. Alban-Anlage 66 4052 Basel, Switzerland, ISBN 978-3-0365-4696-4, 2022

Во трудот се анализирани синхроните мотори со линиско стартување, кои имаат сè поголем интерес кај истражувачите како соодветни замени на асинхроните мотори поради

нивната висока ефикасност. Во истражувањето се земени различни топологии на роторот со различни локации на магнетот за еден избраниот мотор. Притоа се врши оптометриска анализа со цел да се најде најдобрата конфигурација. Надворешните димензии на моторот останаа непроменети во споредба со стартниот модел на моторот, кој е производ на компанијата „Кончар". Оптимизираниот модел даде поголема ефикасност, фактор на моќност и способност за преоптоварување од почетниот модел, заедно со добри можности за стартување и синхронизација.

2. Sarac Vasilija, Atanasova-Pacemska, Tatjana, **Minovski Dragan**, Cogelja, Goran, Smitkova Miroslava and Schulze Christian (2015) "Optimized and numerical models of electromechanical devices coupled with computation of performance characteristics", Journal of Electrical Engineering, 66 (1). pp. 40-46, ISSN 1335-3632, http://eprints.ugd.edu.mk/12767/

Трудот дава развој на два модели за пресметка на еднофазен мотор со засечни полови на и индуктивитет кој е составен дел на LCL филтер. И двата модели се оптимизирано во однос на ефикасноста со методот на генетски алгоритми.

Научен труд објавен во меѓународно списание:

3. Vasilija Sarac, Goce Stefanov, **Dragan Minovski** (2021) Comparative analysis of synchronous motors. JET Volume 14 (2021) p.p. 35-45 Issue 3, November 2021, IX (2)

Трудот дава споредба на синхрони мотори чии резултати добиени од аналитичките, нумеричките и транзиентни модели на моторите треба да помогнат во изборот на најисплатливото решение во однос на типот на моторот за соодветната примена.

4. Sarac Vasilija, **Minovski Dragan**, Janiga Petar (2017) Numerical and analytical model of induction motor for computer aided design. International Journal on Information Technologies & Security, IX (2). pp. 65-82, ISSN 1313-8251, http://eprints.ugd.edu.mk/17861/(EBSCO, Web of science-Emerging Science Citation Index)

Трудот дава споредба на добиени резултати од аналитичка и нумеричка пресметка на параметрите и карактеристиките на трифазен асинхрон кафезен мотор. Преку споредбата на резултатите се утврдува точноста на развиениот аналитички и нумерички модел на моторот.

Д-р Миновски е автор и на повеќе трудови во зборник на трудови од научен собир во странство во период 2015-2022 година:

5. Vasilija J. Sarac, **Dragan I. Minovski** and Goce G. Stefanov, "Virtual Laboratories - an Innovative Concept in Teaching of Electrical Engineering", 24th International Conference on Information Technology (IT) Zabljak, 18 – 22 February 2020

Недостаток на опрема или финансиски средства за основање на лабораториите често го попречуваат правилното извршување на лабораториските вежби кои се задолжителен дел во секоја наставна програма по електротехника. Затоа виртуелните лаборатории се користат како додаток или замена на физички лаборатории кои ги обезбедуваат потребните експериментални вештини за студентите по електротехника. Во трудот се претставени две виртуелни лаборатории наменети за анализа на електрични кола и тестирање на електрични машини преку веб-платформи. Двете лаборатории им овозможуваат на студентите да се запознаат со инструментацијата, поставувањето на лабораториското мерно коло и анализата на добиените резултати. Опишани се предностите и недостатоците на двете лаборатории.

6. Vasilija Sarac, Goce Stefanov, **Dragan Minovski** „Comparative analysis of synchronous motors", 15 INTERNATIONAL CONFERENCE ON APPLIED ELECTROMAGNETICS, August 30 - September 01, 2021, Niš, Serbia, University of Niš, Faculty of Electronic Engineering

Трудот дава споредба на синхрони мотори чии резултати добиени од аналитичките, нумеричките и транзиентни модели на моторите треба да помогнат во изборот на најисплатливото решение во однос на типот на моторот за соодветната примена.

Во истиот период учествува со усна презентација на трудови на следниве меѓународни конференции во земјата:

7. Sara Aneva, **Dragan Minovski**, Vasilija Sarac, „Power-To-X Technologies", First International Conference ETIMA, CONFERENCE PROCEEDINGS, 19-21 October 2021.
8. Marija Sterjova, **Dragan Minovski**, Vasilija Sarac, „Battery energy storage systems and technologies", First International Conference ETIMA, CONFERENCE PROCEEDINGS, 19-21 October 2021.
9. Vasilija Sarac, Goce Stefanov, **Dragan Minovski**, "Speed regulation of induction motor with PWM Invertor", First International Conference ETIMA, CONFERENCE PROCEEDINGS, 19-21 October 2021
10. **Миновски Драган**, Василија Шарац, Ангела Најдоска, Тина Манолева „Модел на енергетски задруги во Република С. Македонија", Зборник на трудови ЕНЕРГЕТИКА 2020, Струга 2020.
11. **Миновски Драган**, Василија Шарац, Ангела Најдоска, „Анализа на можностите за инсталирање на фотоволтаични електрани на домовите во Кичевскиот регион", Зборник на трудови ЕНЕРГЕТИКА 2020, Струга 2020.

Во период 2015-2022 г. д-р Миновски учествува во научноистражувачки проект во земјата:

12. „Кон јаглерод-неутрален развој: предизвици, можности и сценарија за праведна транзиција на ТЕЦ Осломеј", Функција: Координатор на експертската група за изработка на студијата и водечки автор. Период на ангажман: 2019 – 2020, Фондацијата „Фридрих Еберт".
13. „Електроенергетски независен и самоодржлив Карпош - Анализа за искористување на ОИЕ преку енергетски задруги", Функција: координатор на експертската група за изработка на студијата и водечки автор. Период на ангажман: март – септември 2020 г., Фондацијата „Фридрих Еберт".
14. „Ending Coal and Enabling Just Transition in the Kicevo Region", Функција: координатор на експертската група за изработка на студијата и водечки автор. Период на ангажман: 2019 - 2020, Здружение на граѓани „Еко-свест".
15. „Скалесто тарифирање на електричната енергија", Функција: експерт за изработка на студијата и автор. Период на ангажман: јули 2021 г., Центар за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест" – Скопје.
16. "Just transition diagnostic", Contracting Authority European Union, represented by the European Commission и PLANET S.A Грција, Функција: локален експерт.

Во период 2015-2022 година, д-р Миновски е член на Научен одбор на следниве меѓународни конференции:

17. 6th International Scientific Conference Power Engineering OZE-2016, Slovakia
18. 7th International Scientific Conference Power Engineering OZE-2018, Slovakia
19. First International Conference ETIMA, 2021, North Macedonia.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во период 2015-2022 г. д-р Миновски има објавено една книга во земјава:

20. **Миновски Драган** „Пазари на електрична енергија", Универзитет „Гоце Делчев", 2022, ISBN: 978-608-244-914-2, http://e-lib.ugd.edu.mk/1077

Во период 2015-2022 г. д-р Миновски има објавено дел од книга во странство:

21. **Миновски Драган** е автор на поглавје во книга издадена во странство: "Computational Intelligence Application in Electrical Engineering" ISBN 978-3-0365-4695-7 (Hbk); ISBN 978-3-0365-4696-4 (PDF) https://doi.org/10.3390/books978-3-0365-4696-4

Во период до 2009 г. д-р Миновски се јавува како коавтор на книга во странство:

22. Д-р Миновски е коавтор на книгата „Модел на пазар на електрична енергија" ("Model Trhu s elektrinou", prof. Ing. František Janíček PhD., Ing. Jaroslav Kubinec, Ing. Miroslav

Skornik, Ing. Juraj Sedivy, Ing. Marek PipaPhD., **Ing. Dragan Minovski PhD**., Ing. Igor Sulc;,ISBN 978-80-89402-11-3; Bratislava 2009)

Во период 2015-2022 г. д-р Миновски е член на Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, како и на повеќе комисии во рамките на Електротехнички факултет. Во истиот период д-р Миновски е претседател на неколку комисии за одбрани на дипломски трудови, како и ментор на повеќе кандидати за одбрана на дипломски трудови.

Во периодот до 2015 година д-р Миновски има објавено повеќе трудови во странство и во нашата земја:

23. "Optimized and numerical models of electromechanical devices coupled with computation of performance characteristics"; Vasilija Sarac, Tatjana Atanasova-Pacemska, Dragan Minovski, Goran Cogelja, Miroslava Smitkova, Christian Schulze, Journal of ELECTRICAL ENGINEERING, VOL. 66, NO. 1, 2015, 40–46
24. „Имплементација на опрема за далечинско управување на трафостаниците во Р. Македонија“; Василија Шарац, Драган Миновски, Горан Чогеља; ЕНЕРГЕТИКА 97/2015
25. "Computer aided design of simulation and experimental model of BUCK-BOOST CONVERTER"; Vasilija Sarac, Dragan Minovski, Goran Cogelja; International Journal on Information Technologies & Security, № 1, 2015, ISSN 1313-8251
26. "Increasing the Attractiveness of Locations for Investment in SHPP in the Republic of Macedonia", Goran Cogelja, Dragan Minovski, Vasilija Sarac; Casopis Energetika 2/65/2015, ISSN 0375-8842
27. "Wind Power Plant Bogdanci and Its Impact on the Price of Electrical Energy in Macedonia"; Minovski Dragan, Vasilija Sarac, Bozinovski Goce; Casopis Energetika 8-9/64/2014, ISSN 0375-8842
28. "Impacts of Moodle on electrical engineering courses: opportunities and challenges"; Vasilija Sarac, Tatjana Atanasova-Pacemska, Sanja Pacemska, Dragan Minovski; Fifth International Scientific Conference – FMNS2013 12 – 16 June 2013, South-West University "Neofit Rilski" Blagoevgrad, ISSN 1314-0272
29. "National Centre for Research and Application of Renewable Energy Sources"; ELEKTROENERGETIKA, Vol.4, No.2, 2011 Miroslava Smitkova, Zaneta Eleschova, Peter Hajducek, Frantisek Janicek, Dragan Minovski, Vasilija Sarac
30. "Upgrade and application of automation system in T.S. 110/35/10 KV - PETROVEC"; Vasilija Sarac, Dragan Minovski, Goran Cogelja, Miroslava. Smitkova; International Scientific Conference CPS 2014 "Control of Power Systems 2014"; Tatranské Matliare, Slovakia, May 20 – 22, 2014; ISBN 978-80-89402-71-7
31. "Wind power plant – Bogdanci and its impact on the prices of electrical energy in Macedonia"; Minovski Dragan, Vasilija Sarac, Bozinovski Goce; 5th International Scientific Conference OZE 2014 "Renewable Energy Sources 2014"; Tatranské Matliare, Slovakia, May 20 – 22, 2014; ISBN 978-80-89402-73-1
32. "Application of SICAP PAS SYSTEM in automation and control of T.S 400/110 KV Stip"; Vasilija Sarac, Dragan Minovski; 10th International Scientific Conference CPS 2012 Control of Power Systems 2012; Tatranské Matliare, Slovakia, May 15-17, 2012; ISBN 978-80-89402-47-2
33. "Impacts from new 50 MW Wind Power Plant Bogdanci on the price of electrical energy in Macedonia"; Minovski Dragan, Vasilija Sarac, Anton Causevski; 3rd International Scientific Conference OZE 2012 Renewable Energy Sources 2012; Tatranské Matliare, Slovakia, May 15 – 17, 2012; ISBN 978-80-89402-48-9
34. "Introduction of the National centre for research and application of renewable energy sources"; Smitková, M., Zaneta Eleschova, Frantisek Janicek, Dragan Minovski, Vasilija Sarac; 2nd International Scientific Conference OZE 2011 Renewable Energy Sources 2011; Tatranské Matliare, Slovakia, June 07 – 09, 2011; ISBN 978-80-89402-38-0
35. „Имплементација на опрема за далечинско управување во трафостаниците во Р. Македонија"; Василија ШАРАЦ, Драган МИНОВСКИ, Горан ЧОГЕЉА; Меѓународно советување „ЕНЕРГЕТИКА 2014" – СТРУГА, 2014, 16-18 октомври

36. „Модернизација на 6kV разводна постројка РТП-2 во Рафинеријата ОКТА“; Василија ШАРАЦ, Драган МИНОВСКИ; Меѓународно советување „ЕНЕРГЕТИКА 2014” – СТРУГА, 2014, 16-18 октомври
37. „Пазар на системски услуги во ЕЕС на Република Словачка“; Драган Миновски, Василија Шарац, Мирослава Смиткова, Гоце Божиновски, 8. СОВЕТУВАЊЕ МАКО CIGRE 2013
38. “Renewable energy support in Republic of Macedonia”; Minovski, D., Sarac, V., Bozinovski, G.; 4th International Conference Renewable Energy Sources 2013; May 21-23, 2013 Tatranské Matliare, High Tatras, Slovak Republic
39. “SCADA systems in upgrade and automation of S.S. 110/10 kV “DRACEVO”, Vasilija Sarac, Saso Gelev, Dragan Minovski, Goce Stefanov,Roman Golubovski; Informacione tehnologije IT’13
40. “Comparative analyses of the markets of electrical energy”; Vasilija Sharac, Dragan Minovski; FIRST INTERNATIONAL CONFERENCE FOR BUSINESS, ECONOMICS AND FINANCE, Stip 2012
41. “Comparison of renewable energy support in Slovakia and Macedonia”; Miroslava SMITKOVÁ, Žaneta ELESCHOVÁ, František JANÍČEK, Igor ŠULC, Peter JANIGA, Dragan MINOVSKI, Vasilija SARAC Меѓународна конференција ЗЕМАК-2012
42. “Comparison of electrical energy prices in republic of Macedonia and in EU countries”; Dragan MINOVSKI, Vasilija SARAC, Miroslava SMITKOVA, Igor ŠULC, Меѓународна конференција ЗЕМАК-2012
43. Risk management in electric power sector Minovski Dragan, Atanas Ilev, Kristina Stojanoska, International symposium, Energetics 2004, 7-9 October 2004, Ohrid, Republic of Macedonia (Book 2, ISBN 9989-2330-0-4J18) pp. 805-813
44. Компарација на искористеноста на хидропотенцијалот за енергетски потреби во Република Словачка и Република Македонија Драган Миновски, Антон Чаушевски, Советување 5 МАКО CIGRE 2007, 7-9 октомври 2007, Охрид, Република Македонија (ISBN 9989-9671-8-4) C-2-06R
45. “Macedónska Republika – elektroenergeticky závislá kraina”; Minovski Dragan; 2 Medzinárodna konferencia mladých výskumnikov a doktoradov ERIN 2008; 23-24 April 2008, Bratislava, Slovakia (ISBN 978-80-227-2849-2) III-8
46. “Development of small hydro power plants in Republic of Macedonia and in Slovak Republic”; Minovski Dragan, Juraj Kubica; COSMO 2008 Energy efficiency conference;16-17 May 2008, Skopje, Republic of Macedonia, (ISBN 978-9989-2769-4-1) pp.112-120
47. “Comparison of Small Hydro Power in Macedonia and Slovakia”; Minovski Dragan, Juraj Kubica; ELITECH ’08; 20 May 2008, Bratislava, Slovakia (ISBN 978-80-227-2878-2)
48. “Development of power generation system in Macedonia with the environmental impact”; Minovski Dragan, František Janiček, Anton Causevski, Emil Krondiak; 8th International Conference CONTROL OF POWER SYSTEM ’08, 11-13 June 2008, Štrbske Pleso, High Tatras, Slovak Republic (ISBN 978-80-227-2883-6), pp. 34
49. “Operation of hydro and thermal power plants in a complex power system”; Minovski Dragan, František Janiček, Anton Causevski, Emil Krondiak; 8th International Conference CONTROL OF POWER SYSTEM ’08, 11-13 June 2008, Štrbske Pleso, High Tatras, Slovak Republic (ISBN 978-80-227-2883-6), pp. 38
50. Обновливи извори на електрична енергија во Република Словачка, Драган Миновски, Франтишек Јаничек, Емил Крондијак, ZEMAK 2008 9-11 октомври 2008, Охрид, Република Македонија (ISBN 9989-9914-9-9), стр.303
51. “Distributed Generation and Renewable Energy Sources in Republic of Macedonia”; Minovski Dragan, František Janiček, Anton Causevski, Emil Krondiak; ELMA ’08; 16-18 October 2008, Sofia, Bulgaria (ISSN 1313-4965)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на направениот преглед и евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност, се воочува дека кандидатот д-р Миновски Драган активно публикува научни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни списанија, активно учествува со оригинални трудови на значајни меѓународни конференции и се јавува како учесник во научноистражувачки проекти од областите на интерес.

Покрај научноистражувачката дејност, д-р Миновски Драган успешно одржувал и одржува настава на Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на прв и втор циклус студии. Д-р Драган Миновски постигнува значајни резултати и во стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност.

Согласно со Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и распишаниот Конкурс, кандидатот д-р Драган Миновски во целост ги исполнува сите предвидени услови да биде избран во звање редовен професор во наставно-научната област електротехника и неконвенционални извори на енергија и технологии на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложениот материјал, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои предлогот д-р Драган Миновски да биде избран во звање редовен професор за наставно-научната област електротехника и неконвенционални извори на енергија и технологии на Електротехнички факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на д-р Драган Миновски во звање редовен професор за наставно-научната област електротехника и неконвенционални извори на енергија и технологии на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Василија Шарац,** претседател, с.р.
**Проф. д-р Антон Чаушевски,** член, с.р.
**Проф. д-р Миле Спировски,** член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | **40** |
| | **ВКУПНО (НО)** | **40** | | | | **40** |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 2 | Научен труд во списание со ИФ-втор автор (1) | 1x10 | | | 10 | **10** |
| 3 | Научен труд во меѓународно списание втор автор (3), (4) | | | 2 | 6 | **12** |
| 4 | Труд со оригинални резултати објавени во зборник од трудови на научен собир (5), (6), (7), (8), (9), (10) и (11) | 5 | 2 | 2 | 3 | **16** |
| 5 | Учество на научен собир со реферат (усно) во странство и во земјата (5), (6), (7), (8), (9), (10) и (11) | 5 | 1,5 | 2 | 2 | **11,5** |
| 6 | Учество во научен проект (12), (13), (14), (15) и (16) | 5 | 2 | | | **10** |
| 7 | Член на научен одбор на научен собир (17-19) | | | 3 | 2 | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **65,5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | Книга (20 - 21) | 1 | 10 | 1 | 15 | **25** |
| | Член на факултетски орган, комисија | 11 | 2 | | | **22** |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **47** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **152,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ФИСКАЛНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1202-114/5 од 12.10.2022 година донесена на 225. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 10.10.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за научната област фискална економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

– **д-р Живко Атанасовски,** пензиониран редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – претседател,
– **д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска,** редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член,
– **д-р Јанка Димитрова,** редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 30.9.2022 година и во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот **д-р Стеван Габер,** вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот вон. проф. д-р Стеван Габер, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Стеван Габер е роден на 8.3.1980 год. во Велес, Република Северна Македонија. Основно и средно образование завршува во Велес во ООУ „Благој Кирков“ и УСО „Јовче Тесличков“. Прв циклус студии кандидатот завршува на насоката Финансиски менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Веднаш по завршувањето на додипломските студии кандидатот се запишува на постдипломски студии на департманот Монетарна економија на Економски факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ и успешно ги завршува со просечен успех 8,89. Со успешна одбрана на магистерскиот труд на тема „Јавниот избор во финансирањето на јавните добра“ во мај 2006 година се стекнува со диплома магистер по економски науки.

Во 2008 година кандидатот се запишува на докторски студии на Економски факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а за ментор е определен проф. д-р Живко Атанасовски. Со успешна одбрана на докторскиот труд на тема „Буџетскиот дефицит, јавниот долг и економските импликации“ на 6.7.2011 година се стекнува со диплома доктор на економски науки.

Работното искуство на пријавениот кандидат започнало во 2006 година со ангажманот во Министерството за финансии, сектор за даночен и царински систем, каде што се стекнува со драгоцено искуство отсликано во презентација на бројни реформски активности на Владата пред реномирани кредитни рејтинг агенции, учество во изработка на договори за избегнување на двојното оданочување, креирање на мислења за даночната материја и сл.

Во април 2007 година со Одлука на Матична комисија бр.866 од 4.6.2007 год. е избран во асистент на група предмети од област финансии на Економски факултет во Штип на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, согласно со важечките законски прописи и акти на Универзитетот. По истекот на законски предвидениот период за избор во асистент, тој е реизбран повторно во истото звање во 2010 година. Во неговиот ангажман како асистент покривал повеќе предмети: Основи на финансии, Монетарна и фискална политика, Монетарна економија, Финансиски менаџмент, Јавни финансии, Економија на јавен сектор, Фискален систем и фискална политика на ЕУ и Осигурување.

Веќе во 2013 година кандидатот е избран во звање доцент од област фискална економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Во тој период изведува настава по следните предмети: Јавни финансии, Осигурување, Економија на јавен сектор, Даночен менаџмент, Локални финансии и Управување со финансиски ризици.

Во 2018 година, по истекот на законски определениот рок од 5 години, д-р Стеван Габер е избран во повисоко звање вонреден професор во област фискална економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, каде што изведува настава по предметите: Јавни финансии, Монетарна и фискална политика на ЕУ, Економија на јавен сектор, Даночен менаџмент и Осигурување. Во тој период кандидатот, освен на прв циклус, изведувал настава на втор и трет циклус студии, согласно со одлуките за наставен ангажман. На втор циклус изведува настава по предметите: Јавни финансии, Државни финансии, Осигурување, Менаџмент со финансиски ризици и Меѓународни финансии, а на трет циклус на предметот Јавни финансии.

Во периодот на неговиот долгогодишен академски ангажман, д-р Стеван Габер има издадено бројни научни и стручни трудови и учествувано на меѓународни и национални конференции и работилници. Во 2009 година реализирал студиски престој во Бамберг, Германија, во рамки на Темпус проект: „Претприемништво и локалниот економски развој во Албанија, Косово и Македонија“, каде што се стекнува со драгоцено академско искуство.

Во текот на неговата кариера учествува во бројни факултетски и универзитетски комисии за избор на ректор, декан, продекани, уписи, со кои се верификува неговата посветеност и во делот на стручно-апликативната и организациско-развојна дејност. Ментор е на бројни дипломски трудови, ментор на магистерски, учествува во комисии за одбрана на магистерски и дипломски трудови и член на рецензентски комисии.

Во 2022 година со Одлука на Сенат е избран за член на Сенатот на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за периодот 2022-2025 година. Дополнително на тоа, кандидатот тековно ја извршува функцијата раководител на катедрата Финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот поседува неколку сертификати и тоа: сертификат со кој се потврдува владеењето на англискиот јазик, експерт сертификати за компјутерската литература, сертификат за интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес, како и сертификат од *Мотива* за комуникациски вештини и јавен настап.

***Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.***

**Општи услови за избор:**

– Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира.

Кандидатот д-р Стеван Габер се стекнува со звање доктор на економски науки на 6.7.2011 година со успешна одбрана на докторскиот труд на тема „Буџетскиот дефицит, јавниот долг и економските импликации“ на Економски факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

– Претходен избор во звање.

Избор во вонреден професор – Одлука бр.1202-43/5 од 26.1.2018 година.

Избор во доцент – Одлука бр.1702-94/3 од 22.4.2013 година.

– Објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор.

Кандидатот д-р Стеван Габер од изборот во асистент до денес има објавено повеќе од 75 трудови, а во периодот од изборот во вонреден (од 2018 до денес) има објавено 19 трудови во меѓународни научни и стручни (научно-популарни) списанија, научни конференции, 1 учебник и 1 учебно помагало. Во табелата подолу се презентирани неколку објавени трудови во изминатиот 5-годишен период, согласно со важечките

законски прописи, а останатите трудови се достапни на електронскиот репозиториум на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на следниот линк: http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Gaber=3AStevan=3A=3A.html.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija | *Fiscal Challenges in Pandemic Times* | Journal of Economics, 6. pp. 109-118. ISSN 1857-9973 | 2021 |
| 2 | **Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija | *Economic Aspects of Public Debt* | Journal of Economics, 6 (1). pp. 45-53. ISSN 1857-9973 | 2021 |
| 3 | **Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija | *Property Taxation in North Macedonia* | Journal of Economics, 5 (2). pp. 11-19. ISSN 1857-9973 | 2020 |
| 4 | **Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija | *The Importance of Fiscal Illusion in Public Choice* | Journal of Economics, 4 (2). pp. 46-53. ISSN 1857-9973 | 2019 |
| 5 | **Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija | *The Influence of Tax Culture in Improving the Tax Compliance* | Journal of Economics, 3 (2). pp. 80-88. ISSN 1857-9973 | 2018 |
| 6 | Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** | *The Full VAT/GST Liability Regime of Digital Platforms in the Collection of Taxes on Online Sales* | Journal of Economics, 6. pp. 119-134. ISSN 1857-9973 | 2021 |
| 7 | Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** | *Estimation of Dividend Policy on Aggregate and Firm's level: Are Dividends Important for the Resident Shareholder* | Journal of Economics, 5 (2). pp. 57-68. ISSN 1857-9973 | 2020 |
| 8 | Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** | *Testing of the Formal Statistical Validity of a Tax Model of the Investment Demand in the Republic of Macedonia.* | Journal of Economics, 4 (2). pp. 28-37. ISSN 1857-9973 | 2019 |
| 9 | Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** | *Tax Burden on Investment at Shareholder Level: Calculating the Effects from Double Taxation in Macedonia* | Journal of Economics, 3 (2). pp. 58-71. ISSN 1857-9973 | 2018 |
| 10 | Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** | *Basic Time Series Models in Financial Forecasting* | Journal of Economics, 6 (1). pp. 76-89. ISSN 1857-9973 | 2021 |
| 11 | Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** | *Determinants of the Capital Demand in Macedonia: Do Low Tax Rates Really Play an Important Role for Domestic Investment* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 49 (1). ISSN 2307-4531 | 2020 |
| 12 | Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** | *Other Tax Models That Alleviate the Burden on Equity Financed Investments: Analysis of the Full Integration Tax System, the Dividend Exemption Tax System and the Flat Tax Rate System* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 42 (4). pp. 203-219. ISSN 2307-4531 | 2018 |

– Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик.
  Кандидатот доставил сертификати за познавање на англиски јазик.
– Способност за изведување на високообразовна дејност.

Д-р Стеван Габер својата 15-годишна кариера, односно изборниот период од асистент до вонреден професор, ја започнува со изборот во асистент во 2007 година со с основањето на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за потоа да продолжи со реизбор во асистент во 2010 година, избор во доцент во 2013 година и избор во вонреден професор во 2018 година. Неговата способност за изведување на високообразовна дејност е поткрепена со плодна научноистражувачка и наставно-образовна активност изразена преку многубројни објавени научни и стручни трудови, објавени учебници, скрипти, практикуми, учества во научни конференции, изјави за медиуми. Тој е ментор на преку 60 дипломски трудови, 1 магистерски труд, а членувал и во бројни комисии за магистерски трудови и дипломски трудови. Кандидатот е член на Сенатот на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како претставник на Економски факултет и раководител на катедрата Финансии.

**Посебни услови:**

– Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати.

Кандидатот д-р Стеван Габер учествувал во следните два проекти, а кои може подетално да се погледнат на поставените линкови:

Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna and **Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija and Koleva, Blagica and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Lazarov, Darko and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila (2021). *Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување*. https://eprints.ugd.edu.mk/28347/

Gorgieva Trajkovska, Olivera and Miceski, Trajko and Dimitrova, Janka and **Gaber, Stevan** and Koleva, Blagica and Atanasovski, Viktor (2018). Креирање на можности за зголемување на вработеноста во РМ со избор на модели за финансирање на иновативни идеи преку користење на информации од ревидираните финансиски извештаи на компаниите. https://eprints.ugd.edu.mk/20964/

– Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.

Од моментот на избор во доцент до денес кандидатот има дадено значаен придонес во оспособување на помлади наставници и соработници преку нивно вклучување во различни научни и стручни активности, рецензирање на трудови, рецензирање на избори во повисоки звања, избор на соработници.

– Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД.

Д-р Стеван Габер во последните 5 години има објавено**:**

учебник по Јавни финансии**:** Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija (2022). *Јавни финансии.* Goce Delcev University – Stip, Faculty of Economics, Stip. ISBN 978-608-244-913-5 https://eprints.ugd.edu.mk/30188/ и

учебно помагало или практикум по финансиски менаџмент: Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan (2020). *Практикум и задачи по финансиски менаџмент.* ISBN 978-608-244-783-4 https://eprints.ugd.edu.mk/30183/

– има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.

Кандидатот вон. проф. д-р Стеван Габер во изборниот период 2018-2022 година има остварено вкупно 212 поени од кои 40 од наставно-образовна дејност, 111 поени од научноистражувачка дејност и 61 поен од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Стеван Габер за првпат е избран во звање асистент на група предмети од област финансии на Економски факултет на 4.6.2007 год. со Одлука на

Матична комисија бр.866, додека на 3.6.2010 год. е реизбран во истото звање. На тоа работно место асистент држи вежби на предметите: Основи на финансии, Монетарна и фискална политика, Монетарна економија, Јавни финансии, Економија на јавен сектор, Осигурување, Финансиски менаџмент, Фискален систем и фискална политика на ЕУ и др.

Во периодот од 14.10.2009 год. до 14.1.2010 год. кандидатот реализирал студиски престој на Универзитетот Otto-Friedrich во Бамберг, Германија, во рамки на Темпус проект „Претприемништвото и локалниот економски развој во Албанија, Косово и Македонија", каде што се запознава со нивните наставни програми и економски насоки, но и европските педагошки методи за работа.

Изборот во доцент од област фискална економија се реализира со Одлука бр.1702-94/3 на 22.4.2013 год., а изборот во вонреден професор од истата област со Одлука бр.1202-43/5 од 26.1.2018 год. Во тој период од 9 години кандидатот изведува настава на следните предмети на прв циклус: Јавни финансии, Економија на јавен сектор, Осигурување, Монетарна и фискална политика на ЕУ, Локални финансии, Управување со финансиски ризици и Даночен менаџмент.

На втор циклус студии изведува настава по предметите: Државни финансии, Јавни финансии, Осигурување, Управување со финансиски ризици и Меѓународни финансии. Додека на трет циклус на предметот Јавни финансии на студиската програма Деловна економија.

Професорот Габер во текот на изборниот период учествува во бројни академски активности, меѓу кои: сенатор, раководител на катедра Финансии, ментор на повеќе од 13 дипломски трудови, учество во комисии за одбрана на магистерски, учество во комисии за одбрана на дипломски трудови, учество во комисии за избор во звања, учество во рецензентски комисии за учебници, комисии за избор на ректор, декан, продекан и сл.

Научноистражувачката дејност на кандидатот д-р Стеван Габер може да се верификува преку бројните научноистражувачки трудови објавен во референтни научни публикации и во стручни (научно-популарни) списанија. Во последниот изборен период, од изборот на вонреден, кандидатот објавил 19 научни и стручни трудови, учебник по Јавни финансии и практикум по Финансиски менаџмент.

Во продолжение следи листата на научноистражувачки трудови на кандидатот класифицирани според припадноста во референтни научни публикации, трудови презентирани на научни собири и трудови издадени во стручни (научно-популарни списанија), согласно со критериумите дефинирани во Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Објавена научна книга и учебно помагало**

**Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2022) *Јавни финансии.* Goce Delcev University – Stip, Faculty of Economics, Stip. ISBN 978-608-244-913-5 https://eprints.ugd.edu.mk/30188/

Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2020) *Практикум и задачи по финансиски менаџмент.* ISBN 978-608-244-783-4 https://eprints.ugd.edu.mk/30183/

**Објавени научни и стручни трудови**

***Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија***

**Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2021) *Fiscal Challenges in Pandemic Times.* Journal of economics, 6. pp. 109-118. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/29075/

Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2021) *The Full VAT/GST Liability Regime of Digital Platforms in the Collection of Taxes on Online Sales.* Journal of economics, 6. pp. 119-134. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/29076/

Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2021) *Basic Time Series Models in Financial Forecasting.* Journal of economics, 6 (1). pp. 76-89. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/29074/

**Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2021) *Economic Aspects of Public Debt.* Journal of Economics, 6 (1). pp. 45-53. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/29073/

Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2020) *Estimation of Dividend Policy on Aggregate and Firm's level: Are Dividends Important for the Resident Shareholder.* Journal of Economics, 5 (2). pp. 57-68. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/26691/

**Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2020) *Property Taxation in North Macedonia.* Journal of Economics, 5 (2). pp. 11-19. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/26690/

Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2020) *Determinants of the Capital Demand in Macedonia: Do Low Tax Rates Really Play an Important Role for Domestic Investment.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 49 (1). ISSN 2307-4531 https://eprints.ugd.edu.mk/23390/

**Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2019) *The Importance of Fiscal Illusion in Public Choice.* Journal of Economics, 4 (2). pp. 46-53. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/23391/

Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2019) *Testing of the Formal Statistical Validity of a Tax Model of the Investment Demand in the Republic of Macedonia.* Journal of Economics, 4 (2). pp. 28-37. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/23392/

Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2018) *Other Tax Models That Alleviate the Burden on Equity Financed Investments: Analysis of the Full Integration Tax System, the Dividend Exemption Tax System and the Flat Tax Rate System.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 42 (4). pp. 203-219. ISSN 2307-4531 https://eprints.ugd.edu.mk/21009/

**Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2018) *The Influence of Tax Culture in Improving the Tax Compliance.* Journal of Economics, 3 (2). pp. 80-88. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/20864/

Gruevski, Ilija **and Gaber, Stevan** (2018) *Tax Burden on Investment at Shareholder Level: Calculating the Effects from Double Taxation in Macedonia.* Journal of Economics, 3 (2). pp. 58-71. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/20863/

***Трудови во стручни (научно-популарни) списанија***

Petreska, Nadica and Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2020) *Сигнализирачкиот ефект на македонските дивиденди.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 21 (1). pp. 29-35. ISSN 1857- 7628 https://eprints.ugd.edu.mk/26904/

Petreska, Nadica and Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2020) *Ризик и принос на акции од македонскиот пазар на капитал.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 21 (1). pp. 37-51. ISSN 1857- 7628 https://eprints.ugd.edu.mk/26905/

Gaber-Naumoska, Vasilka and **Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2020) *Детерминирачки фактори на финансиските кризи.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 21 (1). pp. 73-83. ISSN 1857- 7628 https://eprints.ugd.edu.mk/26906/

**Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2020) *Ефектот од индивидуалниот избор во процесот на фискално одлучување.* Godisen zbornik, 19. pp. 141-150. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/26693/

Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2020) *Ефектот од оданочувањето врз просечната пондерирана цена на капиталот.* Godisen zbornik, 19. pp. 101-115. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/26694/

**Gaber, Stevan** and Dimovska, Ivana (2018) *Управување со кредитен ризик суштина, потреба, значење и политика на управување со кредитниот ризик.* Godisen zbornik, 13. pp. 163-170. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/19631/

**Gaber, Stevan** and Dimovska, Ivana (2018) *Базелски спогодби и нивното влијание врз управувањето со кредитниот ризик.* Godisen zbornik, 13. pp. 171-180. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/19632/

***Докторска дисертација***

1. Габер, Стеван (2011) *Буџетскиот дефицит, јавниот долг и економските импликации.* Економски факултет, УКИМ, Скопје.

***Учество во проекти***

Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna and **Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija and Koleva, Blagica and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Lazarov, Darko and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila (2021) Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување. https://eprints.ugd.edu.mk/28347/

Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miceski, Trajko and Dimitrova, Janka and **Gaber, Stevan** and Koleva, Blagica and Atanasovski, Viktor (2018) Креирање на можности за зголемување на вработеноста во РМ со избор на модели за финансирање на иновативни идеи, преку користење на информации од ревидираните финансиски извештаи на компаниите. https://eprints.ugd.edu.mk/20964/

***Кратка евалуација на еден дел од трудовите, а другите се достапни на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип:*** http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Gaber=3AStevan=3A=3A.html**.**

**Евалуација на учебник бр. 1: Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2022). *Јавни финансии.* Goce Delcev University – Stip, Faculty of Economics, Stip. ISBN 978-608-244-913-5. Книгата се очекува да биде значаен извор за научната литература која се занимава со прашања од фискалната проблематика, а кои постојано се од интерес за пошироката научна и стручна јавност, но и за секојдневните читатели, кај кои постои интерес за начинот на извршување на фундаменталните функции на државата. Интересот за квалитетот на понудените јавни добра и услуги, но и нивото на остварување многубројни економски, социјални, демографски, еколошки и други цели сериозно може да го подобри пристапот на извршната власт во управувањето со јавните финансии, како и да го подобри животниот стандард на граѓаните. Учебникот вклучува десет поглавја каде што се елаборирани сите најважни прашања поврзани со јавните финансии, како што се: воведот во јавните финансии, економските функции на државата, јавните расходи, јавните приходи, даноците и даночната политика, останатите јавни приходи, јавниот долг, буџетот и буџетската политика, буџетскиот дефицит и фискални правила. Целта на пишување на овој учебник ќе се смета за остварена доколку читателот биде во можност да ја препознае, разбере и толкува проблематиката од јавните финансии во секојдневниот живот и таквата научна вистина ја поврзе со севкупните финансиски текови во националната економија. Учебникот, како прво издание, трасира нова патека во научноистражувачката дејност на авторите, а која воедно претставува еден вид награда за повеќегодишното научно работење во областа на јавните финансии. Станува збор за научна дисциплина која постојано подложна е на разновидни промени, особено во нашата држава, што може брзо на доведе до тоа некои фискални аспекти да добијат застарен третман.

**Евалуација на учебно помагало бр. 2:** Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2020). *Практикум и задачи по Финансиски менаџмент.* ISBN 978-608-244-783-4. Ракописот кој носи наслов „Практикум и задачи по Финансиски менаџмент” од авторите проф. д-р Илија Груевски и проф. д-р Стеван Габер е наменет за студентите на Економски факултет како учебно помагало (практикум и збирка задачи) по предметот Финансиски менаџмент. Мотивот на авторите за ракописот е да се потенцира и продлабочи практичната (емпириска) страна на наставната материја, во која јасно доминира теоретската литература. Со понудениот ракопис, всушност, му се овозможува на студентот конкретно решение на даден практичен проблем и можен начин на исползување на техниките за евалуација на финансиски или инвестициски одлуки. Вредноста на ракописот може да биде и поголема, ако се има предвид дека дел од разработените техники, освен за професионални потреби можат да се искористат и во секојдневниот живот. Образложената материја во ракописот на авторите д-р Илија Груевски и д-р Стеван Габер кој носи наслов „Практикум и задачи по Финансиски менаџмент” е систематизирана и презентирана во шест глави, според следниов редослед: Глава 1 - Основните финансиски извештаи на претпријатието; Глава 2 - Финансиска анализа и финансиските показатели на претпријатието; Глава 3 - Временската

вредност на парите како фундаментален принцип во финансискиот менаџмент; Глава 4 - Проценка на вредност на долгорочни хартии од вредност и на претпријатија; Глава 5 - Цена (трошок) и структура на капиталот; и Глава 6 - Ризик и принос.

**Евалуација на трудот бр. 3: Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2021) *Fiscal Challenges in Pandemic Times.* Journal of economics, 6. pp. 109-118. ISSN 1857-9973. Неочекуваните здравствени кризи кои се појавија на крајот на 2019 година и кои моментално опстојуваат, предизвикаа сериозни владини предизвици во водење на ефикасна фискална политика. Зголемените здравствени, образовни, социјални и други трошоци поврзани со здравствената криза предизвикаа интензивни реакции кај владите преку повисоки јавни расходи, кои беа финансирани доминантно од меѓународните финансиски пазари. Веќе повисокиот однос на јавниот долг кон БДП во некои земји ги надминува критериумите од Мастрихт на оваа клучна фискална променлива што иницира некои сериозни прашања за идните владини финансиски одговори. Оваа пандемија отвори некои предлози и размислувања за поголеми или помали даночни реформи во некои земји. Ако претходно владите не сакаа да воведат некакви даночни промени, сега гледаат можност лесно да го оправдаат овој фискален чекор. Луѓето кои се подложени на болеста КОВИД-19 јавно се осврнуваат на потребата од значителна владина помош во однос на здравствените трошоци. Истражувањата на ММФ покажуваат дека луѓето кои се соочиле со оваа болест повеќе бараат промени во дистрибутивната фискална функција. Фирмите и домаќинствата со дополнителни профити и приходи треба да се оданочуваат со повисоки даночни стапки и корпоративни даноци. Причината за ова барање е тековниот процес на нерамномерно распределен национален доход, кој во пандемични околности влијае на повеќе пониски слоеви на приходи на домаќинствата. Меѓутоа, на реалниот сектор во Северна Македонија јавно е против повисоките даночни стапки и тие бараат од владата прво да ја легализира сивата економија која ја сметаа за сериозна конкурентна и фискален проблем.

**Евалуација на трудот бр. 6: Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2021) *Economic Aspects of Public Debt*. Journal of Economics, 6 (1). pp. 45-53. ISSN 1857-9973. Јавниот долг е една од клучните форми на јавни приходи неопходни за постигнување на некои стабилизациски цели на фискалната политика, како што се стабилна инфлација, целосна вработеност, трговски биланс, економски раст, економски развој и примарно обезбедување на финансии за државните јавни расходи. Тој е дефиниран како извонреден извор за финансирање на јавните расходи, но пред сè тој се смета за ефективен инструмент на фискалната политика во остварувањето на економскиот раст и развој. На јавниот долг се гледа како на акумулација на различни форми на заеми, кои вообичаено ги реализира државата за спроведување на економската и фискалната политика. Континуитетот во емисијата на јавниот долг е иманентен во определувањето за постигнување високи нивоа на инвестиции во различни области од јавниот сектор, како што се здравството, инфраструктурата, образованието итн. Со економскиот раст и повисоките барања за различни видови на јавни добра државата е соочена со проблемот на обезбедување дополнителни извори на финансии кои ќе ги задоволат потребите на луѓето и дополнително ќе ја поттикнат економијата. Меѓутоа, доколку државата одлучи да го намали нивото на јавен долг, тогаш владата ќе ги прекине емисиите на јавниот долг и ќе го искористи буџетскиот суфицит за да ги исплати имателите на обврзници. Исто така, многу важен е изворот на јавен долг, внатрешен или надворешен, кој може да ја остави земјата без потребниот капитал за обезбедување на економски развој. Затоа, продуктивното користење на позајмените пари е од суштинско значење за да се има оправдување за продолжување со политиката на финансирање на дефицитот. Наспроти тоа, непродуктивното користење на јавниот долг би било ризично и би ја доближило државата до прекумерно задолжување и конечно банкрот.

**Евалуација на трудот бр. 8: Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2020) *Property Taxation in North Macedonia*. Journal of Economics, 5 (2). pp. 11-19. ISSN 1857-9973. Даноците на имот се еден од најсуштинските даноци за локалните власти во секоја земја. Тие се главниот извор за обезбедување на општината со финансии за обезбедување јавни добра и услуги. Последната деценија на нестабилна фискална политика ја поттикна потребата од преиспитување на улогата и потенцијалот за реформи или модернизација на овие видови даноци. Со оглед на постојано растечката жед за поголеми трошоци и продолжување со

процесот на фискална децентрализација во Северна Македонија, локалните самоуправи се соочуваат со потребата да обезбедат повеќе финансии. Затоа, целта е да се испита моменталната структура на даноците на имот во Северна Македонија, да се споредат со некои земји во Европа и конечно да се предложат активности во врска со некои промени во локалната даночна политика со цел да се подобри наплатата на даноците. Тие промени треба да следат по растечките нееднаквости меѓу граѓаните во земјава. Во повеќето развиени земји обемот на данокот на имот вклучува недвижен имот и лична сопственост, како возила, подвижни предмети за домаќинството. Дури и некои земји ја земаат предвид сопственоста на недвижен имот во други земји низ светот со цел навистина да го откријат богатството на некои луѓе. Последната реакција од централната власт за да се надмине дупката во локалните буџети (Владата се задолжи за 50.000.000 евра) беше со намера да се намали нивото на долгот во повеќето локални општини и да се обезбеди нивно секојдневно функционирање. Оттогаш има многу дискусии во насока на подобро функционирање на локалните самоуправи преку подобра наплата на локалните приходи.

**Евалуација на трудот бр. 10: Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2019) *The Importance of Fiscal Illusion in Public Choice.* Journal of Economics, 4 (2). pp. 46-53. ISSN 1857-9973. Овој труд има за цел да нагласи фискална материја, најпрво истражена од Пувијани, позната како фискална илузија. Ова е случај на набљудување и реагирање на основа на клучните фискални параметри, кои на крајот може да наметнат дисторзија на фискалните избори направени од електоратот. Има бројни елементи, како: даночната структура, јавните расходи, кои во голема мера се прикриени така што гласачите ги немаат вистинските информации за трошоците за обезбедување на одредени јавни услуги. Во земјите со високи јавни расходи присутни се високи стапки на индиректни даноците, бидејќи тие ја заматуваат перцепцијата на даночниот обврзник за висината на платениот данок. На тој начин тие собираат поголема сума на даночни приходи кои се користат за финансирање на јавниот сектор. Високиот процент на индиректни даноци во јавните приходи влијае на побарувачката за јавни услуги, бидејќи придобивките се јасни како ден, но не и нивните трошоци. Таквата погрешна перцепција на расходите на јавниот сектор при постоење на индиректни даноци е јасен пример за фискална илузија. Ако нивото на фискалната илузија е високо, тогаш граѓаните не се во позиција јасно да ги видат државните трошоци, што, пак, ја отежнува контролата на користењето на народните пари. Стимулот за контрола на парите е понизок, бидејќи трошоците се сметаат за помали отколку што навистина се.

**Евалуација на трудот бр. 13: Gaber, Stevan** and Gruevski, Ilija (2018) *The Influence of Tax Culture in Improving the Tax Compliance*. Journal of Economics, 3 (2). pp. 80-88. ISSN 1857-9973. По една деценија на бавен раст во многу земји, предизвикан од економски кризи, владите се склони кон експанзивна фискална политика изразена преку намалување на даночните стапки и зголемување на јавната потрошувачка. На сериозната експанзија проследена со широки и разновидни фискални мерки на јавната потрошувачка и доаѓа крајот. Повеќето земји во развој градат повисок сооднос на долгот кон БДП што влијаеше на фискалната политика. Фокусот сега е на приходната страна или токму на даночните приходи. Овие приходи стануваат неопходни за владите, бидејќи тие влијаат на сиромаштијата, инвестираат во проекти кои влијаат на развојот, обезбедуваат јавни услуги и што е најважно тие ја градат инфраструктурата за долгорочен раст. Понатаму, повеќето од земјите во развој се соочуваат со сериозни проблеми опишани преку мала даночна основа, голема неформална економија, слаби владини институции, невистинита и корумпирана администрација, ниско ниво на БДП по глава на жител, ниско ниво на домашни заштеди, ниски нивоа на домашни инвестиции и како што обично следува високи стапки на даночни затајувања од страна на елитите. Сите овие фактори беа причините поради кои многу земји во минатото се насочија кон надворешни извори за финансирање на државните расходи. Но, сега имаме најави од многу земји за промени во даночните режими со намера да влијаат на домашните извори на финансирање.

**Евалуација на трудот под р.б. 4:** Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2021) *The Full VAT/GST Liability Regime of Digital Platforms in the Collection of Taxes on Online Sales*. Journal of economics, 6. pp. 119-134. ISSN 1857-9973. Неспорно е дека развојот на електронските пазари и другите дигитални платформи ги олесни трансакциите помеѓу купувачите

и продавачите и континуирано придонесуваа за брзиот раст на онлајн трговијата. Овој тренд никогаш не бил поочигледен за време на пандемската криза, бидејќи доказите сугерираат дека повеќе од две третини од целата прекугранична е-трговија на стоки ширум светот се врши преку онлајн пазари. Растечкото значење на овој сегмент го наметнува прашањето за поефикасна и поефикасна наплата на ДДВ на онлајн продажбата на стоки, услуги и нематеријални добра. Некои јурисдикции веќе имаат имплементирано мерки кои ги обврзуваат дигиталните платформи да собираат ДДВ од онлајн продажбата, и уште поважно, објавија позитивни резултати во подобрувањето на наплатата и добивките од даночните приходи. Охрабрен од овие резултати, ОЕЦД иницираше развој на меѓународно прифатени стандарди и мерки за ефикасно вклучување на дигиталните платформи во наплатата на ДДВ при онлајн продажбата. Целта на овој труд е да се претстави кратка елаборација на практичните насоки и принципи на ОЕЦД за дизајнирање и имплементација на можните решенија за вклучување на е-пазарите и другите дигитални платформи како остварливо средство за наплата на ДДВ. Евентуално, тоа може да послужи како почетна рамка за домашните и другите власти за евентуално спроведување на таква слична мерка, особено во блиска иднина, бидејќи секој дополнително прибран приход може да стане многу важен.

**Евалуација на трудот под р.б. 7:** Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2020*). Estimation of Dividend Policy on Aggregate and Firm's level: Are Dividends Important for the Resident Shareholder.* Journal of Economics, 5 (2). pp. 57-68. ISSN 1857-9973. Како дел од општата политика на фирмата, политиката за дивиденда се занимава со тоа како се распределува нето-добивката по оданочување меѓу акционерите. Овој труд го истражува влијанието на политиката на дивиденда врз цената на акциите на фирмата. Историски гледано, два главни академски текови преовладуваа во финансиите во однос на политиката на дивиденда: заговорниците кои ја застапуваа нејзината важност и противниците кои му пркоселе. Основната методолошка рамка што се користи се состои од Гордоновиот модел за евалуација на цените на акциите елабориран во неговото дело „Дивиденди, заработка и цени на акции“. Во текот на нашето истражување беа следени два пристапа: макроанализа со збирни податоци; и микроанализа со поединечни податоци. Примената на Гордоновиот модел на збирни податоци не ја откри вистинската врска помеѓу политиката на распределба на заработката и движењето на индексот на референтната цена МБИ-10. Понатамошната анализа на макро пристапот откри неколку можни причини кои доведоа до неконзистентен исход. Спротивно на тоа, регресијата со микро-податоци генерираше значајни резултати, а тоа докажува дека идејата на Гордон за релевантноста на политиката за дивиденда е сè уште „жива“ барем за компанијата со еден резидент.

**Евалуација на трудот бр. 11:** Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2019) *Testing of the Formal Statistical Validity of a Tax Model of the Investment Demand in the Republic of Macedonia*. Journal of Economics, 4 (2). pp. 28-37. ISSN 1857-9973. Овој труд е наменет за презентација на формалните чекори на тестирање на статистичката валидност на моделот на повеќекратна регресија кој го објаснува формирањето на инвестициската побарувачка во Република Македонија. Овој специфично развиен модел се заснова на концептот на „трошокот на капиталот“, кој е познат како еден од најтрадиционалните пристапи кој може ефективно да го објасни формирањето на побарувачката на капитал во одредена земја, особено во интеракција со промените во даночниот код. Затоа се смета за соодветен модел со цел да се открие дали даночните стапки на земјата играат или незначајна улога во создавањето на домашната побарувачка за инвестиции. Поточно, статистичката анализа на презентираниот модел ја потврдува неговата формална валидност, бидејќи сите формални претпоставки во однос на резидуалите од повеќекратната регресија се генерално задоволени.

**Евалуација на трудот бр. 14:** Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2018) *Tax Burden on Investment at Shareholder Level: Calculating the Effects from Double Taxation in Macedonia.* Journal of Economics, 3 (2). pp. 58-71. ISSN 1857-9973. Борбата против зголемениот јавен долг конечно заврши со широко распространето зголемување на задолжителните даночни стапки низ европските земји и во светот. Изненадувачки, Република Македонија (РМ) успеа да ја зачува својата даночна политика релативно незасегната, и покрај негативните

трендови - но само привремено. Неодамнешните најави на новата влада за зголемување на даночните стапки во блиска иднина одекнаа многу непријатно низ бизнис заедницата, прогласувајќи го крајот, во тој контекст, на ерата на ниски даночни стапки. Работата во овој труд има за цел да го измери нивото на даночното оптоварување на акционерско ниво во Македонија во периодот од 2006 до 2017 година, што е познат како „златен период" на ниски даночни стапки. Релевантни мерења кои се користат за целите на ова истражување се: трошоците на капиталот, ефективната маргинална даночна стапка (EMTR) и ефективната просечна даночна стапка (EATR), препорачана од Комисијата на ЕУ. Оваа анализа и нејзиниот резултат се комплементарни со нашите претходни наоди за ефективни даночни стапки на корпоративно ниво. Се надеваме дека повторно ќе ја потврдат и прошират општата слика за РМ како една од даночно најповолните земји за инвестирање во Европа... досега.

**Евалуација на трудот бр. 5:** Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2021). *Basic Time Series Models in Financial Forecasting.* Journal of economics, 6 (1). pp. 76-89. ISSN 1857-9973. Прогнозирањето е неизбежен процес на современиот живот. Станува збор за предвидувања на иднината врз основа на збир на историски или сегашни информации и најчесто придружени со анализа на трендовите. Прогнозирањето користи различни техники на предвидување во зависност од изворот на информации и целта на прогнозата. Главниот интерес на овој напис се основните методи на временски серии кои се користат во финансиското предвидување, особено методот на едноставен подвижен просек, методот на пондериран подвижен просек и методот на експоненцијален подвижен просек. Верзија на едноставниот подвижен просек е кумулативниот подвижен просек, кој исто така е претставен на краток рок. Тие обично се користат за предвидување временски серии без манифестирање тренд или сезонска компонента. Анализата на методите за прогнозирање вклучува преглед на основните концепти за предвидување, предлози за можна примена и споредба на карактеристиките на ограничувањата.

**Евалуација на трудот бр. 9:** Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2020). *Determinants of the Capital Demand in Macedonia: Do Low Tax Rates Really Play an Important Role for Domestic Investment. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 49 (1).* ISSN 2307-4531. Многу е тешко да се најдат силни аргументи и да се оспори нарушувачката суштина на даноците. Тие изградија училишта и болниците, но исто така ја нарушуваат економската ефикасност. Уште од првите денови на независноста, функционерите во Република Македонија се обидоа да ја решат оваа „дилема" во даночната политика, првично балансирајќи од повисоките даноци за време на даноците од 90-тите до „нула" даноци со што ја одбележаа последната деценија. Генерално, во фокусот на најголемата даночна реформа преземена во 2006 година беа економската ефикасност и инвестициите, аналогно на што следеше период со пониски даночни стапки. Сега кога стоиме пред уште еден предизвик, откако владата го најави новиот курс во даночната политика во кој повисоките и прогресивните даноци се основни атрибути, време е да се одговори на прашање дали претходната „ера" на ниски даночни стапки ја заслужи оправданоста на својата цел. Со намера да одговори на ова и на многу други прашања, како и да го истражи и прецизира механизмот на формирање капитал во домашната економија, целта на овој труд е да ги идентификува и оцени факторите на побарувачката на капитал во Република Македонија, како и да се истражи дали политиката на ниски даночни стапки имала некоја значајна улога за домашните инвестиција? Врз основа на концептот на трошоците за капитал од методолошката рамка на METR, развиен од Devereux & Griffith, даночната компонента беше одделно испитана од неданочната (економска) компонента на трошокот на капиталот со цел да се измери нивниот поединечен придонес на акумулацијата на капитал. Со оглед на резултатите од анализата, дадена е критичка оценка за сегашниот сет на мерки на политиката, како и препораки за нови истраги во областа на фискалната и даночната политика.

**Евалуација на трудот бр. 12:** Gruevski, Ilija and **Gaber, Stevan** (2018). *Other Tax Models That Alleviate the Burden on Equity Financed Investments: Analysis of the Full Integration Tax System, the Dividend Exemption Tax System and the Flat Tax Rate System*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 42 (4). pp. 203-219. ISSN 2307-

4531. Во нашите претходни трудови ги објаснивме изобличувањата од изолираното спроведување на корпоративните даноци на инвестициите на компанијата, услов кој претпоставува целосно изземање на персоналните даноци. Во оваа статија ги вклучивме персоналните даноци во нашата анализа со намера да ја истражиме инвестициската одлука и од гледна точка на акционерот. Со други зборови, целта на ова серија на трудови е да се анализираат ефектите од интегрираното имплементирање и на корпоративниот и на персоналниот данок, феномен познат како „двојно оданочување“. За таа цел, нашата основна методологија на ефективни маргинални даночни стапки уште еднаш е изменета и проширена за да ги изрази сите новонастанати состојби. Теоријата се однесува на многу варијанти на интегрирани даночни системи кои носат одредени капацитети за ублажување на товарот насочен исклучиво на надворешните капитални инвестиции. Од широката литература, во нашите претходни два труда го стеснивме нашиот избор да ги испитаме предлозите на ОЕЦД, кои ги вклучуваат системот за сеопфатен корпоративен данок на доход (CBIT), системот на даночни олеснувања за корпоративниот капитал (ACE) и системот на даночни олеснувања за акционери. Во овој труд се става фокус на системот за целосна даночна интеграција (FIT), системот за даночно ослободување на дивиденда (DET) и системот на рамна даночна стапка (FTR).

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Стеван Габер е научник и истражувач од областа на фискалната економија и финансиите, која ја извршува со сериозна посветеност, стручност и професионалност. Неговиот придонес во научната и образовната мисла е исклучително корисен и позитивен. Во целокупниот период има објавено повеќе од 75 трудови, кои дел се објавени во референтни научни национални и меѓународни публикации, научни собири, годишни зборници и сл. Исто така, д-р Стеван Габер зема учество во проекти од научноистражувачки карактер, а кои се реализирани од страна на истражувачки тим на Економски факултет во рамките на Фондот за научноистражувачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во наставно-педагошкиот дел има богато образовно искуство. Во неговиот работен ангажман од асистент до вонреден професор покривал бројни предмети од катедрата Финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Тие предмети се: Јавни финансии, Економија на јавен сектор, Фискален систем и фискална политика на ЕУ, Монетарна и фискална политика на ЕУ, Монетарна и фискална политика, Даночен менаџмент, Осигурување, Локални финансии, Основи на финансии, Управување со ризици и други. Во процесот на едукација на студентите професорот Габер е препознатлив по неговата посветеност на студентите, достапност (класична и дигитална комуникација), прагматичен пристап во елаборација на наставната материја и примена на современи педагошки методи на работа.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот д-р Стеван Габер има учествувано во значителен број стручно-апликативни и организациско-развојни активности од кои може да се согледа неговиот интерес за продлабочување на академското искуство со активности кои се насочени кон подобра организација и развој на институцијата во која делува. Некои од тие активности се следните:

- член на Сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- раководител на катедра Финансии;
- член на Универзитетска изборна комисија за избор на ректор на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Изборна комисија за избор на декан;
- член на Изборна комисија за избор на продекани;

- член на Уписна комисија за уписи на студенти на прв циклус студии за учебна 2018/2019 г.;
- член на Уписна комисија за уписи на студенти на прв циклус студии за учебна 2020/2021 г.;
- член на Проектот за организирање на Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии „Економски и социјални импликации од КОВИД 19, предизвици и предлози за надминување“;
- член на Рецензентска комисија за оценка на електронски учебник со наслов „Основи на финансии“ од д-р Марија Гогова-Самоников;
- член на Рецензентска комисија за оценка на ракописот - универзитетски учебник со наслов „Финансиски пазари и институции“ од д-р Марија Гогова-Самоников;
- член на Рецензентска комисија за оценка на скрипта со наслов „Управување со финансиските ризици“ од проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов;
- член на Организациски одбор на годишен зборник и меѓународно списание;
- учество во изработка на елаборати за прв и втор циклус студии;
- координатор на студентите за практична настава на насока Финансии;
- поседува сертификат за интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес;
- сертификат за комуникациски вештини и јавен настап;
- 5 expert passport (меѓународни) сертификати за компјутерски вештини.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот вон. проф. д-р Стеван Габер ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање редовен професор.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачка, стручно-апликативната и севкупната активност во периодот од избор во вонреден професор до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот вон. проф. д-р Стеван Габер преку остварени вкупно 212 поени од кои 40 поени во наставно-образовна дејност, 111 поени во научноистражувачка дејност и 61 поен во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, вон. проф. д-р Стеван Габер да биде избран во звањето редовен професор во научната област фискална економија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Живко Атанасовски,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска,** редовен професор, член, с.р.
**Д-р Јанка Димитрова,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 4. | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | **40** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Научна книга или монографија (р.б. 1) | 1 | 10 | | | **10** |
| 2. | Дел од научна книга (р.б. 2) | 1 | 6 | | | **6** |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) – прв автор (р.б. 3, 6, 8, 10, 13) = 5 * 9 = 45, втор автор (р.б. 4, 5, 7, 9, 11, 12, 14) = 7 * 6 = 42, вкупно 87 | 5<br>7 | 9<br>6 | | | **87** |
| 10. | Одбранета докторска теза (р.б. 22) | 1 | 8 | | | **8** |
| 20. | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1 | | | **1** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **111** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 5. | Труд во стручно (научно-популарно) списание (р.б. 15–22) | 7 | 2 | | | **14** |
| 13. | Учесник во научен проект (р.б. 23, 24) | 2 | 5 | | | **10** |
| 15. | Технички унапредувања | 7 | 2 | | | **14** |
| 26. | Раководител на катедра/оддел/центар | 1 | 3 | | | **3** |
| 27. | Член на универзитетски и владини тела (Сенат, Универзитетска изборна комисија за ректор) | 2 | 5 | | | **10** |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија (ННС, комисија за избор на декан, комисија за избор на продекани, комисија за уписи за прв циклус за 2018/19 и 2020/21) | 5 | 2 | | | **10** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **61** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **212** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ТЕОРЕТСКА И ЕКСПЕРИМЕНТАЛНА СТУДИЈА ЗА ПРИМЕНА НА ЕЛЕКТРОХЕМИСКИ РЕГЕНЕРАТИВНИ ЕЛЕКТРОДНИ МЕХАНИЗМИ ВО АНАЛИТИКАТА НА ЛЕКОВИ ВО УСЛОВИ НА ЦИКЛИЧНА СКАЛЕСТА ВОЛТАМЕТРИЈА“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“– ШТИП**

Со Одлука број 0206-616/3 од 6.10.2022 година, донесена на 61. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 – Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Теоретска и експериментална студија за примена на електрохемиски регенеративни електродни механизми во аналитиката на лекови во услови на циклична скалеста волтаметрија“,** пријавена и изработена од кандидатката м-р Софија Петковска, во состав:

- **проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска** – претседател;
- **проф. д-р Рубин Гулабоски** - член, ментор;
- **проф. д-р Андрија Шмелцеровиќ** – член, екстерен ментор;
- **проф. д-р Елена Дракалска-Серсемова** – член;
- **проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска** – член.

Комисијата во наведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација која е пријавена и изработена од кандидатката м-р Софија Петковска претставува оригинален труд кој согласно со програмата на третиот циклус на студии на студиската програма Аналитика на лекови е напишана на 139 страници, А4 формат, со вкупно 4 табели, 54 слики, 2 шеми, 85 литературни цитати и дополнителен материјал на 7 страници.

Дисертацијата ги опфаќа следниве поглавја: Краток извадок на македонски и англиски јазик, Листа на кратенки, Вовед и преглед на литература, Цели на истражувањето, Материјалите и методите на работа, Резултати, Дискусија, Заклучоци, Користена литература и Дополнителен материјал каде се прикажани оригиналните работни фајлови во MATHCAD на математичките модели за сите електродни механизми што се обработени во дисертацијата.

Во понатамошниот тек од овој извештај е даден краток осврт за секое поглавје од докторската дисертација.

Во **Воведот** се застапени сите литературни податоци потребни за реализацијата на оваа студија во која кандидатот дава приказ и објаснување на принципите и главните карактеристики на најважните волтаметриски техники, како и на техниката „циклична скалеста волтаметрија“, која е главна работна техника користена во оваа дисертација. Воведот содржи седум потпоглавја и тоа – Принципи на волтаметриските техники, Важни дефиниции кај волтаметриските техники, Инструментација во волтаметриските експерименти, Потенциостат, Главни карактеристики на цикличната волтаметрија, Дефинирање на критериумите за реверзибилност во цикличната волтаметрија и примена на цикличната волтаметрија за следење на механизмот на некои едностепени електродни реакции поврзани со хемиски реакции. Овие делови претставуваат една целина на воведот и даваат детален преглед и разграничување на теоретските постулати на докторската дисертација. Во првиот дел на воведот се објаснети принципите и главните карактеристики на најважните волтаметриски техники, како и на техниката „циклична скалеста волтаметрија“. Второто потпоглавје дава објаснувања и дефиниции релевантни за волтаметриските техники, додека во наредното трето се дадени основните принципи

на дизајнот и функцијата на волтаметриските комерцијални системи како составен дел на инструментација во волтаметриските експерименти. Во наредните потпоглавја се прикажани главните принципи на цикличната скалеста волтаметрија, како и нејзината улога во следењето на механизмот на некои едностепени електродни механизми поврзани со хемиски реакции. Дадени се критериуми за карактеристиките на цикличните волтамограми што се однесуваат на електродни механизми поврзани со дополнителна хемиска реакција и за електродни механизми поврзани со т.н. регенеративна хемиска реакција. Електродните механизми што се обработени во дисертацијата спаѓаат во групата на електрохемиски-регенеративни (или електрохемиски-каталитички) механизми, така што кандидатката во ова потпоглавје ги објаснува карактеристиките на волтаметриските криви кај овие електродни механизми и карактеристичните параметри што ги разликуваат површинските електродни механизми од т.н. дифузиони механизми во услови на циклична скалеста волтаметрија.

Во делот ***Вовед*** кандидатката укажува на актуелноста на цикличната волтаметрија како едноставна ефикасна алатка во испитувањето на својствата на лековите и на интеракциите на лековите.

Во второто поглавје, насловено како ***Преглед на литература***, м-р Софија Петковска успева преку еден континуитет во презентирање на податоци од литературата да не воведе во електродните механизми студирани во дисертацијата во услов на волтаметриски техники. Оваа дисертација преку понови сознанија во литературата и потребите кои од тоа се наметнуваат ја прикажува важноста од испитуваните интеракции на лекови со циклична волтаметрија во последните 10-тина години. Најголемиот број трудови обработени во ова поглавје на дисертацијата се во форма на табеларен преглед, каде што се дадени и условите во кои се вршени волтаметриските испитувања за испитување на интеракциите на лекови, и определените кинетички параметри што се однесуваат на определените интеракции помеѓу два дефинирани лекови или помеѓу даден лек и ДНК.

По обемниот и деталeн литературен преглед следува делот во кој кандидатот прецизно ги дефинира и претставува **Целите на истражувањето.** Главен фокус на целите е насочен кон теоретско моделирање на неколку едностепени електродни регенеративни механизми кај кои постојат хемиски реакции поврзани со регенерација на почетниот реактант преку хемиска реакција на крајниот електрохемиски генериран продукт од електродната реакција со даден супстрат „Y” (т.е. лек 2). Притоа, кандидатката укажува дека теоретските резултати од студираните електродни механизми обработени во дисертацијата ќе бидат употребени со цел да се разработат дијагностички критериуми за препознавање на природата на даден електрохемиски регенеративен механизам преку кој два лекови стапуваат во хемиска интеракција.

Кандидатката главен акцент става на четирите електродни механизми и тоа:

1. Регенеративен дифузиски електрохемиски (EC’) механизам за студирање на хидрофилни лекови (кога и двата лекови што се студираат се добро растворливи во вода;
2. Регенеративен електрохемиски механизам за студирање на липофилни лекови што можат да стапат во иреверзибилни интеракции со хидрофилни или липофилни лекови (површински EC’ механизам);
3. Модел за Регенеративна електрохемиска реакција на два хидрофилни лекови, каде што постои реверзибилна хемиска рамнотежа помеѓу хидрофилен лек „O“ и лекот „S“;
4. Модел за регенеративна електрохемиска реакција на липофилен електрохемиски активен лек (Ox) и друг хидрофилен лек „S”, каде што постои реверзибилна хемиска рамнотежа помеѓу лекот „O“ и лекот „S“.

Реализацијата на предвидените цели, од страна на кандидатката м-р Софија Петковска, детално е презентирана и објаснета во поглавјето ***Материјали на истражувачка работа***, презентирајќи ја истовремено и методологијата на работењето, како и начинот на **обработка на добиените резултати.** Во ова поглавје кандидатката ги објаснува условите во кои се вршени експериментите, а преку дадените релевантни дефиниции понудено е решение на математичките модели за електродните механизми студирани

во дисертацијата. Во теоретскиот дел од ова поглавје се дадени објаснувања за сите параметри што се среќаваат во теоретските модели и кои влијаат врз карактеристиките на симулираните теоретски волтамограми. Во експерименталниот дел на ова поглавје се дадени објаснувања за инструментацијата, електродите и користените хемиски супстанции. Детално е образложен и експерименталниот приод за студирање, испитување и евалуација на интеракциите помеѓу моделните редокс активни компоненти (означени како „лек 1“) користени во експерименталниот дел на дисертацијата (2,5-дихидрокси-1,4-бензокинин, витамин B2 и калиум хексацијаноферат (II) со други дефинирани лекови (означени како „лек 2“). Овие модели за студираните електродни механизми ќе бидат искористени за развивање на теоретски методи што ќе бидат употребени за определување на релевантните кинетички и термодинамички параметри со кои ќе се квантифицираат хемиските интеракции помеѓу два дефинирани лекови.

**Резултатите** добиени од м-р Софија Петковска како посебно поглавје во докторската дисертација ги прикажуваат сите теоретски модели обработени во дисертацијата, како и предложените методи за мерење на кинетичките и термодинамичките параметри поврзани со интеракции помеѓу даден редокс-активен лек и втор лек растворен во електрохемиската ќелија.

Преку изработката на оваа студија објаснети се и предложените методи за мерење на кинетичките и термодинамичките параметри поврзани со интеракции помеѓу даден водорастворлив или површински-активен лек и втор лек што е растворен во електрохемиската ќелија. Кандидатката на разбирлив начин ги елаборира главните теоретски резултати од следните електродни регенеративни механизми: (А) Регенеративен дифузиски електрохемиски (EC’) механизам за студирање на хидрофилни лекови (и двата лека што се студираат се добро растворливи во вода); (Б) Регенеративен електрохемиски механизам за студирање на липофилни лекови што можат да стапат во иреверзибилни интеракции со хидрофилни или липофилни лекови (површински EC’ механизам); (В) модел за регенеративна електрохемиска реакција на два хидрофилни лека, каде што постои реверзибилна хемиска рамнотежа помеѓу хидрофилен лек „O“ и лекот „S“ и (Г) моделот за Регенеративна електрохемиска реакција на липофилен електрохемиски активен лек (Ox) и друг хидрофилен лек „S”, каде што постои реверзибилна хемиска рамнотежа помеѓу лекот „O“ и лекот „S“. Кандидатката укажува дека овие електродни механизами често се среќаваат кај интеракциите помеѓу хидрофилни или липофилни (редокс активни) лекови и други хидрофилни лекови. Притоа, кандидатката покажува дека преку феномените на зависностите на т.н. максимална гранична струја на т.н. *steady state* циклични волтамограми како функција од концентрацијата на вториот лек, може да се определат константите на брзина на интеракциите помеѓу двата студирани лекови. Кандидатката покажува дека граничната струја на *steady state* цикличните волтамограми е функција само од кинетиката на хемиските интеракции помеѓу „лек 1“ и „лек 2“ и овој параметар е независен од инструменталните параметри (брзина на промена на потенцијалот) и од другите кинетички параметри поврзани со електродната реакција (коефициентот на пренос на електрони, коефициентот на дифузија, коефициентот на електронски трансфер. Ова е голема придобивка во експерименталните студии, бидејќи преку својствата на граничната струја на *steady state* циклични волтамограми (оваа состојба се добива при голема концентрација на супстратот „Y” т.е. „лек 2“) може директно да се добие увид во брзината на хемиските интеракции на два дефинирани лекови. Треба да се нагласи дека два од обработените модели на кандидатката во овој дел се за прв пат решени и публикувани од кандидатката и групата во која таа работи и тоа механизмите (В) и (Г). Во теоретските модели за механизмите (В) и (Г), кандидатката претставува дијагностички критериуми за препознавање на овие електродни механизми, а разработува и теоретски методи за определување на константата на хемиска рамнотежа кај вакви системи. На визуелен начин, претставени се шематски сите електродни регенеративни механизми што се предмет на теоретска студија во дисертацијата.

Во поглавјето ***Дискусија*** кандидатката детално се осврнува на експерименталните резултати, на специфичните волтаметриски својства на употребените три моделни редокс активни компоненти (лек 1) и тоа: 2,5-дихидрокси-1,4 парабензокинон, витамин

B2 (рибофлавин) и калиум хексацијаноферат (II), како и специфичните интеракции помеѓу овие редокс активни системи и дефинирани лекови. Притоа, кандидатката дава и приказ на експериментални волтамограми, а претставува и едноставна метода што е основа за пресметување на кинетичките параметри на хемиски интеракции помеѓу редокс активните системи и дадени лекови. Од анализираните волтаметриски својства, кандидатката покажува како може од вредноста на граничната максимална струја од т.н. steady-state циклични волтамограми да се изврши определување на релевантни кинетички параметри што се важни за објаснување на интеракциите на даден редокс активен лек со друг дефиниран хидрофилен или липофилен лек. Кај електрохемиските регенеративни механизами поврзани со реверзибилна хемиска реакција, кандидатката дава работни криви од кои можат да се дијагностицираат овие механизми, како и да се определат термодинамички параметри поврзани со хемиската рамнотежа. Овие феномени за овие специфични регенеративни механизми се за прв пат публикувани во трудови каде што кандидатката е автор и претставуваат целосно нов концепт кај електродните регенеративни механизми. За сите испитувани системи кандидатката дава табеларен приказ на релевантните кинетички параметри за ситуациите каде што се утврдени интеракции помеѓу редокс активните моделни системи и дефиниран лек. Во ова поглавје, кандидатката дава и детален табеларен приказ на определените физички параметри од експериментите помеѓу редокс активните системи и дефинирани лекови. Резултатите што се добиени од теоретското студирање на елаборираните електродни регенеративни електрохемиски механизми може да послужат како основа за студирање на интеракциите на лекови со помош на циклична волтаметрија. На крајот од дисертацијата, кандидатката ги претставува и оригиналните работни верзии на MATHCAD фајловите. Овие фајлови може да употребат од секој заинтересиран научник/истражувач за симулирање на електродните механизми обработени во дисертацијата. Резултатите од оваа дисертација можат да бидат од голема корист за сите истражувачи што работат во подрачјата на електрохемијата, аналитиката на лекови и дизајнот на лекови.

***Заклучоци*** како посебно поглавје ги дава најважните образложенија за главните постигнувања во дисертацијата. Кандидатката сублимира сет од 18 релевантни заклучоци кои произлегуваат од примената на соодветните теоретски модели за електродните механизми, применети во интеракциите моделните редокс-активни компоненти и голем број на други лекови и суплементи.

Во поглавјето ***Литература*** кандидатката наведува 85 референци од понов датум кои се однесуваат на оваа проблематика. Овој податок уште еднаш ја потврдува актуелноста на проблемот и потребата од понатамошни истражувања.

**Научен придонес**

Докторската дисертација на м-р Софија Петковска е логична целина во која се опфатени огромен број од важни теоретски и експериментални аспекти на студирање на интеракции на лекови со помош на циклична волтаметрија. Преку соодветна интерпретација на добиените теоретски резултати во услови на циклична волтаметрија, кандидатката м-р Софија Петковска дава и насоки за развивање на експериментални протоколи за студирање на интеракции помеѓу два лека кои стапуваат во електрохемиски регенеративен механизам.

Експерименталните методи предложени за определување на кинетиката на интеракции помеѓу два лека што стапуваат во електрохемиски регенеративен електроден механизам се едноставни и се базираат на следење на својствата на цикличните волтаметриски одговори на моделните редокс активни системи само како резултат на промена на концентрацијата на вториот лек чија концентрација ја зголемуваме во електрохемиската ќелија. При овие експерименти, важно е да се нагласи дека сите други инструментални параметри и концентрацијата на редокс активните лекови (лек 1), треба да бидат константни.

Сите овие добиени резултати го потврдуваат научниот придонес на оваа докторска дисертација, односно дека првпат е покажано како преку студирање на теоретски модели за електрохемиски-регенеративни механизми на редокс лекови може да се добијат податоци за студирање и квантифицирање на интеракциите помеѓу хидрофилни и липофилни редокс-активни лекови и други липофилни или хидрофилни лекови.

**Апликативен придонес**

Кандидатката конзистентно ги претставува и објаснува теоретските и експериментални резултати, при што во дисертацијата дава и едноставни методи и насоки за апликативна примена на теоретските методи во експерименталните испитувања на интеракциите на лекови со примена на циклична волтаметрија.

Сите резултати презентирани во дисертацијата формираат широка база за развој на експериментални дијагностички критериуми за препознавање на механизмите на регенеративни хемиски интеракции помеѓу два лекови. Големиот сет на симулирани циклични волтамограми, претставените работни криви и предложените методи во теоретскиот дел од дисертацијата овозможуваат практична примена на теоретските резултати за квантификација на дефиниран тип на хемиски интеракции од регенеративна природа помеѓу два дефинирани лекови. Резултатите од дисертацијата на кандидатката Софија Петковска даваат силен придонес во апликацијата на евтини, брзи и едноставни електрохемиски техники (како што е цикличната волтаметрија) во важни делови од фармацијата, како што е аналитиката на лекови. Со резултатите презентирани во докторската дисертација се добиваат одговори на голем број практични прашања од областа на волтаметријата применета во објаснување на интеракциите од регенеративна природа на дефинирани редокс лекови со други лекови или суплементи. Резултатите ова оваа дисертација можат да се гледаат како основа за понатамошни испитувања во оваа област.

**Начин на пишување и изнесување на материјата**

Докторската дисертација изработена под менторство на проф. д-р Рубин Гулабоски, редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како интерен ментор, и проф. д-р Андрија Шмелцеровиќ, редовен професор по Фармацевтска хемија на Медицинскиот факултет, Оддел за фармација, на Универзитет во Ниш, како екстерен ментор, е напишана јасно, на научно и стручно ниво, испитувањата и анализите се добро систематизирани, добиените резултати се презентирани на ефективен, концизен и разбирлив начин. Добиените заклучоци се конкретни и сами по себе можат да бидат причина за понатамошни испитувања.

**Конзистентноста на деловите во рамките на целината**

Кандидатката преку добро дефинирани и меѓусебно поврзани и усогласени истражувања, користење на релевантни знаења од претходно воведени, стандардизирани и валидирани методи дава една целина која ги исполнува сите услови да биде прифатена како докторска дисертација.

Кандидатката конзистентно ги претставува и објаснува теоретските и експериментални резултати, при што во дисертацијата дава и едноставни методи и насоки за примена на теоретските методи во експерименталните испитувања на интеракциите на лекови со примена на циклична волтаметрија.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

Кандидатката пред одбраната на докторската дисертација ги објави следниве рецензирани научни трудови:

1. **S. Petkovska**, R. Gulaboski, **“**Theoretical Analysis of a Surface Catalytic Mechanism Associated with Reversible Chemical Reaction Under Conditions of Cyclic Staircase Voltammetry**”, *Electroanalysis*** 32 (**2020**) 992-1004 (Impact Factor = 3.223)
2. **Sofija Petkovska**, Rubin Gulaboski, “Diffusional Electrochemical Catalytic (EC’) Mechanism Featuring Chemical Reversibility of Regenerative Reaction-Theoretical Analysis in Cyclic Voltammetry”, ***Croatica Chemica Acta*** 92 (4) (**2019**) 495-502. (Impact Factor = 0.83)
3. Rubin Gulaboski, Pavlinka Kokoskarova, **Sofija Petkovska**, “Analysis of drug-drug interactions with cyclic voltammetry-an overview of relevant theoretical models and recent experimental achievements” ***Analytical & Bioanalytical Electrochemistry*** 12 (**2020**) 345-364. (Impact Factor = 1.48)

4. Rubin Gulaboski**,** P. Kokoskarova, **S. Petkovska**, Time independent methodology to assess Michaelis Menten constant by exploring electrochemical-catalytic mechanism in protein-film cyclic staircase voltammetry, **Croat. Chem. Acta**, 91 (**2018**) 377-382. (Impact Factor = 0.83)
5. Gulaboski, R. **Petkovska, S.** A time-independent approach to evaluate the kinetics of enzyme-substrate reactions in cyclic staircase voltammetry, ***Analytical & Bioanalytical Electrochemistry*** 10 (**2018**) 566-575; (Impact Factor = 1.48)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „**Теоретска и експериментална студија за примена на електрохемиски регенеративни електродни механизми во аналитиката на лекови во услови на циклична скалеста волтаметрија**“ и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран и јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати.

Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Теоретска и експериментална студија за примена на електрохемиски регенеративни електродни механизми во аналитиката на лекови во услови на циклична скалеста волтаметрија“, пријавена и изработена од кандидатката м-р Софија Петковска и да одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска,**
Факултет за медицински науки,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател, с.р.
**Проф. д-р Рубин Гулабоски,**
Факултет за медицински науки,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, ментор, с.р.
**Проф. д-р Андрија Шмелцеровиќ,**
Медицински факултет, Оддел за фармација,
Универзитет во Ниш, член, екстерен ментор, с.р.
**Проф. д-р Елена Дракалска-Серсемова,**
Факултет за медицински науки,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.
**Проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска,**
Факултет за медицински науки,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГАСТРОНОМИЈАТА КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА УГОСТИТЕЛСТВОТО И ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА” ОД М-Р ГОРАН АНТОНИЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип на својата 56. седница, одржана на 8.11.2022 год., донесе Одлука бр. 0206-709/3 од 8.11.2022 год., со која се формира Рецензентска комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Гастрономијата како фактор за развој на угостителството и туризмот во Република Северна Македонија“**, пријавена и изработена од кандидатот м-р Горан Антониевски, магистер по менаџмент на еколошки и рурален туризам, во состав:

- **д-р Дејан Методијески** – редовен професор – претседател;
- **д-р Оливер Филипоски** – вонреден професор – член;
- **д-р Драшко Атанасоски** – редовен професор – член;
- **д-р Нако Ташков** – редовен професор - интерен ментор и член;
- **д-р Насер Бајрактари** – вонреден професор - екстерен ментор и член.

Комисијата во наведениот состав, по прегледување на докторската дисертација, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Структура на трудот**

Докторската дисертација со наслов **„Гастрономијата како фактор за развој на угостителството и туризмот во Република Северна Македонија“** на докторанд м-р Горан Антониевски содржи 347 страници компјутерски обработен текст. Содржински дисертацијата има 5 теми, односно:

Кратка содржина:
*(наведени само главните теми)*

1. Вовед
2. Методолошки пристап во научноистражувачката работа
3. Гастрономијата како фактор за развој на туризмот
4. Меѓународните искуства поврзани со гастрономската понуда
5. Гастрономијата во улога на развој на туризмот во РСМ
6. Емпириски дел на истражувањето
7. Заклучок
8. Прилози
9. Користена литература

Докторската дисертација е збогатена со 9 табели, 261 графикони и 26 слики, додаток од анкетни прашалници и библиографија (77 библиографски единици) и сајтографија (9 библиографски единици од интернет).

**Предмет и цели на истражувањето**

**Предмет на истражување** во докторската дисертација е истражувањето што се состои во испитување на задоволство на гостите во делот на гастрономската понуда во Република Северна Македонија, вклучувајќи го квалитетот на дестинацијата, квалитетот на храната, квалитетот на услугите и квалитетот на уредување кои се нудат во дестинациите во Република Северна Македонија. За таа цел се врши анализа на квалитетот на гастрономската понуда кој ќе ја покаже моменталната состојба и потреба за развој на гастрономскиот туризам.

**Цел на дисертацијата** е преку анализа да се утврди моменталната гастрономска побарувачка во туристичките дестинации и дефинирање на правците за развојот на гастрономската понуда во угостителските објекти што дава јасна слика и насоки за идни активности во функција на развој на гастрономскиот туризам во земјата преку набљудување од теоретска и практична гледна точка.

**Методологија на истражувањето**

**Методологијата на истражувањето опфаќа цели, хипотези, методи, инструменти и техники**. Во истражувањето се поставени основна хипотеза и пет посебни хипотези, за чие докажување се користат различни методи и техники: метод на научно и систематско набљудување, метод на анализа на содржината, метод на испитување (анкетирање и интервјуирање), историски метод, компаративен метод, статистички метод и други. Користена е разновидна библиографија и податоци од интернет.

Применетата методологија на истражување има за цел спроведување опсежни набљудувања и испитувања и добивање на резултати за моменталната потреба на потрошувачите во делот на гастрономската понуда во функција на развој на угостителството и туризмот. Добиените сознанија можат да придонесат за унапредување на одредени ставови поврзани со развој на угостителството, квалитетот на храната, квалитетот на услуги, локалниот, регионалниот туристички развој и сл. Анализата на индикатори има и општествена оправданост која произлегува од потребата за вклучување на сите заинтересирани страни во процесот на подобрување на квалитетот на гастрономската понуда, што ќе придонесе за јакнење на стопанството во целост и подигнување на свеста за зачувување на гастрономската понуда за идните генерации. Генерално, добиените резултати може да послужат како основа на стратегија за развој на угостителството и туризмот, особено во делот на вклучување на гастрономската понуда во туристичката понуда. Гастрономијата како фактор за развој на угостителството и туризмот, овозможува задоволни гости од дадената угостителска услуга, подобра ресторанската понуда на пазарот на конкуренција и остварување на предвидениот стратегиски план. За да се утврди квалитетот на гастрономската понуда потребно е да се согледа реалната состојба на пазарот и тоа преку: стандардизација во угостителските објекти која претставува гаранција за квалитет; ориентацијата кон нови трендови и примена на иновации поради унапредување на квалитетот во ресторанската услуга со што се обезбедува конкурентска предност; ориентацијата кон квалитетот на гастрономската понуда со што се обезбедува зголемување на економската моќ на општеството и ориентацијата кон квалитетот на ресторанската понуда со што се обезбедуваат задоволни и постојани гости. Добиените резултати ќе бидат поттик за преземање одредени активности за подобрување на квалитетот на гастрономскиот производ кој ќе се понуди на туристичкиот пазар. Со утврдувањето на квалитетот на дестинацијата, квалитетот на храната, квалитетот на услугата и ентериерот ќе се откријат активности кои заинтересираните страни треба да ги преземат, придобивките на различните учесници во процесот на одлучување и насоките за идните краткорочни и долгорочни инвестициски проекти и планови за развој на квалитетот на гастрономската понуда во земјата на локално, регионално и национално ниво.

**Анализа на одделните делови од докторската дисертација**

Докторската дисертација со наслов „Гастрономијата како фактор за развој на угостителството и туризмот во Република Северна Македонија“ од кандидатот м-р Горан Антониевски е содржана во 5 теми кои се во функција на појаснување на добиените резултати и нивната научна оправданост.

Во првата тема со наслов ***Методолошки пристап во научноистражувачката работа*** кандидатот го дефинира предметот на истражување од просторен, временски и дисциплинарен аспект, се утврдуваат научните и практичните цели на истражувањето, основната и посебните хипотези и се дава методолошката рамка на истражувањето, каде што се одредени методите на истражување, изворите на податоци, начинот на обработка и

интерпретација на податоците. На крајот се објаснува оправданоста на истражувањето и применливоста на резултатите.

Во второто поглавје со наслов ***Гастрономијата како фактор за развој на туризмот*** на овој труд е потенцирана важноста на гастрономијата за развојот на туризмот, значењето и улогата на храната, карактеристиките, како и културата и културните навики во исхраната. Во овој дел е опфатено дефинирањето и историскиот развој на гастрономијата, видовите на туризам на храна и пијалаци во одредени туристички дестинации, како и развојот на националната гастрономска понуда во која се опфатени голем број на специјалитети кои се приготвени во специфични посатки за приготвување и консумирање на јадењата и пијалаците. Кандидатот врши широка анализа на видовите на гастрономија кои имаат поединечно значење за развојот на гастрономијата и квалитетот на подготовка, приготвување и послужување на храната. Во трудот се прикажани различните пристапи во истражувањата и улогата на храната  во туризмот во делот за туризам на храна и пијалаци во туристичката дестинација. Посебен осврт е даден на факторот за квалитет на ресторанската понуда кој ги содржи квалитетот на храната, услугите и објектите во дестинациите кои се потенцирани во овој труд. Значењето на квалитетот на храната е претставен како битен, бидејќи е основен фактор во оценувањето на квалитетот на гастрономскиот производ во објектите за храна и пијалаци.

Во третото поглавје насловено како ***Меѓународните искуства поврзани со гастрономската понуда*** се опишани карактеристиките, препознатливите гастрономски производи и специјалитети од избрани земји од Европа, како што се Франција, Италија, Австрија и Русија и земјите во светот; Кина, Америка, Австралија и Египет, како и промоцијата на гастрономијата. Овде е опфатено истражување на гастрономската понуда, препознатливите гастрономски производи и манифестации и настани во соседните земји на Република Северна Македонија; Грција, Бугарија, Србија и Албанија.

Четвртиот дел е со наслов ***Гастрономијата во улога на развој на туризмот во РСМ,*** каде што како фактор за развој на туризмот се јавува географската положба. Од значајна улога за развој на туризмот се гастрономските квалитети и вредности по кои се разликуваат регионите во Република Северна Македонија. Гастрономските манифестации се клучен фактор за промоцијата на гастрономијата и имаат голем придонес во промоцијата на гастрономската култура и во овој дел се издвоени гастрономските специфичности и специјалитети со приложени традиционални рецепти кои се препознатливи по гастрономската понуда од секој регион. Во овој дел се опишани и угостителските објекти како фактор за промоција на гастрономијата каде што ресторанite, хотелите и останатите угостителски објекти можат да креираат маркантни промотивни апели, користејќи ги националните специјалитети како еден вид на атракција. Националните ресторани со својата препознатлива понуда се фокусираат на задоволување на потребите на потрошувачите со неочекувани дополнителни производи, специјални мени, домашни десерти, уникатни регионални или локални производи, мени – производи кои се направени и се еколошки чисти, свежо исцедени сокови, мени – опции кои содржат диететски мени – производи.

Во петтиот дел со наслов ***Емпириски дел на истражувањето*** се анализира гастрономската понуда во угостителските објекти во Република Северна Македонија. Спроведено е истражување и анализирани се резултатите од истото, со цел да се утврдат можности за подобрување на гастрономската понуда за развој на угостителството и туризмот во регионите во Република Северна Македонија. Користен е квалитативно-квантитативен метод за истражување, кој според авторот дава јасна и објективна слика за моменталната потреба на потрошувачите за квалитетот на дестинацијата, храната, угостителската услуга и уредувањето во угостителските објекти, со цел да се откријат слабостите во работењето во угостителските објекти и се даваат насоки за понатамошно делување на менаџерите и вработените, што ќе помогне за креирање краткорочни и долгорочни планови за иден угостителски развој. Во овој дел се истакнува и важноста на менаџментот на храна и пијалаци во угостителските објекти за да се оствари успех за развој на гастрономскиот туризам.

Теренските истражувања кандидатот ги спроведува во две фази: собирање податоци по пат на набљудување и собирање податоци по пат на испитување. За остварување на целта на ова истражување се направени одредени прашалници кои се наменети за гостите во угостителските објекти од осумте плански региони на Република Северна Македонија. Целта на ова истражување е да се согледа моменталната гастрономска понуда во Република Северна Македонија, со цел да се откријат слабостите во менаџирањето со ресторантите и да се добијат насоки за идни инвестициски зафати. Понатаму добиените резултати може да се користат за креирање на краткорочни и долгорочни планови за иден туристички развој на дестинацијата.

Податоците добиени со помош на анкетите и интервјуата како техники за прибирање податоци, како и сознанијата добиени со методот на набљудување, се обработени со што се добива слика на моменталната состојба на предметот на истражување.

Во овој дел кандидатот врши компаративна анализа на добиените резултати за квалитетот на дестинацијата, квалитетот на храната, квалитетот на услугата и квалитетот на уредување кои се даваат во угостителските објекти во осумте плански региони од Република Северна Македонија. Компаративната анализа ја дава вистинската слика за моменталната состојба на квалитетот на гастрономската понуда во регионите на Република Северна Македонија.

Ќе се детерминираат слабостите во управувањето со квалитетот, со примена на методи на истражување во кое ќе бидат опфатени гости во угостителски објекти со што ќе се овозможи утврдување на квалитетот на угостителската услуга во угостителските објекти во осумте региони од државата.

Накратко, деталната анализа на добиените резултати кандидатот ја врши преку: Анализа на резултатите од анкетното истражување на гости во угостителски објекти; Компаративна анализа на добиените резултати и SWOT анализа, при што истите ги објаснува со текст, табеларно и со графикони.

На крајот дава опсежни заклучни согледувања и препораки за идни активности.

**Конечна оценка на докторската дисертација**

Врз основа на анализата и проверката на докторската дисертација може да се заклучи дека трудот е успешно завршен, а проблематиката од теориски аспект систематично е разработена. Кандидатот поставува исклучително важно прашање дадено преку насловот во дисертацијата и истото се претставува во добиените резултати од направените истражувања, кои во докторската дисертација се јасно презентирани, систематизирани и анализирани, а целта на истражувањето е успешно реализирана.

**Резултатите** од докторската дисертација на кандидатот обезбедуваат значаен придонес во областа на гастрономијата и квалитетот на гастрономската понуда во функција на развој на угостителството и туризмот за креирање квалитетна развојна стратегија и пласман на автентични гастрономски производи.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

Кандидатот м-р Горан Антониевски ги има објавено следниве научноистражувачки трудови:

1. Nikolovski, Zoran and Nikolovska, Biljana and Antonievski, Goran (2021) Initiating and receptive factors of tourist movements in the role of tourist practice in a given social context. KNOWLEDGE – International Journal, 49 (1). pp. 153-158. ISSN 2545-4439
2. Sazdova, Julijana and Antonievski, Goran and Kocev, Mitko (2017) Ресторанската понуда преку разновидноста на карти за избор на услуги во угостителството. In: Научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката», 27.5.2017, Штип.
3. Sazdova, Julijana and Kuzelov, Aco and Antonievski, Goran (2017) Research on the work of restaurants, the daily meals and the catering process through the users of the services in the catering facilities in Shtip as a factor in increasing the touristic commerce. In: First

International Scientific ConferenceChallenges of tourism and business logistics in the 21st century »ISCTBL 2017«, 24-25 Oct 2017, Gevgelija, Macedonia.
4. Sazdova, Julijana and Antonievski, Goran and Kuzelov, Aco (2019) Wine tourism as factor in the development of rural areas. In: The 2nd international scientific conference - Challenges of tourism and business logistics in the 21st century, 20 Dec 2019, Stip.
5. Antonievski, Goran and Sazdova, Julijana (2021) Demand as a factor for the development of gastronomic supply in catering facilities. In: International scientific and practical conference Current trends and prospects of international tourism, 03 Sept 2021.
6. Sazdova, Julijana and Antonievski, Goran (2021) Applicable guidelines for the existing rules for labeling food products. In: International scientific and practical conference Current trends and prospects of international tourism, 03.09.2021, Skopje.
7. Sazdova, Julijana and Antonievski, Goran (2022) Управување со задоволството на гостите во ресторанот. In: Петта меѓународна научна конференција Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век, »ISCTBL 2022«.
8. Antonievski, Goran and Asani, Agimand Zenuni, Zenun (2022) Карактеристики на гастрономијата во Источниот регион на РС Македонија. In: Петта меѓународна научна конференција Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век, »ISCTBL 2022«.
9. Antonievski, Goran and Asani, Agim (2022) Карактеристики на гастрономијата во Полошкиот регион. In: Шестата меѓународна научна конференција ФИЛКО филологија, култура и образование, 18-19.10.2021.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација „Гастрономијата како фактор за развој на угостителството и туризмот во Република Северна Македонија“ од кандидатот м-р Горан Антониевски донесе заклучок дека истата претставува самостојна научна работа со оригинални научни истражувања и значајни резултати.

Докторската дисертација е научен труд со оригинални сознанија, а врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторски труд.

Во согласност со горенаведеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Гастрономијата како фактор за развој на угостителството и туризмот во Република Северна Македонија“ од кандидатот м-р Горан Антониевски и да одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Дејан Методијески, редовен професор,**
Факултет за туризам и бизнис логистика при
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател, с.р.
**Д-р Оливер Филипоски, вонреден професор,**
Факултет за туризам и бизнис логистика при
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.
**Д-р Драшко Атанасоски, редовен професор,**
Факултет за туризам и бизнис логистика при
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.
**Д-р Нако Ташков, редовен професор,**
Факултет за туризам и бизнис логистика при
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, интерен ментор и член, с.р.
**Д-р Насер Бајрактари, вонреден професор,**
Факултет за агробизнис,
Универзитет „Хаџи Зека“, Печ, екстерен ментор и член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ И ПЕРСПЕКТИВА ЗА РАЗВОЈ НА КЕТЕРИНГ УСЛУГИТЕ“ ОД КАНДИДАТОТ М-Р ЗОРАН НИКОЛОВСКИ**

Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 на својата 56. седница одржана на 8.11.2022 г., со Одлука бр. 0206-709/2 од 8.11.2022 година, формира Комисија за оценка на докторскиот труд со наслов **„Современи трендови и перспектива за развој на кетеринг услугите“** во состав:

– **проф. д-р Дејан Методијески,** претседател;
– **проф. д-р Елизабета Митрева,** член;
– **вон. проф. д-р Оливер Филипоски,** член;
– **проф. д-р Васко Цуцулески,** екстерен ментор, член и
– **проф. д-р Нако Ташков,** интерен ментор, член.

По деталниот преглед на докторската дисертација, а во согласност со Законот на високо образование (Службен весник на РМ, бр. 35/2008) и член 6 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата до Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Структура на трудот**

Докторската дисертација со наслов „Современи трендови и перспектива за развој на кетеринг-услугите“ на докторанд м-р Зоран Николовски содржи 320 страници компјутерски обработен текст. Докторската дисертација е збогатена со 65 табели, 42 слики, 51 графикони, 79 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи и меѓународни акти.

Трудот е структуриран во следниве поглавја: вовед, теоретски дел, експериментален дел, резултати и дискусија, заклучок, прилози и литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Овој докторски труд е изработен според следниов распоред:

– според поставените теоретски и практични цели изготвени се анкети и разни прашања кои биле поставувани при теренските истражувања;
– паралелно со горенаведените истражувања било спроведено канцелариско истражување на документите од национално, регионално и меѓународно ниво;
– преку теоретската содржина е одговорено на основните и општи истражувачки прашања, додека пак преку сопствените истражувачки зафати е даден одговор на конкретните прашања насочени кон перспективите за развој на кетеринг услугите во Република Северна Македонија и
– по приложените анализи од спроведеното опсежно истражување се понудени сопствени решенија, стратегии и тактики за поширок развој на кетерингот и воопшто на туризмот, а со тоа и на економијата во Република Северна Македонија коишто би можеле да ги применат кетеринг компаниите, но и надлежните власти во Република Северна Македонија.

**ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

Во истражувачката фаза, како и при изработката на овој докторски труд, опфатени се полиња на истражување и проблеми коишто во трудот се прецизно формулирани и одговорени. Во ова истражување се наведени не само проблемите, туку и крајните резултати, односно целите поради кои е спроведено истото и од теоретска и од практична гледна точка.

Теоретски цели на истражувањето во овој труд се:

- Запознавање со моменталниот степен на развој на кетеринг дејноста во Република Северна Македонија;
- Осознавање на содржината на тековната понуда на давателите на кетеринг услуги;
- Дефинирање на побарувачката на кетеринг-услуги во Република Северна Македонија;
- Утврдување на факторите коишто би придонеле за развој на нови кетеринг трендови и за збогатување на содржината на кетеринг менијата во Република Северна Македонија.

Покрај теоретските цели зададени се и практични цели кои им даваат конкретизација на истите и без кои ова истражување би немало применливост и оправданост:

- Појава на нови потенцијални кетеринг трендови во Република Северна Македонија кои во значителна мера позитивно ќе влијаат на развојот на економијата на земјата, на локалната заедница, но и во значителна мера ќе ја збогатат туристичката понуда на земјата;
- Определување нови концепции за збогатување на содржината на менијата на давателите на кетеринг услуги;
- Проширување на кетеринг услугите со дополнителни услуги кои би можеле да ги збогатат нивните содржини;
- Определување на содржината за стручна доквалификација и обуки за дополнително развивање на човечките ресурси коишто ќе делуваат во остварување на сите предвидени планови и активности за развој на постоечките, како и на нови видови современи кетеринг стилови и трендови.

Од напоменатите теоретски и практични цели поставени се и следните хипотези кои по анализата на трудот се анализирани и потврдени:

*Основна хипотеза*

Концепцијата за развој на нови кетеринг-трендови во Република Северна Македонија позитивно ќе влијае на развојот на економијата на земјата, на локалната заедница и ќе ја збогати туристичката понуда на земјата.

*Посебни хипотези*

- Со зајакнување на комуникацијата помеѓу кетерерите од Република Северна Македонија и Балканот, од Европа и светот, ќе се овозможи размена на идеи за примена и развој на нови современи кетеринг-трендови, како и за пренесување искуства од пракса;
- Утврдувањето на насоки за соодветно воспоставување на кетеринг-бизнисот и воспоставување контрола на работата ќе влијае врз квалитет на кетеринг-услугата;
- Зголемената примена на научните сознанија во креирањето на идни планови и насоки за развој на кетеринг-дејноста во Република Северна Македонија, ќе резултира со појава на современи кетеринг-трендови за чијшто развој има потенцијал во одредени кетеринг-компании и угостителски објекти во нашата земја;
- Република Северна Македонија е земја во којашто развојот на кетеринг-дејноста ќе придонесе за развојот на повеќе видови туризам.

**Главна цел на ова истражување** е да се продлабочат постојните научни знаења, како и да се излезе со нови научни сознанија за условите и перспективите за развој на кетеринг дејноста во Република Северна Македонија преку проучување на моменталната состојба на развиеност на кетеринг услугите во земјава, како и преку проучување на најновите светски трендови и практики од оваа област.

За задоволување на главната цел на истражувањето, во трудот се применети неколку методологии и пристапи за да се обезбеди доволна количина податоци со цел да се:

- создаде слика за вистинската состојба за моменталниот степен на развој на кетеринг дејноста во Република Северна Македонија;
- осознае содржината на тековната понуда на давателите на кетеринг услуги;
- создаде слика за потенцијалните нови кетеринг трендови во Република Северна Македонија кои во значителна мера позитивно ќе влијаат на развојот на економијата

на земјата, на локалната заедница, но и во значителна мера ќе ја збогатат туристичката понуда на земјата;

- утврдат факторите коишто би придонеле за развој на нови кетеринг трендови и за збогатување на содржината на кетеринг менијата во Република Северна Македонија;
- определи содржината за стручна доквалификација и обуки за дополнително развивање на човечките ресурси коишто ќе делуваат во остварување на сите предвидени планови и активности за развој на постоечките, како и на нови видови современи кетеринг стилови и трендови.

Истражувањето во овој труд, исто така, ги задоволува и следните методолошки барања: објективност, посветеност и систематичност.

Спроведени се истражувања на научно-теоретски сознанија и релевантна литература за користење на методи на: анализа, синтеза, генерализација, комплексно надгледување и анализа на достапна содржина. Собирањето податоци се базира на кабинетско истражување на: домашна и странска литература, стручни трудови и списанија, на интернет содржини и др.

Аналитички метод е применет за анализа на достапна содржина, книги и публикации од областа на кетерингот и угостителската дејност, докторски и научни трудови, истражувања на ниво на држава и пошироко, Закон за угостителска дејност, меѓународен стандард за управување со безбедност на храната ISO 22000:2018, меѓународен стандард за управување и обезбедување на квалитет ISO 9001:2015, HACCP (од англиски: Hazard Analysis and Critical Control Point) Анализа на опасности и критични контролни точки) — систем со чија помош се врши идентификација, проценка и контрола на опасностите што се значајни за безбедноста на храната, интернет содржини.

Во појдовното истражување е застапена дедукцијата, односно се поаѓа од основните поими и принципи на изведување, со цел да се објасни темата на истражување. Од методолошките техники за прибирање на податоци, авторот го применува методот на анкетирање за да се истражат целите на научниот интерес. Изготвени се анонимни анкетни листови со прашања од отворен и затворен тип и добиените резултати овозможуваат увид за ставовите и мислењата на менаџерите, вработените во угостителските објекти/кетеринг компаниите, како и на корисниците на кетеринг услуги. Дескриптивниот метод е застапен при анализа на анкетните прашалници, а исто така, применет е и квантитативниот метод кој се користи за анализа на резултатите добиени од емпириското истражување спроведено за потребите на докторскиот труд. За подетално објаснување на дел од поимите и аспектите коишто се содржат во нив, се применува и методот на класификација. Методот на синтеза е користен при разработка и разгледување на одредени сегменти или аспекти на кетеринг услугите и трендовите кои се застапени во кетеринг дејноста, со цел да се дојде со главни заклучоци кои се однесуваат на главниот предмет на истражување. Методот на синтеза е применет во овој труд со цел преку помали заклучоци и анализи да се дојде до целосно согледување на можностите за збогатување на кетеринг понудата во Република Северна Македонија. Со примена на компаративниот принцип е направена компаративна анализа на состојбата во поглед на моменталниот степен на развој на кетеринг дејноста, како и на новите кетеринг трендови помеѓу Република Северна Македонија, Република Србија и Хрватска, Словенија, Франција, Шпанија и Малта.

По спроведувањето на наведените истражувања и направената анализа од собраните податоци од терен и канцелариското истражување, донесените заклучоци, предлози и предлог-насоки за перспективата за развој на кетеринг-услугата, и за развој на туризмот и економијата во Република Северна Македонија.

Од спроведувањето истражување на терен добиени се реални и објективни резултати за работата на кетерерите во нашата земја, како и сознанија за застапеноста на светските современи трендови, како и нивниот раст и развој и нивната успешност во работењето, според очекувањата преку истражувањето е дојдено до сознанија и за перспективите за развој кој ги имаат кетерерите во Република Северна Македонија, но и бенефитите кои ги имаат нивните потрошувачи.

Целокупното истражување презентирано во една целина, односно во докторскиот труд се очекува да даде свој придонес за понатамошното работење на кетерерите во

Република Северна Македонија, да им помогне да ги согледаат своите предности и недостатоци, и истите да ги искористат, односно подобрат со цел да го подобрат имиџот на својата компанија, а со тоа и нивниот профит.

Од предложените стратегии и насоки за развој на кетеринг дејноста во Република Северна Македонија ќе се придонесе кон подобрување на целокупната работа на кетерерите во Македонија и зголемување на нивниот број, како и да се прошири асортиманот и зголеми квалитетот на нивните услуги.

**МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА**

За задоволување на поставената цел на истражувањето, авторот применил неколку методологии и пристапи за да се обезбеди доволна количина податоци со цел да се:

- создаде слика за вистинската состојба за моменталниот степен на развој на кетеринг дејноста во Република Северна Македонија;
- осознае содржината на тековната понуда на давателите на кетеринг услуги;
- создаде слика за потенцијалните нови кетеринг трендови во Република Северна Македонија кои во значителна мера позитивно ќе влијаат на развојот на економијата на земјата, на локалната заедница, но и во значителна мера ќе ја збогатат туристичката понуда на земјата;
- утврдат факторите коишто би придонеле за развој на нови кетеринг трендови и за збогатување на содржината на кетеринг менијата во Република Северна Македонија;
- определи содржината за стручна доквалификација и обуки за дополнително развивање на човечките ресурси коишто ќе делуваат во остварување на сите предвидени планови и активности за развој на постоечките, како и на нови видови современи кетеринг стилови и трендови.

Истражувањето во оваа докторска дисертација, исто така, ги задоволува и следните методолошки барања, односно: објективност, посветеност и систематичност.

Спроведени се истражувања на научно-теоретски сознанија и релевантна литература за користење на методи на: анализа, синтеза, генерализација, комплексно надгледување и анализа на достапна содржина. Собирањето податоци е базирано на кабинетско истражување на: домашна и странска литература, на интернет содржини и други релевантни извори. Во појдовното истражување е застапена дедукцијата, односно се поаѓа од основните поими и принципи на изведување, со цел да се објасни темата на истражување. Исто така, применет е и квантитативниот метод кој е користен за анализа на резултатите добиени од емпириското истражување спроведено за потребите на докторскиот труд. За подетално објаснување на дел од поимите и аспектите коишто се содржат во нив, применет е и методот на класификација. Компаративна анализа на состојбата во поглед на новите кетеринг трендови беше направена помеѓу Република Македонија и Република Србија и Република Хрватска, Словенија, Франција, Шпанија, Малта и други земји.

За подобро прибирање на податоци со помош на кои се операционализира темата - предмет на ова истражување, спроведени се повеќе активности:

- Теренски истражувања поголем дел, а поради новонастанатата состојба со COVID 19 повеќето планирани теренски истражувања беа изведени телефонски или по електронски пат.
- Посета на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот;
- Посета на Стопанската комора за туризам на Република Македонија;
- Канцелариско истражување за документи од национално ниво;
- Истражување за објавените одлуки во Службен весник на Република Македонија коишто се однесуваат на стимулација на развојот на туризмот и на привлекување на што е можно поголем број странски посетители во земјата;
- Истражување на публикациите од Државниот завод за статистика од областа на угостителството и туризмот;
- Истражување на содржината на понудите на кетеринг компаниите и на хотелите, рестораните кои нудат кетеринг услуги во Република Северна Македонија преку посета на веб-страниците на разни даватели на кетеринг услуги;

- Истражување на директивите на Европската Унија за развој на туризмот;
- Истражување и анализа на Националната стратегија за развој на туризмот изработена од Kohl & Partner во 2016 год.;
- Истражување на планови и идеи за развој на нови видови туризам во земјава кои се елаборирани во научни трудови и врз основа на кои кетерерите би можеле да ги насочат своите идеи при креирањето на кетеринг менија и останати услуги;
- Истражување на наставните планови и програми на средните стручни угостителско-туристички училишта и на факултетите за туризам во земјава со цел да се утврди застапеноста на гастрономските и кетеринг предмети, трендови и актуелности во област на кетерингот, кои ќе придонесат за профилирање на поквалитетен стручен персонал во кетеринг дејноста;
- Канцелариско истражување за документи од регионално ниво;
- Истражување на кетеринг понудата на Хрватска, Србија, Словенија, Шпанија, Малта, Франција, САД и нејзина компарација со кетеринг понуда на Република Северна Македонија, со посета на голем број веб-страници на реномирани кетеринг компании, и по пат на анализа и собирање податоци од разни научни трудови и литература;
- Канцелариско истражување за документи од меѓународно ниво;
- Истражување на публикациите на Светската туристичка организација (WTO);
- Анализа на научна литература која детално ги разработува новите светски кетеринг трендови и стилови.

## СТРУКТУРА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд со наслов „Современи трендови и перспектива за развој на кетеринг-услугите" претставува обид од научен аспект да се одговори на прашањето која е улогата на современите трендови и која е перспективата за развој на кетеринг услугите и развој на туризмот во Република Северна Македонија и пошироко. Одговорот на поставеното прашање ќе се добие со продлабочено и повеќедимензионално истражување, во кое авторот применил соодветна истражувачка методологија базирана на сериозна, сеопфатна и систематска научна анализа на повеќе фактори на влијание.

### Анализа на одделните делови од докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов „Современи трендови и перспектива за развој на кетеринг услугите" од кандидатот м-р Зоран Николовски е структурирана во осум поглавја кои се во функција на појаснување на добиените резултати и нивната научна оправданост. Осумте поглавја се систематизирани, меѓусебно поврзани и заемно се надополнуваат едни со други, со што се добива една научна целина од која може да се добие одговорот на погоре поставеното истражувачко прашање.

Во првото поглавје од докторската дисертација со наслов *Теоретско-методолошки пристап во истражувањето,* најнапред авторот ја детерминира методологијата на истражувањето, каде што посебно се осврнува на предмет на истражувањето, потоа на цел на истражувањето, определување на хипотези, потоа ги елаборира методолошките принципи и методи на истражувањето, неговата етика и очекуваните резултати од истражувањето.

Второто поглавје е насловено како *Теоретско-појмовно определување*, каде што го истакнува настанувањето и историскиот развој на кетерингот, потоа се осврнува на поимот, категоризацијата и видот на објектите кои нудат кетеринг-услугата, а на крај од оваа теза истакнува современи трендови во индустријата за храна и пијалаци, а посебно се осврнува на современи трендови во ресторанитe, иновациите во угостителството како и современите трендови во гастрономијата.

Третото поглавје е со наслов менаџирање со кетеринг-дејноста, во кое авторот го објаснува поимот, дефинирањето и воведувањето на менаџментот во угостителството, потоа се осврнува на менаџирањето со кетеринг-дејноста и менаџирањето на кетеринг настани, го елаборира развивањето на кетеринг бизнисот преку профилот на клиентите, конкуренцијата, заедницата и човечките ресурси, и на крај во рамки на оваа теза го

истакнува видот на опремата која најчесто се користи при реализација на кетеринг услугите, како и најновите достигнувања и иновативни откритија за осовременување на овој вид опрема.

Во четвртото поглавје на дисертацијата со наслов *Планирање на кетеринг мени*, најнапред авторот се осврнува на процесот на креирање и дизајн на кетеринг-менија и на крај на оваа теза зборува за трендовите и важноста од креирањето и менувањето на кетеринг-менијата согласно со условите на пазарот и барањата на клиентите.

Во петтото поглавје од овој труд авторот го елаборира *управувањето со човечките ресурси во кетеринг дејноста*, ставајќи акцент на производствените можности на опремата и работната сила која се користи при производството на храна како и човечките ресурси кои се потребни и неопходни за послужување и реализација на кетеринг услугите. Во рамките на оваа теза авторот особено го истакнува лидерството и тимската работа во областа на угостителската и кетеринг дејноста, како и програмите за обука на вработени и нивната огромна важност за создавање квалитетни тимови за организација и реализација на кетеринг услугите.

Шестото поглавје е со наслов *Законски прописи, процедури и стандарди за кетеринг дејноста*, а во него авторот ги наведува и анализира сите правни акти кои се донесени и ја регулираат проблематиката поврзана со кетеринг дејноста, а посебно дава осврт на законодавство базирано на стандардите на серијата ISO 9000, на концепцијата на интегрирани системи за контрола на квалитетот и здравствената исправност на продуктите коишто се уредени така што ги спроведуваат и производителите и дистрибутерите на храна, а посебен акцент во оваа теза авторот става на HACCP системот, неговата важност како превентивен систем којшто обезбедува безбедност на храната, заштита на потрошувачите, намалување на трошоците за работење, заштита на репутацијата а производителот/ доставувачот и обезбедување на профит на кетерерот.

Седмото поглавје е со наслов *Кетеринг дејноста во Република Северна Македонија* во која авторот го елаборира развојот на угостителството во Република Северна Македонија, а особено става акцент на развојот на кетеринг дејноста во Република Северна Македонија низ призма на македонските кетеринг компании.

Осмото поглавје *„Емпириско истражување“* во суштина претставува клучниот дел на докторската дисертација каде што м-р Зоран Николовски преку сеопфатното и темелно истражување, дава детален осврт на претходно поставените цели, за да се утврди степенот на моменталниот развој на кетеринг индустријата во земјава, како и да се утврдат перспективите за развој на нови кетеринг трендови во Република Северна Македонија. Во емпириското истражување, најнапред авторот применил методолошки инструмент за прибирање податоци, потоа применил организација и процес на истражување, следно извршил анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето и на крај направил компаративна анализа на развиеноста на кетеринг-услугите и нивната улога врз развојот на угостителството и туризмот во Република Северна Македонија со други земји.

Од целокупното истражување во оваа докторска дисертација произлегуваат и *заклучокот* и личните согледувања и препораки на авторот за имплементација на можностите и перспективите од областа на кетеринг индустријата кои ќе придонесат за поголема успешност на кетеринг компаниите. Стремежот на секоја кетеринг компанија е да биде на чекор пред другите, вложување во нова современа опрема и инвентар, вклучувањето на дополнителните услуги во рамките на својата кетеринг понуда, и што е можно посеопфатна кетеринг услуга, бармен за време на кетеринг настанот, предлог надворешни простори со несекојдневен амбиент за еден настан, музика, DJ, тенди, шатори, осветлување, озвучување, гастрономска анимација, анимација за гости и за деца, простор и храна за домашните миленичиња на гостите, поголеми вложувања на кетерерите во маркетинг, мотивација на вработените со цел да бидат максимално посветени на работата, внесувањето новитети и иновативност при подготовката на кетеринг производ како и иновативност при комплетна организација на кетеринг настани. Авторот доаѓа до сознанија дека асортиманот на јадења коишто може да се зготват во кетеринг индустријата и угостителството е неограничен, како и интересот на консументите за дегустација на нешто ново приготвено на автентичен начин е сè поактуелно поттикнување на интересот

за готвење и консумирање на храна од различни култури, збогатување на примарната кетеринг понуда на кетерерите со понуда за повеќе иновативни видови кетеринг услуги, како кетеринг менија за национални паркови, кетеринг менија за екотуристи/авантуристи, менија за нутритивно модифицирани оброци/здрава храна, кои се ниски во калории, масти и холестерол, но храна богата со растителни влакна и минија за здрава храна за појадок, а во трудот се добиени сознанија и за сѐ поголемата потреба за кетеринг менаџери од година во година, како на просторот на Балканскиот Полуостров, така и пошироко.

**Оцена на кандидатот**

Кандидатот м-р Зоран Николовски постигнал завидни резултати за време на своето формално образование на прв и втор циклус студии, но и како учесник и раководно лице на ученичка реална компанија за организација и реализација на илјадници кетеринг услуги, и оттука произлегува интересот за изработка на докторскиот труд преку кој се истакнува потребата од согледување на перспективата за развој на кетеринг услугите во Република Северна Македонија, во регионот и пошироко.

**Резултатите** добиени од докторската дисертација на кандидатот м-р Зоран Николовски обезбедуваат значаен придонес во областа на кетеринг дејноста, и ќе даде значаен придонес за збогатување на научно-теоретската мисла и практично проучување и апликација, како и унапредување на квалитетот на кетеринг-услугите, кои претставуваат предуслов за успешна перспектива на кетеринг бизнисот во нашата земја и пошироко.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

Кандидатот м-р Зоран Николовски пред одбраната на докторскиот труд „Современи трендови и перспектива за развој на кетеринг услугите" ги има објавено следните рецензирани истражувачки трудови поврзани со истражуваната проблематика:

1. **Nikolovski Z**. and Nikolovska, B. and Sekulovska M., (2017), Distribution as a Marketing Instrument in the Activity of the Tour Operators. Journal of La Fondation pour la formation hotelière, FH;
2. Jakovlev, Z., Nikolovska, B., **Nikolovski Z**. (2018), Programming of the Animation of Visitors during their Tourist Stay in the Eastern Region of the Republic of Macedonia, Ciencia e Tecnica Vitivinicola Journal;
3. **Nikolovski Z**. and Nikolovska, B., (2018), Online Marketing Strategy Research in Hotels in the Republic of Macedonia, Journal of La Fondation pour la formation hotelière, FH;
4. **Nikolovski Z**. and Nikolovska, B., (2019), Smart Technology in Hotels in the Republic of North Macedonia, Journal of La Fondation pour la formation hotelière, FH;
5. Nikolovska, Biljana, and **Nikolovski, Zoran** (2021), Alternative forms of tourism in order to increase the tourist offer and attractiveness – the case of the Republic of North Macedonia. Knowledge International Journal. ISSN 1857-923X;
6. **Nikolovski Zoran,** (2021), „Analysis of the modern customer preferences of catering services In the Republic of North Macedonia" (2021), KNOWLEDGE – International Journal, vol. 46.5
7. **Nikolovski Zoran** and Nikolovska Biljana and Antonievski Goran (2021), "Initiating and receptive factors of tourist movements in the role of tourist practice in a given social context ", KNOWLEDGE – International Journal, Vol 49, (PRINTED and ONLINE)
8. Nikolovska Biljana and Jakovlev Zlatko and **Nikolovski Zoran (2021)**. "Financial decisions of the management and their role in the operation of the enterprises in tourism field, Журнал на Економски Институт,
9. **Nikolovski Zoran** and Nikolovska Biljana and Sazdova Julijana (2017) "Кетерингот како тренд во угостителството и фактор за развојот на туризмот во Република Македонија" In: First International Scientific Conference, Challenges of tourism and business logistics in the 21st century »ISCTBL 2017«, 27 May 2017, Stip, Macedonia
10. **Nikolovski Zoran** (2021), "Организација и кетеринг на деловни настани низ призма на македонските кетеринг компании" In: Fourth International Scientific Conference, Vol. 4 No. 1 (2021): Challenges of tourism and business logistics in the 21st century »ISCTBL 2021« ISBN 978-608-244-824-4, (Conference proceedings, Published: 2021-11-19), 302, UDK 338.488.2:334.72(497.7), Stip, Macedonia.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија од досега изнесеното констатира дека докторската дисертација со наслов „Современи трендови и перспектива за развој на кетеринг услугите" од кандидатот м-р Зоран Николовски претставува самостоен и оригинален научен труд изработен во согласност со позитивните законски прописи и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Презентираниот материјал во докторската дисертација и спроведените истражувања на кои се темелат заклучните согледувања и препораките од кандидатот го отсликува современиот пристап во создавањето на научните дела во доменот на туризмот и угостителството што воедно претставува придонес во науката и практичната применливост во оваа сфера.

Во согласност со горенаведеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да го прифати позитивниот извештај за оцена на докторската дисертација со наслов „Современи трендови и перспектива за развој на кетеринг услугите", од кандидатот м-р Зоран Николовски и да му овозможи на кандидатот јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Дејан Методијески,** редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, претседател, с.р.
**Д-р Елизабета Митрева,** редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, член, с.р.
**Д-р Оливер Филипоски,** вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, член, с.р.
**Д-р Васко Цуцулески,** редовен професор на Факултет за туризам и угостителство – Охрид, при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, екстерен ментор, член, с.р.
**Д-р Нако Ташков,** редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, интерен ментор, член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА МОНОГРАФИЈА „ШПЕДИЦИЈАТА ВО СОВРЕМЕНИТЕ УСЛОВИ НА ПРОМЕТ НА СТОКИ” ОД ПРОФ. Д-Р БОРКА ТУШЕВСКА-ГАВРИЛОВИЌ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-127/13, донесена на 228. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 23.8.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **проф. д-р Горан Коевски,** Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
– **проф. д-р Дарко Спасевски,** Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;

за изготвување на извештај, рецензија на монографија/книга „**ШПЕДИЦИЈАТА ВО СОВРЕМЕНИТЕ УСЛОВИ НА ПРОМЕТ НА СТОКИ“** од проф. д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, наменет за студентите на прв и втор циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на книгата, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Монографијата со наслов „**Шпедицијата во современите услови на промет на стоки**“ претставува оригинално научноистражувачко дело на тема којашто е исклучително важна во сферата на деловното право и практика. Темата вклучува повеќе аспекти на истражување, и тоа како во делот на теоријата, така и практиката што се однесува на овој сегмент од деловното право. Во суштина, во книгата темелно се опфатени најголем дел од прашањата кои се однесуваат на оваа исклучително битна проблематика за бизнис секторот, потрошувачкиот сектор и воопшто во еден поширок општествено-економски сектор.

Материјалот содржан во книгата е во тесна врска со наставно-научните содржини на повеќе предмети предвидени во наставната програма на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Содржината во книгата е концепирана и структурирана за да биде компатибилна на наставно-научните програми од областа на деловното право. Од овие причини во најголем дел интересот за истата ќе го најдат студентите од првиот и вториот циклус на студии од областа на деловното право. Книгата вклучува материјал којшто е подобен за изучување на материјата по предметите Трговско право и Меѓународно трговско право, којшто на Правен факултет при УГД се предвидени како задолжителни предмети, со фонд на часови 2+2+1. Во суштина, книгата има за цел да го надополни, потемелно да го обработи и да го надгради материјалот содржан во овие два предмети, искористувајќи го темелното познавање на авторот на оваа проблематика и релевантните практични знаења со кои располага. Последново, особено за студентите од вториот циклус на студии, чијшто образовен профил, степен на едукација и фаза на развој во областа на правото, нужно ја наметнуваат потребата од подлабоко и потемелно обработување на бројните концепти на деловното право, во чии рамки оваа проблематика зафаќа голем дел.

Авторката употребила прилично сложена методолошка рамка на елаборација на оваа тема. Имено, во текстот авторката се служи со повеќе методи, соодветно поставени и искористени за анализа. Помеѓу бројните методи, авторката најмногу го користи методот на ***аналитичка-дескрипција***, со помош на којшто прави длабока и темелна анализа на проблематиката, истата ја доведува во врска со другите слични институти на деловното право, ја објаснува нивната поврзаност и нивната различност, нивната функционалност и применливост во практиката и, конечно, нивната ефикасност во современиот промет на стоки. Како надополнување на овој метод, авторката во голем дел од текстот се служи и со ***компаративниот метод***, презентирајќи им на студентите и на пошироката читателска јавност како овој институт е конципиран во компаративните правни системи, практики и

законодавства. Авторката оди подлабоко и прави компаративна анализа на македонското *verus* европското, особено меѓународното право, укажувајќи на влијанието на последното врз националните решенија и практики. Со помош на овој метод авторката укажува како во овој сегмент од деловното право, а за потребите на бизнисот, се нивелираат разликите во правото помеѓу земјите кои припаѓаат на континенталноправниот систем, *versus* земјите од англосаксонскиот правен систем. Последното не само во делот на практиките на бизнис секторот и редовното деловно работење, туку практики и во смисла на постапувањето на судовите.

Во секоја поединечна глава, а и во одделните поглавја, авторката ги користи методите на анализа и синтеза, од каде што во завршните согледувања на материјата ги црпи главните заклучоци. Со помош на оваа разновидна методолошка рамка, авторката успева секое прашања да го анализира поединечно, како посебна целина, а истовремено, на крајот да ја презентира материјата како систем, односно секое поединечно прашање да го доведе во врска со главната цел на истражувањето и заклучоците од истото.

Благодарејќи на вака поставената методолошка рамка, авторката користи стандардизиран стил и концепт на елаборација на материјата. Имено, целокупната содржина и текстот е презентиран на начин што во секоја одделна глава авторката избира идентичен пристап на презентирање на материјата, почнувајќи од поим, предмет, цели, специфики на материјата, студии на случај за истата и конечно завршни согледувања. Во презентирањето на скоро секое прашање од воведните дел, авторката го користи и историскиот метод, без да ги обременува студентите и пошироката читателска јавност со историски податоци, туку единствено со цел да прикаже генезата на развојот на одредени институти и да ја покаже нивната трансформација во последните неколку децении. Во одредени сегменти авторката го користи и квантитативниот метод на анализа, меѓутоа повеќе за потребите на квалитативната презентација на одредена проблематика, отколку презентација на статистика. Во трудот не е исклучена примената на методот на анкета и интервју, меѓутоа, во еден мал сегмент, само таму каде што авторката сметала дека има потреба да се користат овие методи. Во поголем дел, за да не се обременува текстот, таквите податоци авторката ги презентира во фусноти.

Со ваквиот начин на презентирање на материјалот, авторката покажува дека темелно ја владее материјата за да презентира едно вакво научноистражувачко дело.

**Податоци за обемот на ракописот:** Монографијата со наслов „Шпедицијата во современиот промет на стоки" има 300 страници, А4 формат, со обем што е во согласност на програмата и потребите на неколку предмети од областа на деловното право, а што се предвидени согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Согласно со сознанијата на рецензентите кои долго време се занимаваат со оваа проблематика, книга со ваков наслов, содржина, структура и намена не постои во македонската правна мисла. Дополнително, не постои ниту сличен наслов и материја, што е доказ дека пишувањето на оваа книга е соодветно на потребите. Како познавачи на оваа материја, а во својство на рецензенти, сметаме дека оваа книга ќе ги надмине границите на употреба помеѓу студентите и ќе биде предмет на анализа и во функција на потребите и од бизнис секторот, и воопшто практиката во сферата на деловното право.

**Краток опис на содржината:** Содржината на книгата е претставена во девет (9) глави, во кои се содржани повеќе поглавја соодветно на потребите за анализа и елаборација на материјалот. Структуролошки и системски авторката ја презентира материјата водејќи сметка за потребата од системско проучување на материјата од страна на студентите, а истовремено овозможувајќи останатите заинтересирани читатели, особено од практиката, да консултираат поединечни поглавја и да ги лоцираат одговорите на нивните дилеми, прашања и проблеми од практиката.

Воведот во книгата им ги презентира на студентите и останатите читатели основните на шпедицијата како трговска дејност, нејзината важност и улога во современите услови на промет на стоки, предизвиците со кои шпедицијата во услови на брз, масовен промет на стока се соочува.

Од аспект на правната рамка и правните прашања што се елаборирани, во воведот најпрво се дефинираат основните постулати на кои се базира книгата и нејзината суштина на обработувањето. Покрај важноста и улогата во прометот на стоки, авторката уште во воведот му презентира на читателот и една друга димензија, а тоа е допирот и поврзаноста на шпедицијата со бројните и хетерогени други трговски дејности, и тоа, не само како правни гранки, туку како практики, како реални потреби во стопанството. На овој начин авторката успеала на почеток да му укаже на читателот за ширината и длабочината на познавања кои ќе ги стекне преку проучувањето на оваа содржина. Во воведниот дел авторката успеала тоа да го направи како во однос на правната димензија на елаборацијата, така и во поглед на економската, политичката (политика во смисла на стратегија, развојна програма), коишто се неизбежен составен дел на оваа материја.

Во **првата глава** се анализира поимот на шпедицијата како специјализирана трговска дејност, истакнувајќи го нејзиниот услужен карактер и нејзиното претставување како клучна алка во поврзувањето на производниот со транспортниот сектор. Во овој дел, дејноста на шпедицијата е објаснета и преку модерните трендови и влијанија, укажување на предизвиците со кои истата се соочува и перспективите на дејноста. **Втората глава** од книгата е целосно посветена на правната димензија на проблематиката, поточно на системите на правно регулирање на шпедицијата. Со доминантна употреба на компаративниот метод, авторката во овој дел се занимава со германскиот, францускиот и англоамериканскиот систем, компарирајќи ги, анализирајќи ги, укажувајќи на спецификите на секој одделно, и промените кои се настанати како последица на новите трендови во овој сегмент.

Во **третата глава** предмет на проучување се домашните и меѓународните извори на правото што го уредуваат договорот за шпедиција, па оттука и статусот на шпедитерот, односно неговите права и обврски. Акцентот е ставен на решенијата во националните правни системи, компарирајќи ги помеѓу себе, анализирајќи ги и истакнувајќи ги предности и слабостите во практиката. Во овој дел големо внимание е посветено и на меѓународната правна рамка, што е целосно оправдано, со оглед на фактот што сама по себе шпедицијата има меѓународна димензија и е врзана претежно за меѓународните бизнис релации. Во овој сегмент, фокус е ставен на конвенциите во повеќе сообраќајни гранки, а најголемата вредност е што авторот во овој дел ја анализира и транспортната правна рамка, како би создал целосната претстава за шпедицијата, истата би ја довел во врска со транспортот, логистиката и останатите сервисни/провајдерски услуги. Во овој дел, авторката успева и од правна гледна точка да ја презентира правната природа на институтот на шпедицијата, да укаже во кои случаи и под кои услови истата се изедначува со транспортот и логистиката, и да ја најде прецизна правна нишка на уредување од страна на меѓународната транспортна правна рамка.

Авторката на успешен начин прави компарација и помеѓу релевантните конвенции и тоа: Конвенција на ООН за договорите за меѓународен транспорт на стока целосно или делумно преку море (United Nations Convention on Contracts for the International Carriage of Goods Wholly or Partly by Sea - Rotterdam Rules/2009) која се однесува на повеќе транспортни маршрути, како и останатите релевантни извори на правото и тоа: Hague Rules/1924, Hague-Visby Rules/1968 и Hamburg Rules/1978. Во оваа глава е направена компаративна анализа на базичните одредби во однос на идентични прашања од сите три конвенции што го тангираат шпедитерот како самостоен субјект и неговата позиција во секојдневниот промет на стоки.

**Четвртата глава** се однесува на едно особено битно прашање за шпедитерот и неговата клиентела, а тоа е шпедитерските обврски од договорот за шпедиција. Бидејќи станува збор за двострано-обврзувачки договор, па она што е обврска за едната страна е право за другата страна и *vice versa*, во книгата авторката се задржува само на обврските на договорните страни. При анализа на ова проблематика, авторката тргнува од шпедитерската

позиција во сите сфери на дејствување и тоа: обврски по основа на пакување на стоката, нејзиното оштетување, примање и предавање на стоката, прибавување на превозните и другите придружни документи, контролата на исправноста на транспортната и другата документација, и како посебно издвоени подрачја, царинењето и осигурувањето на стоката.

**Петтата глава** се однесува на пропустите и дејствијата на шпедитерот и неговата одговорност за дејствијата преземени од трети лица. Во секоја од овие потточки се анализираат видот и обемот на одговорност од одделните сегменти на шпедитерско дејствување: пакувањето на стоката, царинските работи, вршењето на превоз, работите на осигурување, одговорноста кај збирна шпедиција и шпедитерската одговорност за преземање други работи. Во овој дел авторката темелно ја обработува и позицијата на шпедитерот, определена преку бројните и релевантни документи кои ги издава и останатите практики кои се применуваат од страна на надлежните институции.

Во **глава шест** акцентот е ставен на основните шпедитерски документи кои се употребуваат во домашниот и меѓународниот промет на стока. Во оваа глава се пристапува кон анализа на секој од поединечните документи со кои оперира шпедитерот, фокусирајќи се на ФИАТА документите и современите тенденции во шпедитерската документација.

Предмет на анализа и елаборација во **глава седум** претставуваат специјалните шпедитерски работи. Во ова категорија работи се дефинираат и проучуваат поместувањето на шпедитерот надвор од својот делокруг на работа и тоа: пакување, складирање, контрола на квалитетот и квантитетот на стоката итн.

**Во осмата глава** се разработуваат обврските на налогодавачот од договорот за шпедиција. Преку обработувањето на ова прашање авторката автоматски го разработува и прашањето за правата на шпедитерот, а со употреба на соодветен академски стил на пишување, се враќа и на прашањето за правната природа на договорот за шпедиција, како темелно и суштински би се објасниле и корпусот на правата и обврските.

**Во деветтата глава** се обработуваат најновите светски трендови на полето на шпедицијата и транспортот. Повикувајќи се на емпиријата и анализите од претходно елаборираните прашања, во ова глава фокусот на влијанието на глобализацијата и мрежната организираност на шпедитерите и логистичките оператори кои во деловниот свет на површина ги исфрлаат логистичките провајдери и центрите за интегрирани шпедитерски услуги. Тука посебно се расчистуваат дилемите околу логистиката во производството, што во суштина го сепарира традиционалното од модерното шпедитерство. Авторот го надополнува овој дел и со новите практики на бизнис секторот, земајќи ги предвид нивните деловни обичаи, начините на превоз и организирање на транспорт, влијанието на пандемијата Ковид-19, глобалната економска, енергетска и воопшто светска криза. Конечно, во завршните согледувања авторката Борка Тушевска-Гавриловиќ се обидува во кратки црти, повикувајќи се на истражувањата, анализите и елаборациите од сите претходно наведени глави, да резимира дека позицијата статусот на шпедитерот во деловниот свет е целосно трансформиран и секојдневно се соочува со предизвиците на модерниот деловен свет. Под влијание на новите трендови во деловниот свет, анализираните и цитираните арбитражни и судски пресуди, во завршните согледувања се резимираат промените во шпедитерскиот сектор што се последица на модерните потреби во трговијата, развојот на електронската комуникација во деловниот свет, промените во бројни правно релевантни извори во меѓународното деловно право.

### З А К Л У Ч О К

Монографијата со наслов „**Шпедицијата во современите услови на промет на стоки**“, од редовен проф. д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, претставува самостојно научноистражувачко дело, што ги задоволува критериумите на академска книга, со теоретски и практичен приказ на материјата, соодветен на потребите на студентите и на пошироката читателска јавност. Проучувањето на оваа книга ќе и овозможи на читателската публика, особено студентите од првиот и вториот циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, да се стекнат со знаење од областа на шпедицијата како дејност и договорот за шпедиција како посебен договор.

Познавајќи ја авторката и нејзиното досегашно творештво, нејзиниот предмет на интерес и образовен профил, сметаме дека книгата ќе даде особен придонес во процесот на едукација на студентите од областа на правото во Република Северна Македонија, а во голем сегмент ќе придонесе и кон решавањето на одредени правни дилеми со кои се соочува практиката. Од овие причини, задоволство ни е да дадеме еден критички осврт на материјалот, оценувајќи го позитивно, со предлог до **Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, да ја усвои оваа рецензија, како би продолжила постапката за понатамошно публикување на делото со наслов „Шпедицијата во современите услови на промет на стоки“.**

**Рецензенти**

**Д-р Горан Коевски,** редовен професор, с.р.
**Д-р Дарко Спасевски,** редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „УРГЕНТНА МЕДИЦИНА” ОД**
**ДОЦ. Д-Р БИЛЈАНА ЕФТИМОВА, ДОЦ. Д-Р ТАТЈАНА ТРОЈИЌ И**
**ДОЦ. Д-Р МАЈА МОЈСОВА-МИЈОВСКА,**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, како и Одлуката бр. 2002-296/3 од 289. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 4.11.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Јордан Нојков,** редовен професор во пензија на Факултет за медицински науки;
– **д-р Александар Митевски,** насловен вонреден професор на Факултет за медицински науки

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за скрипта „Ургентна медицина” од доц. д-р Билјана Ефтимова, доц. д-р Татјана Тројиќ и доц. д-р Маја Мојсова-Мијовска, наменет за студентите од интегрираниот прв циклус студии - Општа медицина и прв циклус стручни студии – Медицински сестри-техничари, на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Наслов на учебното помагало: „Ургентна медицина”. Наслов на предметот: Ургентна медицина, со неделен фонд на часови 1+1+1, десетти семестар, студиска програма Општа медицина и Ургентна медицина со нега, со неделен фонд на часови 2+2+1, шести семестар, студиска програма Медицински сестри/техничари, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Име и презиме на авторите на трудот: доц. д-р Билјана Ефтимова, доц. д-р Татјана Тројиќ, доц. д-р Маја Мојсова-Мијовска.

Приложениот ракопис за рецензија е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната содржина предвидена во студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** За ракописот е користена литература од релевантни извори од понов датум. Според обемот на содржината, соодветно на фондот на часови, ги задоволува критериумите според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” и овозможува комплетно покривање на предвидената предметна програма.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** На Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на е-библиотека нема објавено ваков или сличен наслов што се однесува на настава од областа ургентна медицина, иако во државата и регионот постојат учебници и скрипти кои ја третираат оваа научна област и се адаптирани кон предметните програми предвидени на конкретната студиска програма. Сепак, оваа скрипта на оригинален начин и согласно со предметната програма по предметот Ургентна медицина акредитирана на Факултетот за медицински науки ја надополнува теоретската наобразба на студентите и како таква претставува есенцијално учебно помагало за студентите кои во своите студиски програми го изучуваат овој предмет.

**Краток опис на содржината:** Скриптата на 119 страници обработува содржини кои се поделени во два дела, општ дел кој се состои од три целини и специјален дел кој се состои од тринаесет целини. И општиот и специјалниот дел содржат и соодветни слики и табели за појаснување на содржината и полесно објаснување на одредени постапки, процеси и поими.

**Општ дел**

***Историјат и Вовед*** **–** Во овие две поглавја ги објаснува накратко почетоците на ургентната медицина како поим, дефинира што изучува, кои делови ги содржи во себе и подетално за секој од нив кои се задачите и целите.

***Протокол на ургентна тријажа (ESI index)*** **-** Ова поглавје го објаснува поимот тријажа и што претставува ESI индексот. Целта на тријажа на пациентите во ургентните центри е да се изврши соодветна селекција и да се даде приоритет на оние пациенти кои не се во состојба да чекаат. Притоа се прави кратка фокусирана проценка и се одредува соодветно ниво, кое отприлика одговара на времето за кое пациентот безбедно може да почека за преглед или биде ургентно третиран што зависи од тежината на повредата и неговата состојба. Го објаснува главниот принцип на ургентниот тријажен систем како инструмент преку кој ќе се олесни приоритетот на пациентите базиран на ургентноста на третманот потребен за нивната состојба. Индекс на ургентност (ИУ) претставува нов концептуален модел на ургентна тријажа, при која освен прашањето „кој од пациентите треба да биде прегледан прв", истовремено се земаат предвид потребните ресурси за да се дојде до крајниот исход (прием на пациентот, испуштање или трансфер).

**Специјален дел**

***Шок*** **-** Ова поглавје го опишува поимот шок, што претставува, механизмот на настанување на шокот и промените кои се случуваат на организмот, на ниво на клетката и размената на кислород и материи. Потоа ја дава поделбата на фазите на шок и промените во секоја од нив во органите. Потоа се објаснува секој од видовите шок, како настанува, етиологијата и патогенезата на шокот, како и кои се симптомите и лекувањето. Ги објаснува механизмите на настанување на секој одделно-хиповолемичен, хеморагичен, анафилактичен, септичен, спинален, кардиоген. За секој од нив се објаснува причината за настанување, клиничката слика, симптоми и лекувањето.

***Итни состојби во кардиологијата*** **–** Оваа тема од скриптата по Ургентна медицина содржи опис на заболувањата на кардиоваскуларниот систем кои се животозагрозувачки, симптомите и знаците по кои најдобро и најточно може да се препознаат, како да се дијагностицираат и кое е лекувањето. Ги објаснува акутната срцева слабост, која е етиологијата, конгестивната срцева слабост, дијагностичките процедури и лекувањето на истите. Потоа е опишан акутниот коронарен синдром, причините и промените на крвните садови кои доведуваат до оваа состојба и клиничките синдроми-стабилна ангина пекторис (STEMI) и нестабилна ангина пекторис (NSTEMI). На крај е опишан акутниот миокарден инфаркт, етиологија, промени на ЕКГ, биохемиски показатели, симптоматологија и лекување.

***Итни состојби во пулмологијата*** **–** Во ова поглавје се разгледуваат ургентните состојби во пулмологијата - акутна респираторна инсуфициенција, бронхијална астма, Акутен респираторен дистрес синдром (АРДС), пулмонална емболија, акутизација на хроничната опструктивна белодробна болест, масивна хемоптоа, тензионен пневмоторакс. За секое од овие заболувања опишани се етиологијата, симптомите, како да се препознае соодветната состојба и постапките што треба да се применат за адекватно и навремено препознавање и лекување. Целта е студентите да се запознаат со симптомите и навреме да ги третираат.

***Итни состојби во акушерството и гинекологијата*** **-** Во ова поглавје се објаснуваат животозагрозувачките состојби во акушерството, симптомите по кои се препознаваат, промените на органите, дијагнозата и раното препознавање за да се овозможи навремена и брза дијагноза и третман. Опишани се ектопична бременост, крвавење во прв, втор и трет триместар од бременоста, атонија на матката, плацентарна абрупција, руптура на утерусот и постпарталните крвавења. Потоа е опишана хипертензија во бременоста која води до компликации како прееклампсија и еклампсија кои се животозагрозувачки состојби како за мајката така и за плодот. Споменати се и емболија со плодова вода како и тромбемоличните компликации. Во гинекологијата како ургентни состојби се опишани вагиналните крвавења, хеморагичен шок, ендототоксичниот шок и акутен абдомен поради торзија на циста или токсичен шок синдром.

***Повреди на организмот предизвикани од физички фактори во опкружувањето*** **-** Во ова поглавје се опишани најчестите надворешни фактори кои со своето дејство на организмот предизвикуваат оштетувања кои можат да бидат од лесни минливи до трајни последици кои завршуваат многу често и летално ако не се превенираат или препознаат. Опишани се хипертермијата, топлотен удар, топлотна исцрпеност, топлотни грчеви со нивната клиничката слика, начинот на настанување и третманот. Потоа се опишани изгорениците, со компликациите кои често се фатални ако не се третираат правилно, посебно ако се зафатени големи површини од телото. Потоа е опфатен струјниот удар, удар од гром со симптоматологија, третман и превенција. Овде се објаснети и давењето во слатка и солена вода, т.н. суво давење, како и последиците од неправилно нуркање, односно болест на декомпресија и баротраумите кои настануваат последователно. На крај се опишани најчестите фатални каснувања и убоди од отровни животни - од змии и пајаци.

***Акутни состојби во психијатријата*** **-** Во ова поглавје се опишани психичките растројства кои бараат итен третман како акутните депресии со суицидални појави, делириум, кататонија со ступор и хистеријата - конверзивна невроза кои поради спецификите и симптомите на пациентите претставуваат често опасност како за себе, така и за околината. На студентите им е опишано како навремено да ги препознаат и кој е соодветниот третман.

***Состојби на загуба на свест - бесвесни состојби*** **-** Овде се опишани нарушувањата на свеста кои настануваат акутно-синкопа, метаболна кома, хепатална кома, уремична и церебрална кома, како и причините за овие состојби, симптоми и терапија на основните нарушувања кои доведуваат до загуба на свеста и кома.

***Ургентни метаболни состојби*** **-** Во ова поглавје се опишани акутни состојби кои настануваат поради екстремно нарушување на лачењето на одредени хормони. Спомнати се хипогликемијата и хипогликемична кома поради екстремно ниско ниво на гликемијата во крвта, потоа хипергликемијата и кетоацидозата каде што имаме високи вредности на гликемијата, симптомите на овие состојби и ургентното лекување. Опишана е и тиреотоксикозата со тиреотоксичната бура како животозагрозувачка состојба поради екстремно високи вредности на тироидните хормони. Потоа феохромоцитомот кој се манифестира со адреналинска бура-лачење на високи дози на адреналин и последователно малигна хипертензија со сите последици по организмот.

***Ургентни состојби во нефрологијата*** **-** Овде се опишани ургентните состојби на уринарниот тракт-како што е акутната бубрежна инсуфициенција, уремичен синдром, хипертензивна криза со симптоми и нарушувања кои на крај доведуваат до оштетување на одредено ниво на уринарниот тракт и потреба од привремена перитонеална дијализа или трајна дијализа. Овде спаѓаат и состојбите на акутно влошување на хроничната бубрежна инсуфициенција.

***Гастроинтестинални крвавења*** **-** Во ова поглавје се опишани акутните крвавења на дигестивниот тракт - желудник дуоденум, тенко и дебело црево кои често завршуваат со хеморагичен шок. Објаснети се симптомите, како се поставува дијагнозата и кое е најсоодветното лекување.

***Ургентни состојби во неврологијата*** **-** Овде се опишани состојбите поврзани со невролошки нарушувања како статус епилептикус кај епилепсиите, промени на менталниот статус како последица на невролошки заболувања, акутен трансверзален миелит-акутно воспаление на сегмент од 'рбетниот мозок со последично губење и невролошки испади под нивото на оштетувањето. Потоа се опишани цереброваскуларните инсулти, исхемичен и хеморагичен, како многу чести заболувања во сите старосни групи со трајни последици. Интрацеребралните крвавења кои исто така се акутни животозагрозувачки состојби, Жилиен-Баре синдромот, акутен полинеурит од непознато потекло со тешки невролошки испади. Миастенична криза исто така е опишана во ова поглавје, препознавање и третман на симптомите. Опишани се и конвулзиите.

***Ургентни состојби во детската возраст*** **-** Ова поглавје ги опфаќа ургентните состојби во детската возраст, нивно препознавање, симптоми кои се јавуваат, причините, како и третманот на истите. Вклучени се конвулзиите како многу чести во детската возраст, посебно фебрилните конвулзии. Потоа акутната дехидратација која брзо води

до електролитен дисбаланс, степените на дехидратација со симптоми и надомест на течностите по строго одредени формули. Потоа неонаталната асфиксија, екстремно акутна животозагрозувачка состојба каде што е опишана постапката на реанимација со цел спасување на новороденото.

***Интоксикации* -** Во последното поглавје се опишани интоксикациите, што претставуваат, кои се најчести симптоми по кои може да се утврди токсинот, како и лекувањето. Прво е даден опис на општите принципи на лекување на интоксикациите, негата, елиминирање на токсините во прехоспитални услови. Потоа се опишани најчестите дроги и предозирањето од нив, како и труењето со алкохоли, хемиски средства, печурки. Дадени се главните причини за смрт при овие интоксикации и менаџирање со интоксициран пациент, што да се направи и што да се даде за елиминирање или поништување на дејството на токсинот. Во специјалниот дел се опишани најчестите труења - труење со лекови, бензодиазепини, антипсихотици, опијати, лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем и соодветните тераписки мерки. Потоа труење со опојни дроги, јаглен моноксид, органофосфорни соединенија и печурки. Дадени се главните симптоми, начинот на делување и оштетување на органите и третманот во болнички и вонболнички услови - на местото на настанување на интоксикацијата.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот „Ургентна медицина – скрипта“ се однесува на теоретска едукација на студентите од областа на ургентната медицина и е комплементарен на предметната програма предвидена на студиските програми Општа медицина и Медицински сестри/техничари. Се очекува дека скриптата ќе им помогне на студентите во запознавањето, совладувањето и систематизирањето на знаењата од оваа медицинска област.

Предложениот ракопис за скрипта по Ургентна медицина за студентите на Општа медицина и Медицински сестри/техничари е материјал кој може да им обезбеди соодветен квантум на теоретски знаења на студентите. Содржи значителен обем на теоретски образложенија на најчестите ургентни состојби поделени по системи, симптоматологија, дијагностички испитувања и тераписки мерки. Со тоа се обезбедува исполнување на целите и задачите на предметната програма, притоа овозможувајќи им на студентите совладување на еден важен сегмент од нивниот иден професионален развој. Ракописот цитира како основна, така и современа литература, соодветни за користење од страна на студентите.

Поради ова, со големо задоволство препорачуваме ракописот за скрипта „Ургентна медицина“ од авторките доц. д-р Билјана Ефтимова, доц. д-р Татјана Тројиќ и доц. д-р Маја Мојсова-Мијовска биде објавен како скрипта во електронска форма за студентите на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

**Рецензенти**

**Д-р Јордан Нојков,** редовен професор, с.р.
**Д-р Александар Митевски,** насл. вонреден професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ПРАКТИКУМ ПО ФИЗИОЛОГИЈА 1“**
**ОД ДОЦ. Д-Р ЗОРАН ХАНЏИСКИ, ДОЦ. Д-Р ЕЛИ ХАНЏИСКА,**
**АСИС. Д-Р АНА МАРИЈА ТАСЕВА И Д-Р СТЕФАН КОЦЕВ,**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-243/21 од 284. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 30.8.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- н**асл. проф. д-р Милка Клинчева,** Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,
- **проф. д-р Мире Спасов,** Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ПРАКТИУМ ПО ФИЗИОЛОГИЈА 1” од авторите доцент д-р Зоран Ханџиски, доцент д-р Ели Ханџиска, асистент д-р Ана Марија Тасева и д-р Стефан Коцев,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**: Ракописот „**ПРАКТИКУМ ПО ФИЗИОЛОГИЈА 1“** од авторите доцент д-р Зоран Ханџиски, доцент д-р Ели Ханџиска, асистент д-р Ана Марија Тасева и д-р Стефан Коцев е наменет за задолжителниот предмет Физиологија 1 за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки, студиска програма Општа медицина и студиска програма Дентална медицина. Предметот според наставната програма е предвиден да се слуша во третиот семестар за студентите на Општа медицина и во вториот семестар за студентите на Дентална медицина. Неделниот фонд на часови изнесува 3+3+1 и носи 7 кредити за студиската програма Општа медицина, за Дентална медицина 3+2+1 и носи 5 кредити. Приложениот ракопис е работен компјутерски, текстот е дополнет со 133 слики и 42 табели кои на многу практичен начин го дообјаснуваат и илустрираат материјалот поврзан со физиолошките процеси кај човекот.

Доставениот текст потполно е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведените предмети и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на практична реализација на Наставната програма.

**Обем на ракописот**: Ракописот кој е приложен за рецензија е оформен на 268 страници А4 формат, со фонт 11, работен е во Arial со македонска поддршка. Текстот е солидно обработен со јасни прикази на сите физиолошки промени во организмот. Внесени се 133 илустрации и 42 табели за дообјаснување на текстуалните описи. Обемот на ракописот потполно ги задоволува потребите на предметот за кој е наменет, бројот на часови со кој е застапен и соодветната Наставна програма. Истовремено одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој ракопис претставува прв практикум по предметот Физиологија 1 за студенти на Општа и Дентална медицина, кој е напишан и изработен од професори и асистенти од Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Краток опис на содржината:** Материјалот обработен во ракописот е презентиран на концизен и едноставен начин. Идејата за изработка на практикумот е оригинална во презентирањето на содржините, особено со користењето на лабораториските симулации (PhysioEx), како практични вежби или експеримент. На крајот од секое поглавје се наоѓа лабораториски квиз и дискусија, со кои студентите ќе си го проверат постигнатото знаење. Ракописот е систематизиран и логички поделен на десет дела (поглавја), и на крајот завршува со користената литература. Овие десет логични целини редоследно ја обработуваат практичната содржина по предметот Физиологија 1 за студентите од студиската програма по општа медицина, како и за студентите по дентална медицина. Трудот е подготвен според стандардна методологија и обработува прашања кои се однесуваат на современите знаења во областа на физиологијата.

На почетокот е дадена содржината на ракописот, која е уредно презентирана, со јасно и логично обележување на поглавјата со наслови, а одделните делови во склоп на поглавјата како поднаслови на обработената содржина. Страните обележани во делот ***Содржина*** се соодветни на ракописот.

Во првиот дел ***Транспортни механизми*** се презентирани симулации на осмоза, олеснета дифузија, осмотски притисок, филтрација и активен транспорт.

Пред секој експеримент се одредува целта на вежбата, а потоа се наоѓа краток и јасен вовед во вежбата, во кој теоретски се објаснува физиолошкиот процес. Петте експерименти се објаснети со 6 слики. Резултатите од експериментите се внесуваат во работна табела (вкупно 5). Секоја симулација завршува со лабораториски квиз и дискусија.

Во вториот дел ***Периферен нервен систем*** се опишува акциониот потенцијал, механизмот на негово спроведување и регистрирање. По воведниот дел следат 9 лабораториски симулации (експеримент 6 до 14) за Мембрански потенцијал во мирување, рецепторен потенцијал, акционен потенцијал, натриумови волтажно зависни канали, мерење на апсолутни и рефрактерни периоди, кодирање на интензитет на стимул, брзина на спроведување на акциски потенцијал, хемиска синаптичка трансмисија и ослободување на невротрансмитер. На почетокот на секоја вежба има цел и вовед. По секоја симулација има квиз и дискусија.

Третиот дел ***Физиологија на скелетни мускули*** ја опишува анатомијата на скелетните мускули, потоа физиологијата на мускулната контракција. Целиот текст е објаснет со илустрации кои корелираат со текстот.

Претставени се неколку вежби кои ја испитуваат мускулната активност со помош на ергографија, потоа мерење на мускулната сила со помош на динамометрија, како и електромиографија. Поглавјето продолжува со лабораториски симулации кои имаат за цел да ја објаснат контрактилноста на скелетната мускулатура, стимулација на контракција, влијанието на фреквенцијата на стимулација врз контрактилноста на скелетната мускултатура, тетанус и замор на мускулатурата, како и врската помеѓу должината и тонусот на скелетната мускулатура. На почетокот на секоја вежба има цел и вовед. По секоја симулација има квиз и дискусија.

Четвртото поглавје го обработува ***Кардиоваскуларниот систем***. Во првиот дел се објаснуваат срцевите тонови, пулсот, физиолошкиот механизам на нивно настанување и начинот на испитување. Многу јасно и сликовито е објаснет крвниот притисок, физиологијата на настанување крвен притисок како и начинот на мерење. Текстот е дополнет со илустрации.

Во петтото поглавје се објаснуваат ***Биоелектричните сили*** и акцискиот потенцијал на срцето. Посебен дел во ова поглавје е посветено на електрокардиографијата. Овој дел завршува со вежба како се прави електрокардиограм.

Шестото поглавје е исполнето со симулациски вежби кои ја испитуваат кардиоваскуларната динамика, ефектот на радиусот на крвните садови врз протокот на крв, проучување на ефектот на вискозноста на крвта, должината на крвниот сад и промената на крвниот притисок врз протокот на крв. Следните вежби се посветени на влијанието на крвните садови врз срцето како пумпа (ефектот на радиусот на крвните садови, ефектот на ударниот волумен). Последната вежба ги обработува компензаторните механизми кај патолошки кардиоваскуларни заболувања (аортна стеноза). Секоја вежба започнува со цели и вовед, завршува со квиз и дискусија.

Седмото поглавје ја обработува ***Кардиоваскуларната физиологија.*** Преку повеќе симулациски вежби кои вршат испитување на рефрактерниот период на срцето, ефектот на стимулација на нервус вагус, ефектот на температурата, различни хемиски супстанции, и различни јони како влијаат на работата на срцето. Секоја вежба започнува со цели и вовед, завршува со лабораториски квиз и дискусија. Вежбите се надополнети со илустрации и табели.

Осмото поглавје е посветено на ***Физиологија на крвта.*** По краткиот вовед, опишани се вежби за земање капиларна крв, венепункција, добивање крвна плазма и серум. Вежбите се дополнети со илустрации кои корелираат со текстот. Следуваат лабораториските симулации за одредување на хематокрит, одредување на тежина на плазма и крв.

Во вториот дел од физиологија на крвта се објаснети основните карактеристики на крвните клетки. Цел на вежбите е да се објасни начинот на броење на крвните клетки, мануелно и автоматски. По опишување на видовите леукоцити вежбата е посветена на крвна размаска под светлосен микроскоп. Поглавјето продолжува со вежби за одредување на концентрацијата на хемоглобин по методот на Sahli, Drabkin. Со помош на лабораториски симулации се дообјаснува начинот на одредување на концентрацијата на хемоглобин. Поглавјето завршува со објаснување на хематолошките индекси: индекс на боење, средна содржина на хемоглобин (MCH), Средна концентрација на хемоглобин (MCHC), Среден волумен на еритроцитите (MCV).

Во третиот дел од физиологија на крвта се објаснува што е седиментација на еритроцити. Следат вежби чија цел е да се објасни одредување на брзината на седиментација на еритроцитите и факторите кои влијаат на неа, вежби за одредување на осмотската резистенција на еритроцитите, како и вежби за утврдување хемолиза. Посебно место во поглавјето зазема одредувањето на крвни групи и Rh фактор. Последната вежба одредува ниво на вкупен холестерол во крвта. Како и во другите поглавја, така и овде е запазен редоследот: цели на вежбата, вовед, експеримент, лабораториски квиз и дискусија. Вежбите се дообјаснети со соодветни илустрации.

Четвртиот дел од физиологија на крвта авторите го посветуваат на ***Хемостазата.*** По краток вовед во процесот хемостаза се објаснети неколку вежби кои ги објаснуваат факторите кои водат до коагулација на крвта, како што се калциумовите јони. Следат три теста кои ги објаснуваат факторите кои се неопходни во процесот на хемостаза: тест за капиларна фрагилност, тест за одредување на времето на крвавење по Duke, по Ivy, тест за ретракција на коагулумот, тест за испитување на факторите на коагулација: тест за одредување на протромбинско време (надворешен пат на коагулација), тест за одредување на парцијално тромбопластинско време (внатрешен пат на коагулација). Посебно внимание е посветено на тестот за одредување на времето на коагулација на крвта, по методите на Holio и Lee-White.

Деветтото поглавје ја обработува темата ***Механика на респираторен систем.*** Најпрво ги објаснува белодробните волумени и капацитети, со цел да ја објасни спирометријата. Сликовито ги објаснува различните криви на спирограмот при различни видови на дишење. Следните лабораториски вежби ја објаснуваат улогата на сурфактантот и интраплевралниот простор врз дишењето. И во ова поглавје зачуван е редоследот: цели на вежбите, вовед, експеримент кој е до објаснет со соодветни илустрации. По завршување на лабораториските симулации, стекнатото знаење се проверува со лабораториски квиз и дискусија.

Последното, десетто поглавје е посветено на ***Рефлекс и рефлексен лак.***

Во воведниот дел се објаснети рефлексот, рефлексниот лак, видовите рецептори. Вежбите за изведување се посветени на видовите рефлекси. Поглавјето завршува со објаснување на влијанието на автономниот нервен систем врз различни органи во организмот.

Со последното поглавје, овој ракопис добива една комплетна форма која има цел да ги комплетира знаењата на студентите од областа на физиологијата.

Во последниот дел е приложена ***Користената литература***, која е современа, содржи 18 референци. Литературата му овозможува на читателот, (студентот) да ги прошири своите знаења. Базичната литература се состои од повеќе цитирани книги и учебници кои

претставуваат извор на информации кои се сублимирани во предложениот материјал на овој ракопис.

**З А К Л У Ч О К**

Доставениот ракопис несомнено има добар наставен пристап кон проблематиката која ја обработува и врз основа на изнесеното може да се заклучи дека се работи за обемен и квалитетен труд кој е од посебен интерес за едукација од областа на физиологија. Совладаната содржина има потенцијал да ги подготви студентите за понатамошното изучување на физиологијата.

Трудот е работен според Наставната програма, комплетно и стручно е оформен и дава придонес во стручната литература со што реално се потенцираат очекувањата дека ќе одговори на својата намена. Ова е прв практикум по Физиологија 1 за студентите по Општа и Дентална медицина на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Овој формат ја задоволува комплетно реалната потреба од еден ваков учебник за овој предмет.

Ракописот во целост ги задоволува критериумите за практикум по задолжителниот предмет Физиологија 1, за студентите од студиските програми Општа медицина и Дентална медицина. Работен е според Наставната програма за споменатиот предмет, а воедно ги задоволува и условите од одредбите во Правилникот за издавање на учебници пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Милка Клинчева,** с.р.
**Проф. д-р Мире Спасов,** с.р.

.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „СРЕДНОВЕКОВНА КНИЖЕВНОСТ“ – РЕЦЕНЗИРАНА СКРИПТА ОД НАСЛ. ДОЦ. Д-Р МИЛЕНА РИСТОВА-МИХАЈЛОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1902-110/16 од 252. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 28.9.2022 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Добрила Миловска,** редовен професор, Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје;
– **д-р Виолета Мартиновска,** редовен професор, Педагошки факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„СРЕДНОВЕКОВНА КНИЖЕВНОСТ“ - РЕЦЕНЗИРАНА СКРИПТА** од **насл. доц. д-р Милена Ристова-Михајловска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот од насл. доц. д-р Милена Ристова-Михајловска со наслов „Средновековна книжевност“ - рецензирана скрипта, понуден како наставен прирачник за објавување во електронска форма на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се однесува на предметот Средновековна книжевност, кој студентите на Катедрата за македонски јазик и книжевност го слушаат како задолжителен предмет во првиот семестар со неделен фонд на часови 2+2+1. Понудениот ракопис од насл. доц. д-р Милена Ристова-Михајловска е целосно во согласност со Предметната програма по предметот Средновековна книжевност, според која е структурирана наставната материја во овој ракопис. Рецензираната скрипта содржи 211 страници, А4 формат, распределени по поглавја и потпоглавја во кои се елаборира за теми од областа на средновековната книжевност. Содржината во скриптата е изложена и елаборирана во повеќе поглавја.

Првото поглавје, насловено како ***Словенска писменост. Обид за периодизација*** содржи податоци за почетоците на словенската писменост и важниот, а не така лесен пристап кон периодизација на старата литература. Според второво, следуваат и потпоглавјата: *Старата литература од последната четвртина на IX век до крајот на XII век; Епоха на примање, распространување и утврдување на делото на светите браќа Кирил и Методиј; Епоха на социјален протест и остри општествени противречја и нивниот одраз во литературата; Епоха на византиското владеење* и *Старата литература од почетокот на XIII век до втората четвртина на XV век.*

Второто поглавје се однесува и е насловено како ***Ораторската проза во средновековието. Пофвали, поуки, полемики,*** така што следствено на ова поглавје доаѓаат и потпоглавјата со наслови: *Останати средновековни книжевни родови; Жанрот полемики (полемичка литература); Поим и дефиниција за жанрот полемика; Полемиката (расправата) како еден од видовите на научната проза; Полемиката и религијата. Реториката и дијалектиката; Жанрот полемика во домашната и светската литература; Жанрот полемики во зборниците на Висарион Дебарски; Структура на зборниците со патристички дела и ораторско-прозни слова.* Во второво поглавје се разгледуваат поуките, пофалите и полемиките како репрезентни жанрови на ораторската средновековна проза со тоа што истите се среќаваат во делата на најмаркантните средновековни книжевници, кои студентите ги изучуваат по предметот Средновековна книжевност. Ставен е акцент на полемиката, поради тоа што низ нејзината призма, студентите по истиов предмет ги интерпретираат делата на св. Кирил Филозоф, св. Методиј, Црноризец Храбар, Презвитер Козма.

Третото поглавје е насловено како ***Датирање на недатираните творби*** што како укажување и упатство е од исклучително значење при изучувањето на средновековната литература.

Со четвртото поглавје ***За писмото со „црти и реси“*** во овој учебник се прави воведување кон општословенскиот, односно прасловенскиот период и последователно кон дејноста на Кирил и Методиј и нивните следбеници, така што петтото поглавје со право го носи називот ***Кирилометодиевистика.***

Како една од најопсежните области на која треба да се посвети внимание по овој предмет, Кирилометодиевистиката се доразработува преку потпоглавјата со наслови: *Извори; Кирил-творец на азбуката; Кирил Филозоф како полемичар; За дипломатскиот гест-предавање на свети мошти* и *За „Написание за правата вера“ и неколку спорови на Методиј.*

Шестото поглавје носи наслов ***Средновековните книжевни школи и истакнатите книжевни дејци во нив*** со акцент на св. Климент и св. Наум Охридски, кои во овој учебник добиваат место во следните потпоглавја со наслови: *Свети Климент-автор и креатор на оригинални и засведочени пофвали и поуки со стилски богата поетика и Свети Наум Охридски-чудотворец и поет.*

Во седмото поглавје детално се прави осврт кон ***Полемичкото дело „За буквите“ од Црноризец Храбар***, кон што се надоврзуваат и потпоглавјата: *Прва етапа на писменоста според Црноризец Храбар; Втора етапа на писменоста според Црноризец Храбар; Трета етапа на писменоста според Црноризец Храбар* и *Црноризец Храбар како полемичар.*

Неминовно е да се навлезе темелно во основите на богомилството за понатаму да се зборува за апокрифната литература. За тоа е водено сметка и при создавањето на осмото поглавје со наслов ***Богомилски извори во македонската писмена традиција***. Во ова поглавје не само што се дава осврт кон богомилството, туку и се издвојува Презвитер Козма како проповедник, полемичар и автор на делото „Беседа против богомилите“. Оттука се наметнува и дообјаснува и тезата што е маркантна во проучувањата на д-р Ристова-Михајловска за врската помеѓу богомилството и апокрифната литература. Во склоп на ова поглавје следуваат и потпоглавјата: *Краток осврт кон досегашните проучувања на оригиналните богомилски извори; Базични принципи, симболика и први пишани документи на богомилството; Македонија-жариште на богомилството; Поделба на богомилските извори; Врската на богомилите со апокрифната литература; Оригинални богомилски извори; Некои антибогомилски извори; „Беседа против богомилите“ - полемичка творба од средновековието; Датирање на творбата на Козма; Презвитер Козма како писател-проповедник; Жанр, композиција и стил на творбата.*

Следните поглавја се однесуваат на животот и дејноста на останатите средновековни книжевници: Константин Брегалнички, Димитар Кантакузин, Исаија Серски, Владислав Граматик, Протопоп Јоан Кратовски, Висарион Дебарски, Пахомиј, Матеј и Сисој.

Последното поглавје со наслов ***Средновековни романи и раскази*** ги опфаќа најрепрезентативните романи и раскази од средновековната книжевност, што понатаму во текот на предавањата и вежбите се работат интерпретативно, а во ова учебно помагало се наведени таксативно и со издвојување на најважните сегменти.

На крајот, покрај биографијата на насл. доц. д-р Милена Ристова-Михајловска, приложена е и богата библиографија на референци (кирилични, латинични и електронски извори)што авторката ги консултира при изработка на ракописот „Средновековна книжевност“ – рецензирана скрипта.

Трудот е напишан на стандарден македонски јазик со користење на кирилско писмо и е во согласност со основните методолошки барања за изработка на учебно помагало.

## ЗАКЛУЧОК

Трудот на насл. доц. д-р Милена Ристова-Михајловска со наслов „Средновековна книжевност“, понуден за објавување како рецензирана скрипта, со оглед на обемноста на наставната програма и наставната материја на предметот Средновековна книжевност, претставува исклучително професионално сработен труд преку кој се опфатени најзначајните аспекти на периодот, литературата и книжевниците што се изучуваат. Словенската писменост и кирилометодиевистиката се доближени до студентите и по пат на обид за периодизација и по пат на упатство за трајно совладување на знаењата од овој период. Авторката прави хронолошко пристапување кон овој период, со тоа што става акцент на св. Кирил, св. Методиј, св. Климент и св. Наум, но се насочува и кон личностите и делата на: Црноризец Храбар, Презвитер Козма, Константин Брегалнички и останатите средновековни книжевници. Она што го прави овој труд поинаков и подостапен до студентите се систематизирањата на средновековните дела низ призмата на полемиката што отвора едно поинакво пристапување кон средновековната литература, а во согласност со потребите и барањата на современиот читател и истражувач. На ваков начин на студентите им се олеснува достапноста и приодот кон теоретско-апликативниот материјал што во друга смисла е доста обемен. Определените насоки и практични примери за можност за интерпретација се уште еден показател дека овој учебник ќе им го олесни патот до утврдување на трајни знаења на студентите. Овој наставен прирачник претставува солидно помагало за стекнување на знаења и сознанија од широкиот домен на средновековната литература. Врз основа на ова образложение за содржината на скриптата со наслов „Средновековна книжевност“, Рецензентската комисија заклучува дека овој труд на насл. доц. д-р Милена Ристова-Михајловска во целост ги исполнува основните критериуми за објавување. Затоа, како членови на Рецензентската комисија, им предлагаме на членовите на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување во е-библиотеката на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како рецензирана скрипта по предметот Средновековна книжевност.**

**Рецензенти**

**Д-р Добрила Миловска,** редовен професор, с.р.
**Д-р Виолета Мартиновска,** редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МЕХАНИЧКА ТЕКСТИЛНА ТЕХНОЛОГИЈА 1”**
**ОД ПРОФ. Д-Р СОЊА ЈОРДЕВА И ДОЦ. Д-Р СИЛВАНА ЖЕЖОВА,**
**ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2302-97/7 од 135. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 17.10.2022 г. година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Ацо Јаневски,** редовен професор на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
– **д-р Сашка Голомеова-Лонгурова,** доцент на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„МЕХАНИЧКА ТЕКСТИЛНА ТЕХНОЛОГИЈА 1” од д-р Соња Јордева, вонреден професор и д-р Силвана Жежова, доцент** наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**: Доставениот ракопис **„МЕХАНИЧКА ТЕКСТИЛНА ТЕХНОЛОГИЈА 1**“ е наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет, за предметот Механичка текстилна технологија 1, кој се слуша во четврти семестар, во втора година, со неделен фонд на часови 2+2+1, на студиската програма Дизајн и технологија на текстил и облека.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 190 страници (формат А4), со големина на фонтот 11 и единечен проред. Текстот содржи 209 слики и 7 табели.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според наши сознанија, ваков учебник, по обем и содржина што одговараат на предвидената наставна програма по предметот **Механичка текстилна технологија 1** на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е презентиран со предговор, вовед и три поглавја: Технолошки процеси во текстилната индустрија, Технологија на предење и Технологија на ткаење, а завршува со листа на користена литература.

Во првото поглавје ***Технолошки процеси во текстилната индустрија*** е дефиниран поимот технолошки процеси во текстилната индустрија и е дадена нивната поделбата на механички и хемиски што има за цел да ги воведе студентите во изучувањето на механичката текстилна технологија.

Во второто поглавје е обработен ***Технолошкиот процес на предење***. Поглавјето започнува со општите поими и поделба на предењето, а продолжува со технолошките постапки на изработка на преѓа-системи на предење. Следува објаснување за видовите преѓи (штапелни, филаментни, специјални или индустриски, текстурирани, високоволуминозни) и нивните карактеристики. Посебен акцент е ставен на украсните преѓи (мулине, спирална, брановидна, дијамант, јазлеста, клопчеста и шенил преѓа), начинот на нивното добивање и изгледот. Следуваат својствата на преѓите, од кои се обработени финоста, впредувањето, јачината, еластичноста и рамномерноста. Во продолжение се обработени технолошките процеси за предење на памук и волна. Шематски се прикажани и објаснети машините

кои учествуваат во процесите на предење на памук и волна. Поглавјето за технологија на предење завршува со објаснување за предење на отпадоци од свила и за предење на хемиските влакна.

Третото поглавје од ракописот се однесува на ***Технолошкиот процес на ткаење***. Во првиот дел се обработени подготвителните процеси за ткаење - премотување на преѓата, дублирање, кончење, сновење, скробење (штиркање) воведување и наврзување на основата и премотување на јатокот. Понатаму следува процесот на формирање на ткаенините на разбој. Конструкцијата на разбојот е објаснета со шематско прикажување на одделни делови и механизми. Формирањето на ткаенина е разгледано преку движењето на основата и јатокот и механизмите кои го овозможуваат.

Посебна тема од технолошкиот процес на ткаење е преплетки кај ткаенините. Во овој дел се објаснети основните, изведените и комбинираните преплетки. За секој вид преплетка се дадени слики за ткајачките шеми што го објаснуваат начинот на ткаење.

## ЗАКЛУЧОК

Квалитетот на ракописот од педагошки и научен аспект е соодветен за учебник за студенти од прв циклус студии. Материјалот во ракописот е солидно осмислен и систематизиран на оригинален начин. Изложен е на едноставен и пристапен начин и ќе им овозможи на студентите полесно да го совладаат предметниот материјал. Ракописот е напишан со лесно разбирлив стил, читлив е и технички подготвен на високо ниво. Бидејќи досега не е издаден учебник со детален опис на механичките текстилни технологии на предење и ткаење, сметаме дека издавањето на овој учебник е од голема важност за студентите.

Имајќи го предвид изложеното, на членовите на **Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ им предлагаме да го прифатат овој ракопис за објавување во е-библиотеката на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како рецензиран учебник по предметот Механичка текстилна технологија 1.**

**Рецензенти**

**Д-р Ацо Јаневски,** редовен професор, с.р.
**Доц. д-р Сашка Голомеова-Лонгурова,** с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ДЕЛОВНА ЕТИКА И КОМУНИКАЦИЈА“ (УЧЕБНИК) ОД ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДРА ЖЕЖОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП**

Со Одлука бр. **2102-180/4** од **13.9.2022** год., Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, на **277.** седница, донесе Одлука за избор на рецензенти за издавање е-учебник „Деловна етика и комуникација“ по предметот Деловна етика и комуникација.

За рецензирање на ракописот за учебник „Деловна етика и комуникација“ од авторката проф. д-р Александра Жежова се избрани следниве рецензенти:

– **д-р Драган Груевски**, редовен професор на Факултет за информатички и комуникациски технологии и
– **д-р Живко Андревски**, редовен професор во пензија, со задача да изготват и достават писмен извештај (рецензија) на ракописот „**ДЕЛОВНА ЕТИКА И КОМУНИКАЦИЈА“** од авторката **проф. д-р Александра Жежова**.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**: Ракописот за учебникот **„ДЕЛОВНА ЕТИКА И КОМУНИКАЦИЈА“** од авторката проф. д-р Александра Жежова е компатибилен со Наставната програма на предметот Деловна етика и комуникација, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на прв циклус додипломски студии.

Предметот, согласно со Наставната програма за учебната 2022/2023 година, се изучува на три студиски програми како задолжителен и изборен предмет, и тоа на студиските програми: Бизнис логистика, Бизнис администрација, Туризам.

**Податоци за обем на ракописот**: Ракописот за учебникот „ДЕЛОВНА ЕТИКА И КОМУНИКАЦИЈА“ е напишан со нормален прород, фонд Arial со македонска поддршка, големина на буквите 12, 11 и 10 и има вкупно 204 страници, во А-4 формат. Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови при што се слуша како задолжителен предмет на студиската програма: Бизнис логистика, Бизнис администрација и Туризам.

Текстот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите, а кои се однесуваат на реализација на наставните часови во рамките на наставниот предмет Деловна етика и комуникација.

Ракописот е направен според тематски содржини кои одговараат на оваа проблематика а, покрај другото, применета е и соодветна методологија, како и методски принципи кои соодветствуваат во истражувачкиот процес применлив за вакви содржини.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Авторката под наслов „Деловна комуникација“ има објавено е-скрипта и е-практикум за студените на ФТБЛ во 2018 година. Ракописот за кој се дава мислење е учебник по предметот Деловна етика и комуникација. Според тоа, потребата за објавување на поднесениот ракопис за е-учебник е според пропишаната Наставна програма по Деловна етика и комуникација и согласно интересите на студентите.

**Краток опис на содржината:** Вкупниот ракопис во обем од 204 страници, поделен е во два дела и четири поглавја. Во учебникот се цитирани 168 разновидни библиографски единици.

**Првиот дел** од учебникот е именуван ***Деловна етика***, во кој се изнесени размислувања за современата економска и деловна динамика, која бара сè поголема слобода, отвореност и либерализам на сите економски субјекти, кое подразбира висок степен на доверба, односно ја придвижува дилемата на односот помеѓу економијата и етиката. Отсуството на етичките норми во деловниот живот нанесува голема штета како на одделни компании, така и на вкупната светска економија. Поради тоа, на оваа тема ѝ се посветува сè поголемо внимание во истражувањето и едукацијата. Одредувањето на границата на деловната етика денес претставува голем предизвик за секој раководител и менаџер, како и за сите вработени. Тоа секако е прашање на лична одлука, лично доживување на одредена ситуација, интерес, потреба и мотив, прашање на личниот морален интегритет, ама и прашање на културното наследство, очекувањата и притисоците кои доаѓаат од претпријатијата и околината. Деловната етика претставува форма на поставување определени норми во работењето на компаниите, чијашто цел е професионализација во работењето. Деловната етика ги опфаќа етичките и моралните принципи, не само на вработените, туку и на менаџерските тимови во компаниите, со што се овозможува отстранување на можни проблеми кои би се појавиле во бизнис околината. Постојат многу причини зошто деловната етика може да се смета за сè поважна област на истражување, како за студентите заинтересирани да ја изучуваат оваа област, но и за менаџерите кои сакаат да ги подобрат своите вештини за донесување на одлуки. Сепак, деловната етика во наредните години ќе треба да посвети посебно внимание не само на сложеноста на специфичните технолошки иновации, туку и на колективното влијание врз целта и културата на бизнисот, како и нивните заедници. Деловната етика во моментов е многу реномирана деловна тема, а дискусиите и дилемите околу неа привлекуваат огромно внимание од различни засегнати страни. Имено, се чини дека потрошувачите во однос на компаниите сè повеќе како да бараат етички начини за водење бизнис. Медиумите, исто така, се чини дека постојано го задржуваат своето внимание на корпоративните злоупотреби и пропусти од сите други видови. Етичките прашања се соочуваат со организациите, без оглед на нивната деловна активност. Ретко може етичкото или неетичкото дејствување на фирмите да им биде припишано единствено на личните вредности на еден менаџер. Вредностите присвоени во организацијата се многу важни, особено кога разбираме дека повеќето луѓе се на второто ниво од моралниот развој што значи дека тие веруваат дека нивна должност е да ги остваруваат должностите и очекувањата од другите.

Сепак, деловната етика во наредните години ќе треба да посвети посебно внимание не само на сложеноста на специфичните технолошки иновации, туку и на колективното влијание врз целта и културата на бизнисот, како и нивните заедници. На крајот поглавјето завршува со практична и корисна за студентите дидактичка апаратура за проверка на наученото. Така, потсетувањето или проверката ја сочинуваат три дела, и тоа: клучни зборови на темата, краток преглед на темата и поголем број прашања за дискусија.

Вториот дел од учебникот е именуван ***Деловна комуникација***. Овој дел зафаќа обем од 76 страници. Материјалот во овој дел е поделен во четири поглавја.

Во првото поглавје ***Поим и видови комуникации*** се изнесени теоретски тврдења за процесот на комуникација, кој претставува функционален и неминовен предуслов за секој општествен систем и најзначаен базичен општествен процес, размена на знаења помеѓу луѓето, размена на идеи и искуства помеѓу поединците или соопштување на информации на други лица за предметите и појавите. Ефективната комуникација е комплексен процес кој претпоставува различни стратегии за реагирање во различни ситуации. Комуницирањето се остварува на различни нивоа. Секое од овие нивоа зазема различна позиција во секојдневните интеракции на луѓето, поаѓајќи од различни ситуации. Наведени се четири нивоа на комуникација: интраперсонално, интерперсонално, организациско и јавно. Сите тие ја отсликуваат комплексноста која е детерминанта на комуникацијата како поим и процес. Нејзиното дефинирање, проучување и анализирање ја продлабочуваат нејзината важност. Комуницирањето во општеството се одвива како сложен процес, чии ефекти се остваруваат во човековата свест. Сложеноста се согледува и во организациите. Како значајни фактори се истакнуваат процесите на социјализација, влијанието на ставовите, мислењата. Денес на интернет може да се најдат многубројни информации за стопанските

сектори, за организациите и за занимањата. Во овој дел, осврт е даден и на ефективната комуникација, со акцент на процесот на слушање, бариерите за ефективно слушање, како и прашањата како составен дел од добрата комуникација

Во второто поглавје ***Убедувањето како стратегија на интерперсоналното комуницирање*** е изнесено како специфична карактеристика на интерперсоналната комуникација, а тоа е и намерата на најмалку еден од комуникаторите да ги промени мислењата, чувствата или однесувањата барем на некоја друга личност. Интерперсоналната персуазија или убедување подразбира планирани и извежбани однесувања, одбрани така што тие можат да влијаат на некаква промена на другата личност. Кога станува збор за „моќта на убедувањето“ е потребно да се издвојат најважните елементи што ги содржи, а тоа се: изгледот, стручноста, разбирањето, сигурноста во себе, реторичко претставување, симпатичност, способност за искажување на чувства и аргументи, доверба и веродостојност. Во овој дел се наведени правилата за убедливо аргументирање, техниките на убедување, убедувањето во рекламирањето, принципи на убедување и промена на мислењето на потрошувачите. Даден е осврт на теориите на двоен процес на убедување, стратегии за привлекување внимание.

Третото поглавје ***Групно комуницирање*** е со посебен осврт на организациското комуницирање. Комбинацијата на глобализацијата во подем, конкуренцијата и широко распространетите иновации во информатичката технологија, ги нагласува можностите за и потребата од виртуелни тимови. Сѐ со цел да ги извршуваат потребните активности на ефикасен и ефективен начин, организациската комуникација вклучува интеракција помеѓу поединците и групите во организацијата. Се употребува за воспоставување на организациските филозофии и вредности, охрабрување тимска работа и развивање на цврсти врски помеѓу членовите на организацијата.

Организациската комуникација, од една страна, влијае на работењето на организацијата, односно во извршувањето на работните активности и остварувањето на целите, а истовремено претставува одраз на организациската култура и клима. Така, прифаќањето на важноста на организациската комуникација е од суштинско значење за успехот на секој вид организација, независно дали се работи за мала или голема организација. Неминовен дел од работењето на една организација е интервјуто, кое се дефинира, се наведуваат правилата и текот на интервјуто. Особено значење се посветува на невербалната комуникација и нејзините функции во процесот на комуникација, дистанцата на комуницирање (интимна, лична, социјална и јавна зона). Комуникациските вештини често не се сфаќаат сериозно, но тие можеби се најважните аспекти на ефективните менаџери и вработените. Токму преку комуникацијата, менаџерите и вработените разменуваат идеи, мислења и ресурси. За да бидат успешни во комуникацијата, менаџерите и вработените мора да бидат свесни за себе и за луѓето со кои се обидуваат да воспостават комуникација. Во делот *Односи со вработените* го претставуваат оној аспект од областа на човечките ресурси што има цел да понуди проактивно управување со односите со вработените, при што намерата е да се минимизира ризикот од конфликт, а да се максимизира нивото на ангажираност и посветеност на вработените.

Во четвртото поглавје ***Преговорите како дел од деловната комуникација*** се дефинира преговарањето како процес на комуницирање, чија основна цел е донесување на заеднички одлуки. Целта на преговарањето е усогласување на активностите на преговарачките страни, размена на информации и комуникација за деталите во смисла постигнување на деловни договори. Преговарањето во основа е комуникациски проблем, дијалог помеѓу преговарачките страни, сѐ со цел да се изнајде решение кое е прифатливо или најдобро и за двете страни. Од овде, комуникациските процеси се клучни за остварување на целите на преговарањето и решавањето на конфликти. Комуницирањето во контекстот на преговарање е процес во кој преговарачите ги изнесуваат своите интереси, позиции и цели. На темата *Презентации* се дадени насоки за подготовка на успешна презентација.

Учебникот завршува со поширока библиографија на користена и консултирана литература од домашни и странски автори, во обем од 168 библиографски единици распоредени во 5 страници.

**З А К Л У Ч О К**

Учебникот „ДЕЛОВНА ЕТИКА И КОМУНИКАЦИЈА“ од авторката проф. д-р Александра Жежова претставува стручна публикација која ги опфаќа најголемиот број елементи и компоненти во истражувачкиот, едукативниот и наставно-образовниот сегмент во делот на деловната комуникација. Разработените содржини се во согласност со Наставната програма на предметот Деловна етика и комуникација, што го изучуваат студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на студиските програми: Бизнис логистика, Бизнис администрација, Туризам.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање е-учебник пропишан според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Учебникот е напишан во мошне разбирлив стил за скоро сите видови читатели, а најмногу за оние коишто се занимаваат со истражување и изучување на деловната комуникација. Според тоа таа, покрај за широката читачка популација, најмногу може да користи и за студентите од Факултетите за туризам и угостителство, особено на насоката Бизнис администрација и бизнис логистика, како и за сите оние коишто се занимаваат со туризам, хотелиерство и сл.

**Рецензентската комисија предлага ракописот „Деловна етика и комуникација“ од авторката проф. д-р Александра Жежова да биде издаден како е-учебник за потребите на студентите на прв циклус - додипломски студии на студиските програми: Бизнис логистика, Бизнис администрација, Туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.**

**Рецензенти**

**Д-р Драган Груевски, *редовен професор*,**
Факултет за информатички и комуникациски технологии,
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, с.р.
**Д-р Живко Андревски, *редовен професор*** *во пензија, с.р.*

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „СИНТАКСА НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК 1 –РЕЦЕНЗИРАН ПРАКТИКУМ” ОД ДОЦ. Д-Р САШКА ЈОВАНОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1902-126/18 од 251. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 30.8.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Нина Даскаловска,** редовен професор, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип;
– **д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска,** доцент, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„Синтакса на англискиот јазик 1 – рецензиран практикум”** од **доцент д-р Сашка Јовановска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов **„Синтакса на англискиот јазик 1 – рецензиран практикум”** од авторката **доцент д-р Сашка Јовановска** е пишуван според Наставниот план и програма за предметот Синтакса на англискиот јазик 1. Овој предмет се изучува како задолжителен предмет на студиите од прв циклус на студиските програми Англиски јазик и книжевност, наставна и преведувачка насока, на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во трета година, петти семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1 и се вреднува со 6 кредити. Предложениот ракопис е во согласност со Наставната програма и во најголем обем ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет. Ракописот е наменет како дополнување на основната литература во изучувањето на наставните содржини по предметот Синтакса на англискиот јазик 1. Тој содржи вежби и активности кои ќе им помогнат на студентите полесно да ги разберат и усвојат содржините во литературата што се користи за овој предмет и да развијат поголема интуиција за структурата на речениците во англискиот јазик. Практикумот се надополнува на секој наслов од скриптата насловена „Синтакса на англискиот јазик 1 – рецензирана скрипта”. Тоа значи дека скриптата и практикумот одат заедно во сет, а улогата на практикумот е преку одговарање на прашањата и задачите веднаш да се провери и да се вреднува новостекнатото знаење. Според обемот и содржината, а и според бројот на часовите за предметот Синтакса на англискиот јазик 1, овој практикум ги задоволува сите услови предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на англиски јазик во А4 формат, фонт Ариал, големина на букви 11. Текстот содржи 72 страници и е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовката на неговиот практичен дел. Ракописот содржи 13 поглавја кои одговараат на поглавјата и содржините во предметната литература. Ракописот целосно ги исполнува одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Ракописот претставува квалитетен труд кој е од особена важност за едукацијата на идните изучувачи на англиски јазик. **Иако постојат вакви ракописи,** овој ракопис е напишан на оригинален начин и во

него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа што се обработува, како и систематизирање на знаењата од областа за идните наставници и преведувачи по англиски јазик и книжевност.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е наменет за студентите од Филолошки факултет – наставна и преведувачка насока и како ракопис и наставен предмет има значајно место и улога за запознавање на студентите со структурата на англиската реченица, како и анализа на англиската реченица. Текстот во практикумот се состои од 13 поглавја: I. Introductory exercises (Воведни вежби), 1. Sentence structure: constituents, communicative functions and typical patterns (Структура на реченица: реченични членови, комуникативни функции и типични реченични конструкции); 2. Sentence structure: functions (Видови реченици според нивната структура); 3. Types of verbs I: auxiliary VPS (Видови на глаголи I: Помошни глаголи); 4. Types of verbs II: constructions that depend on auxiliaries (Видови на глаголи II: конструкции кои зависат од помошните глаголи); 5. Word classes – lexical categories (Зборовни групи: лексички категории); 6. Word classes- grammatical categories (Зборовни групи: граматички категории); 7.The structure of Noun phrases (Структура на именските фрази); 8. Adverb phrases (AdvP), Verb phrases (VP), Adjective phrases (AdjP), Prepositional phrases (PP) (глаголски фрази (VP), придавски фрази (AdjP), прилошки фрази (AdvP), предлошки фрази (PP)); 9. Sentence constituents realised as clauses: subjects, objects and attributes (Реченични конституенти изразени како дел-реченици: подмет, предмет, додатоци); 10. Finite and non-finite clauses (Дел-реченици со лични и со безлични глаголи); 11. Non-canonical sentences (Неканонични реченици) и 12. How to analyse sentences at all levels (Анализа на речениците на сите нивоа).

Првото поглавје *Introductory exercises (Воведни вежби)* има за цел да ги воведе студентите во предметот и да им овозможи да ги повторат оние работи кои веќе ги поминале во текот на своето студирање, а кои се релевантни за предметот. Насловните поглавја содржат вежби кои се поврзани со материјалот што се работи во предметната литература. Во секое поглавје има вежби од неколку вида кои постепено ги оспособуваат студентите за самостојна анализа. Еден дел од вежбите имаат за цел да ги наведат студентите самостојно да ги поминат содржините во скриптата и да им овозможат да ги извлечат релевантните информации од нив. Други вежби им овозможуваат да ги класифицираат информациите и да ги применат во ситуации кои се делумно објаснети. Третиот тип вежби им овозможуваат на студентите сосема самостојно да ги вршат анализите и да станат независни во определувањето, анализата и креирањето на структурите на различни нивоа во синтаксичкиот систем на англискиот јазик.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на горенаведените факти, Рецензентската комисија констатира дека ракописот со наслов **„Синтакса на англискиот јазик 1 – рецензиран практикум"** од **доцент д-р Сашка Јовановска** е напишан според наставната содржина предвидена за предметот Синтакса на англискиот јазик 1 на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секое поглавје односно видот на прашањата/вежбите/активностите обезбедуваат успешно следење и совладување на теоретскиот дел од наставната дисциплина за која е наменет. Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронски практикум според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисија му предлага на **Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ракописот со наслов „Синтакса на англискиот јазик 1 – рецензиран практикум" од автор доцент д-р Сашка Јовановска да го прифати за објавување како рецензиран електронски практикум.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Нина Даскаловска,** редовен професор, с.р.
**Д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска,** доцент, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ФОНЕТИКА И ФОНОЛОГИЈА НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК" ОД ДОЦ. Д-Р НАТКА ЈАНКОВА-АЛАЃОЗОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1902-126/19 од 251. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 30.8.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Нина Даскаловска**, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
– **Сашка Јовановска**, доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Практикум по фонетика и фонологија на англискиот јазик**" од **доц. д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот од **доц. д-р Натка Јанкова Алаѓозовска со наслов „Практикум по фонетика и фонологија на англискиот јазик"** е понуден како учебно помагало за објавување во електронска форма на веб-страницата на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Овој пишан материјал се однесува на предметите Фонетика и Фонологија на англискиот јазик и е наменет за потребите на студентите на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, каде што се изучуваат овие предмети на почетокот на студиите како задолжителни предмети во прв и втор семестар, со фонд на часови 3+2+1 во прв семестар и 2+2+1 во вториот семестар.

**Податоци за обемот на ракописот:** Овој материјал е напишан во согласност со програмата за предметите Фонетика и Фонологија на англискиот јазик и содржи 49 страници, во А4 формат, распределени во поглавја и потпоглавја кои ги содржат најважните сегменти од областа на фонетиката и фонологијата, чија главна цел е преку практични вежби и теоретски прашања да го збогати фондот на зборови на студентите и да развие способност за правилен изговор на гласовниот систем на англискиот јазик главно преку увежбување на фонетската транскрипција.

До сега не е објавен сличен или ист наслов од областа фонетика и фонологија, со што се потврдува потребата да се објави материјалот.

**Краток опис на содржината:** Практикумот се состои од два дела посветени на фонетиката и фонологијата и е напишан во согласност со рецензираната скрипта со наслов „Фонетика и фонологија на англискиот јазик", следејќи го истиот концепт. Започнува со основни прашања поврзани со јазикот и пишувањето со давање осврт и паралела со македонскиот јазик како различен гласовен систем преку практични примери и пополнување табели. Следниот дел е посветен на говорните органи, каде што преку текстови, слики и табели се увежбуваат имињата и транскрипцијата на говорните органи. Понатаму следат теоретски прашања поврзани со разликите помеѓу фонетиката и фонологијата и другите науки. Петтата тема е посветена на методи и техники на проучување во фонетиката каде преку практични примери, слики и текстови за пополнување се разграничуваат методите за фонетски истражувања и мерења. Следните две теми се посветени на фонемите и алофоните како гласовни сегменти, каде што повторно преку практични примери и вежби се совладуваат овие видови сегменти. Во следниот дел од

практикумот следи детално запознавање со фонетската азбука на англискиот јазик, со практични вежби за размислување и давање примери и завршува со пополнување табели за различните класификации на гласовите во англискиот јазик.

Вториот дел е посветен главно на фонолошките единици каде што се среќаваат практични вежби за поделба на зборовите на слогови, видови акцент, интонација и различните варијации на англискиот јазик. Повторно преку практични примери, пишување на текстови преку фонетски транскрипции, се доаѓа до последната тема во која се прави паралела на системот на транскрипција и изговорот.

**З А К Л У Ч О К**

Трудот на доц. д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска со наслов „**Практикум по фонетика и фонологија на англискиот јазик**" претставува солидно учебно помагало во кое се споменува важноста на изучувањето на правилниот изговор. Многу е важно преку овој курс студентите да го подобрат својот изговор, да ги научат фонетските и фонолошките процеси како и различните варијации на англискиот јазик за да знаат да изберат која варијација најмногу им лежи и ќе ја користат во иднина.

Рецензентската комисија заклучува дека овој труд на доц. д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска во целост ги исполнува критериумите за објавување. Затоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување во е-библиотеката на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип насловен како „Практикум по фонетика и фонологија на англискиот јазик".**

**Рецензенти**

**Д-р Нина Даскаловска**, редовен професор, с.р.
**Д-р Сашка Јовановска**, доцент, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „СИНТАКСА НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК 1 –РЕЦЕНЗИРАНА СКРИПТА” ОД ДОЦ. Д-Р САШКА ЈОВАНОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1902-126/17 од 251. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 30.8.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Нина Даскаловска,** редовен професор, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
– **д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска,** доцент, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„Синтакса на англискиот јазик 1 – рецензирана скрипта”** од **доцент д-р Сашка Јовановска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов **„Синтакса на англискиот јазик 1 – рецензирана скрипта”** од авторката **доцент д-р Сашка Јовановска** е пишуван според Наставниот план и програма за предметот Синтакса на англискиот јазик 1. Овој предмет се изучува како задолжителен предмет на студиите од прв циклус на студиските програми Англиски јазик и книжевност, наставна и преведувачка насока, на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во трета година, петти семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1 и се вреднува со 6 кредити. Предложениот ракопис е во согласност со Наставната програма и во најголем обем ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет. Изборот на содржината на материјалот во оваа скрипта претставува сигурна основа за добра подготовка на структурата на англиската реченица како и вовед за успешна анализа на англиската реченица. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на англиски јазик во А4 формат, фонт Ариал, големина на букви 11. Текстот содржи 131 страница и е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет. Ракописот содржи 12 поглавја кои одговараат на поглавјата и содржините во предметната литература. Ракописот целосно ги исполнува одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Скрипта што обработува иста содржина за реализација на часовите по предметот Синтакса на англискиот јазик 1 на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип досега не е објавена. Содржината претставена во ова учебно помагало, помалку или повеќе, е застапена и во некои други учебни помагала од областа на синтакса на англискиот јазик, објавени на англиски јазик, меѓутоа како целина и начин на обработка на материјата, скриптата е индивидуална творба.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е наменет за студентите од Филолошки факултет – наставна и преведувачка насока и како ракопис и наставен предмет има значајно

место и улога за запознавање на студентите со структурата на англиската реченица, како и анализа на англиската реченица. Текстот во скриптата се состои од 12 поглавја: 1. Sentence structure: constituents, communicative functions and typical patterns (Структура на реченица: реченични членови, комуникативни функции и типични реченични конструкции); 2. Sentence structure: functions (Видови реченици според нивната структура); 3. Types of verbs I: auxiliary VPS (Видови на глаголи I: Помошни глаголи); 4. Types of verbs II: constructions that depend on auxiliaries (Видови на глаголи II: конструкции кои зависат од помошните глаголи); 5. Word classes – lexical categories (Зборовни групи: лексички категории); 6. Word classes- grammatical categories (Зборовни групи: граматички категории); 7.The structure of Noun phrases (Структура на именските фрази); 8. Adverb phrases (AdvP), Verb phrases (VP), Adjective phrases (AdjP), Prepositional phrases (PP) (глаголски фрази (VP), придавски фрази (AdjP), прилошки фрази (AdvP), предлошки фрази (PP)); 9. Sentence constituents realised as clauses: subjects, objects and attributes (Реченични конституенти изразени како дел-реченици: подмет, предмет, додатоци); 10. Finite and non-finite clauses (Дел-реченици со лични и со безлични глаголи); 11. Non-canonical sentences (Неканонични реченици) и 12. How to analyse sentences at all levels (Анализа на речениците на сите нивоа).

Според содржината на предметната програма во првите две теми *Структура на реченица: реченични членови, комуникативни функции и типичните реченични конструкции и Видови реченици според нивната структура* се објаснува структурата на англиската реченица, воведните општи определби за реченицата и се врши подготовка за натамошна детална анализа на реченицата. Во третата и четвртата тема *Видови на глаголи I: Помошни глаголи и Видови на глаголи II: конструкции кои зависат од помошните глаголи* фокус на објаснување се глаголите и глаголските дејствија, посебно акцент е ставен на помошните и лексичките глаголи. *Јазичните групи: лексички и граматички категории* се обработени во тема 5 и 6. *Именска фраза (NP), глаголска фраза (VP), придавска фраза (AdjP), прилошка фраза (AdvP), предлошка фраза (PP)* се детално објаснети во темите 7 и 8, каде се даваат повеќе детали за одредени аспекти на структурата на простите реченици. Темите од 9-12 односно, *Реченични конституенти изразени со дел- реченици: подмет, предмет, додатоци; Дел-реченици со лични и со безлични глаголи; Неканонични реченици и Анализа на речениците на сите нивоа* се занимаваат со објаснување на различни видови на дел – реченицата(те) во сложената реченица. Сите поглавја се поврзани со материјалот претставен во предметната литература и е со цел постепено да ги поттикне студентите за независна, самостојна анализа на реченицата.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на горенаведените факти, Рецензентската комисија констатира дека ракописот со наслов **„Синтакса на англискиот јазик 1 – рецензирана скрипта"** од **доцент д-р Сашка Јовановска** е напишан според наставната содржина предвидена за предметот Синтакса на англискиот јазик 1 на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секое поглавје ќе обезбедат успешно следење и совладување на теоретскиот дел од наставната дисциплина за која е наменет и успешна подготовка за практичниот дел од испитот по предметот. Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронска скрипта според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисија му предлага на **Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ракописот со наслов „Синтакса на англискиот јазик 1 – рецензирана скрипта" од автор доцент д-р Сашка Јовановска да го прифати за објавување како рецензирана електронска скрипта.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Нина Даскаловска,** редовен професор, с.р.
**Д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска,** доцент, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ФОНЕТИКА И ФОНОЛОГИЈА НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК”**
**ОД ДОЦ. Д-Р НАТКА ЈАНКОВА-АЛАЃОЗОВСКА,**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1902-126/19 од 251. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 30.8.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Нина Даскаловска**, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
– **д-р Сашка Јовановска**, доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Фонетика и фонологија на англискиот јазик**” од **доц. д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот од **доц. д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска со наслов „Фонетика и фонологија на англискиот јазик“** е понуден како учебно помагало за објавување во електронска форма на веб-страницата на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Овој пишан материјал се однесува на предметите Фонетика и Фонологија на англискиот јазик и е наменет за потребите на студентите на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, кои ги изучуваат овие предмети на почетокот на своите студии како задолжителни предмети во прв и втор семестар со фонд на часови 3+2+1.

**Податоци за обемот на ракописот:** Оваа скрипта е напишана во согласност со програмата за предметите Фонетика и Фонологија на англискиот јазик и содржи 87 страници, во А4 формат, распределени во поглавја и потпоглавја, со теоретски осврт на најважните сегменти од областа на фонетиката и фонологијата, чија главна цел е да им го збогати фондот на зборови на студентите и развивање способност за правилен изговор на гласовниот систем на англискиот јазик.

**До сега не е објавен сличен или ист наслов** од областа фонетика и фонологија, со што се потврдува потребата да се објави материјалот.

**Краток опис на содржината:** Скриптата се состои од два дела и започнува со вовед во фонетиката. Во оваа глава се зборува за основните цели на изучувањето на фонетиката и започнува со говорниот процес. Следниот дел е посветен на говорните органи, детално објаснување за истите и важноста на говорните органи. Скриптата продолжува со детали за зборовниот систем. Следната тема е посветена на разликите помеѓу фонетиката и фонологијата, како и нивната поврзаност со другите науки. Петтата тема е посветена на методи и техники на проучување во фонетиката каде што има детално објаснување за технологијата која се користела порано и денес за фонетски истражувања и мерења. Следните две теми се посветени на фонемите и алофоните, како гласовни сегменти и начини за разликување на истите. Понатаму следи детално запознавање со фонетската азбука во англискиот јазик, со некои придружни кратки вежби за размислување и завршува со различните класификации на гласовите во англискиот јазик.

Вториот дел е посветен главно на фонолошките единици чија цел е да ги продлабочи способностите на студентите за правилен изговор на гласовниот систем на едно понапредно

ниво, усвојување на разликите на различните говорни подрачја, усвојување на основните фонетски класи и основни граматички и фонетски структури во англискиот јазик. Она што е опишано во делот посветен на фонологијата се понатамошните принципи на правописот и правоговорот на англискиот стандарден јазик. Се зборува за физиолошката фонетика и класификација на самогласките и согласките од физиолошка гледна точка. Материјалот продолжува со позиционални и комбинирани промени на гласовите, како и стилистичка вредност на фонетските единици. Она што е многу важно во овој дел се темите за акцент, интонација и на разликите на основната поделба на изговорот во Британија, САД и Австралија.

На крајот, покрај кратката биографија на авторката, приложена е и користената литература која е користена при изработката на оваа рецензирана скрипта.

**З А К Л У Ч О К**

Трудот на доц. д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска со наслов „**Фонетика и фонологија на англискиот јазик**“ претставува солидно учебно помагало во кое се споменува важноста на изучувањето на правилниот изговор. Зборувањето странски јазик е прашање на целосно оформена навика за изговор која е под влијание на мајчиниот јазик. Како резултат на тоа многу често се случува да се слуша странскиот јазик преку „филтерот“ на мајчиниот јазик и неговиот гласовен систем. За да се избегне лошиот изговор, изучувачите на англискиот јазик мора да го слушаат и изучуваат странскиот јазик како таков наместо да се прави паралела со мајчиниот јазик. Со други зборови, зборувањето англиски јазик не може да биде продуктивно без добриот изговор.

Рецензентската комисија заклучува дека овој труд на доц. д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска во целост ги исполнува критериумите за објавување. Затоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување во е-библиотеката на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како рецензирана скрипта за предметите фонетика и фонологија на англискиот јазик.**

**Рецензенти**

**Д-р Нина Даскаловска**, редовен професор, с.р.
**Д-р Сашка Јовановска**, доцент, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „НАЦИИ И НАЦИОНАЛИЗАМ“**
**ОД ПРОФ. Д-Р СТРАШКО СТОЈАНОВСКИ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-146/22 од 232. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 18.10.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Јован Ананиев,** редовен професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
– **д-р Јадранка Денкова,** редовен професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов **„Нации и национализам“** од авторот **д-р Страшко Стојановски**, редовен професор, наменет за студентите на втор циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Нации и национализам“ од авторот проф. д-р Страшко Стојановски е наменет за студентите на втор циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Учебникот е пишуван според наставниот план и содржини по предметот Социологија на правото, кој се слуша во прва година на студии, наменет за студентите од студиската програма Демократски институции и човекови права, со 6 ЕКТС кредити и број на часови 2+2+1. Преку овој ракопис студентите ќе може да добијат основни сознанија, искуства и практични вештини потребни за совладување на предметната материја за реализација на наставните содржини по соодветната наставна програма.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање во вид на е-учебник по предметот Нации и национализам, е претставен од вкупно 293 страници текстуален материјал, надополнет со табели, графикони и прилози. Трудот е пишуван со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за електронски учебник и кореспондира со бројот на часови по предметот Нации и национализам за студентите на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот е напишан на едноставен и разбирлив јазик, со јасна стручна терминологија, прифатлив за студентите. Трудот, според содржината и начинот на обработка, претставува дело во кое на оригинален начин е опфатена комплексноста на проблематиката поврзана со идентитетот, етничките групи, нациите и национализмот. Трудот претставува оригинален научен опус со кој се доловува наставната содржина за реализација на соодветните предметни активности. Во досегашното издаваштво на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип не е објавен друг учебник кој ја третира ваквата наставна проблематика.

**Краток опис на содржината:** Учебникот „Нации и национализам“ од проф. д-р Страшко Стојановски е структуриран во повеќе поглавја кои се однесуваат на основните карактеристики за потеклото на нациите, национализмот и идентитетот

воопшто, дефинирањето на етничката припадност, теоретските основи на нациите и национализмот, создавањето на современите нации на просторите на југоисточна Европа, како и создавањето на македонскиот идентитет и нација. Дополнително се прави краток осврт на одредени карактеристики на групната припадност и идентификација, како што е религијата, јазикот, културата и колективната свест како основа за современите национални идентитети. Државно-правниот статус и концептот на нација-држава, репрезентирани преку институционалната рамка на образовните системи е клучен елемент за градење на колективна лојалност и групна идентификација како и маркерите на себеидентификација и општествена категоризација вообличена во политиките на признавањето.

Во првиот дел се опфатени основните теоретски постулати на создавањето на нациите и национализмите. Во овој дел се поместени идеите за суверенитетот и создавањето на современите држави. Исто така, поместени се основните теоретски гледишта за нациите како примордијални, перенијални, етно-симболистички и модерни конструкти. Генезата на нациите препознава два доминантни модела на препознавање и формирање. Првиот се однесува на територијално-политичките основи на нациите вообличени во францускиот модел, најдобро репрезентиран преку концептот на граѓанството и примерот на нацијата и национализмот во САД, додека етно-јазичните основи на нацијата се претставени преку идејата за една јазична и културолошка целина, која може да се забележи кај германскиот национален модел. Во овој дел се поместува и познатата дебата за потеклото и генезата на нациите помеѓу Ентони Д. Смит и Ернест Гелнер. Првиот го застапува етно-симболизмот како основа за потеклото на нациите, додека вториот се поврзува со модернизмот и перцепцијата дека нацијата е модерен конструкт на државата и нејзините институции.

Во вториот дел се разработуваат примерите на појавата на нациите и национализмите на Балканот, во прв ред во рамките на доцноосманлискиот институционален и културолошки простор. Нацијата е природна надградба на либералниот начин на градење на реалноста како придобивка на просветителството и Француската револуција од 1789 година. Идејата за националното будење е поврзана со желбата за градење на сопствени нации-држави, кои подеднакво се производ на модерните идеолошки придобивки, воспоставувањето на концептот на граѓанство во формално-правна смисла, глобалните геополитички поместувања на 19 век, како и внатрешната криза во Османлиската Империја. Основниот фундамент на кој се темели нацијата на младите балкански народи се бара во административно-религиската поделба во рамките на Османлиската Империја и желбите на големите сили да го наметнат своето влијание во регионот. Се разбира, во овој дел се разработуваат и партикуларните специфики на одредени национални модели, како што се грчкиот, српскиот, бугарскиот или албанскиот пример.

Во третиот дел од овој учебник авторот ги проследува општите фундаменти на формирањето на македонската нација и национален идентитет во 19 и почетоците на 20 век. Како и кај останатите национални примери, македонската нација е втемелена на милетскиот систем на религиска идентификација, подоцна надграден со јазично-културните специфики и протоинституционалното делување на македонското револуционерно движење. Посебноста е поврзана со идејата за градење на солидарност базирана на околностите во кои се наоѓа македонскиот народ, но и пречките предизвикани од делувањето на соседните балкански пропаганди. Негирањето и теоријата на виктемизација се подеднакво значајни, но не и уникатни кај македонскиот пример. Авторот јасно препознава фази и етапи во развојот на идејата за национална посебност. Дел се општа карактеристика која можеме да ја најдеме и кај останатите нации-држави во регионот, додека дел се уникатна специфика произлезена од специфичноста на околностите во кои се наоѓа населението.

## З А К Л У Ч О К

Материјата обработена во ракописот на учебникот со наслов „**НАЦИИ И НАЦИОНАЛИЗАМ**“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот предвидена за студентите на втор циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Материјата е презентирана со јасен, студиозен, стручно-методолошки пристап и низ бројни табеларни и графички примери. Во разработка на поставените теми во трудот, авторот со прилично разбирлив и стручен академски стил на пишување на вакви наставни градива пристапува кон структурирање на проблематиката и користениот материјал во конечното обликување на трудот што е пред нас. Со нагласена академска прецизност авторот ги дефинира и презентира заклучоците до кои доаѓа при истражувањето во оваа област. Поради ваквиот стил и модел на презентираниот материјал се очекува студентите без тешкотија да ја совладаат оваа материја.

Од горенаведеното, Комисијата констатира дека ракописот целосно ги оправдува и задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензиран електронски учебник.

Поради тоа, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ракописот „НАЦИИ И НАЦИОНАЛИЗАМ” од проф. д-р Страшко Стојановски да биде издаден како електронски учебник за студентите на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.**

**Рецензенти**

**Д-р Јован Ананиев,** редовен професор, с.р.
**Д-р Јадранка Денкова,** редовен професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2**

| | Одлука | Тема | Ментори | Студент |
|---|---|---|---|---|
| **ФМН** | 0206-586/2 од 29.9.2022 г. | „Орални промени кај пациенти на хроничен хемодијализен програм“/ „Oral Manifestations in Hemodialysis Patients“ | проф. д-р Миле Царчев, интерен ментор<br><br>проф. д-р Мирјана Поповска-Спасовска, екстерен ментор | Емилија Рамбабова |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| **МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА** | Развојните фази на фолклорните ансамбли во Кавадарци | 1402-103/9 од 8.11.2022 год. | Проф. д-р Владимир Јаневски | Методи Глигоров |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | Мерки за обезбедување присуство на лица во кривичната постапка низ праксата на ОС Струмица во периодот од 2015 до 2021 год. | 1102-152/10 од 9.11.2022 год. | Вон. проф. д-р Олга Кошевалиска | Соња Ефтимовска |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | Преваленција и социодемографски карактеристики на болни со шизофренија во ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје” во период 2019-2022 год. | 2002-296/12 од 4.11.2022 год. | Проф. д-р Ленче Милошева | Сузана Шабани |

**Исправка на техничка грешка**

Во „Универзитетски билтен“ број 309 од 1.11.2022 год. на страница 15 во насловот за избор на наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област наместо „хирургија“ треба да стои „торакална хирургија“. Во првиот дел од рефератот, исто така, наместо „хирургија“ треба да стои „торакална хирургија“.

Во реченицата каде е напишано во кои весници е објавен Конкурсот наместо „Нова Македонија“ треба да стои „Слободен печат“.

Факултет за медицински науки
Декан,
**проф. д-р Милка Здравковска,** с.р.